

# Годишен извештај за работа за 2020 година на АД МЕПСО

**Февруари,**
**2021 година**

# СОДРЖИНА


ПОДРУЖНИЦА ОЕПС 4

ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ПОКАЗАТЕЛИ 4

КОЛИЧИНИ НА ВЛЕЗЕНА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО ПРЕНОСНАТА МРЕЖА 4
КОЛИЧИНИ НА ПРЕДАДЕНА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПО КОРИСНИК НА ЕЛЕКТРОПРЕНОСНАТА МРЕЖА ВО ТОЧКИТЕ НА ИСПОРАКА 4
ТЕХНИЧКИ ЗАГУБИ ВО ЕЛЕКТРОПРЕНОСНАТА МРЕЖА 5
БАЛАНСЕН МЕХАНИЗАМ 5
ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ 6
ITC (INTER TSO COMPENSATION MECHANISM) 6
ПРЕГЛЕДИ НА ПРЕНЕСЕНА И ФАКТУРИРАНА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА 2020 ГОДИНА 6
ПРЕГЛЕДИ НА ДЕБАЛАНСИТЕ НА БАЛАНСНО ОДГОВОРНИТЕ СТРАНИ И ФАКТУРИТЕ ЗА НАДОМЕСТ ЗА ДЕБАЛАНСИТЕ ЗА 2020 ГОДИНА 6
ПРЕГЛЕД НА НАДОМЕСТ ВО СЛУЧАЈ НА ЗАГУШУВАЊЕ ОД АЛОКАЦИЈА НА ПРЕКУГРАНИЧНИ ПРЕНОСНИ КАПАЦИТЕТИ И ВО 2020 ГОДИНА 7
ПРЕГЛЕД НА ИСКЛУЧУВАЊАТА НА ЕЛЕМЕНТИ ОД ЕЛЕКТРОПРЕНОСНАТА МРЕЖА 7

ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ВО ПОДРУЖНИЦАТА ОЕПС ВО 2020 ГОДИНА 8

ЗАШТИТА НА ОБЈЕКТИТЕ И СРЕДСТВАТА ЗА УПРАВУВАЊЕТО СО ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИОТ СИСТЕМ ОД НАДВОРЕШНИ ВЛИЈАНИЈА И ХАВАРИИ И НИВНО ОСИГУРУВАЊЕ 8
ОБУКА И СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ЗАРАДИ СИГУРНО, БЕЗБЕДНО И КВАЛИТЕТНО УПРАВУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИОТ СИСТЕМ 9
РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО ОДДЕЛОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЕПС ВО 2020 ГОДИНА 9
РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО ОДДЕЛОТ ЗА ТИ ВО 2020 ГОДИНА 12
ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РЕМОНТИ НА ПРОИЗВОДНИТЕ И ПРЕНОСНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ВО СОСТАВ НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИОТ СИСТЕМ, ВО 2020 ГОДИНА 20
СОСТОЈБА СО КАДРОВСКА ЕКИПИРАНОСТ 20
РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОБВРСКАТА ЗА ИНФОРМИРАЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПРЕНОСНАТА МРЕЖА И ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА УСЛУГАТА 21

ПОДРУЖНИЦА ОПМ 59

ОДДЕЛ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА, ОДРЖУВАЊЕ И ИСПИТУВАЊЕ ТС 59

СЛУЖБА ЗА ОДРЖУВАЊЕ ТС 59
СЛУЖБА ЗА ИСПИТУВАЊЕ ТС 65
СЛУЖБА ЗА AC/DC СИСТЕМИ И СЕКУНДАРНИ ВРСКИ 70
СЛУЖБА ИЗОЛАЦИОНИ МАТЕРИЈАЛИ 74
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРИПРЕМА НА ТС 77

ОДДЕЛ ТРАФОСТАНИЦИ 78

ОДДЕЛ ДАЛЕКУВОДИ 78

ОДДЕЛ ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА 84

ОДДЕЛ ЗА РЕЛЕЈНА ЗАШТИТА 85

СЕКТОР ЗА ИТ И ТК 95

ОДДЕЛ ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ 95

ОДДЕЛ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ 99

СЕКТОР ЗА ПРАВНИ ОПШТИ РАБОТИ 102

**ОДДЕЛ ЗА ПРАВНИ РАБОТИ** **104**

**ОДДЕЛ ЗА ИМОТНО ПРАВНИ РАБОТИ** **109**

**ОДДЕЛ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** **125**

СЛУЖБА ЗА СЕЛЕКЦИЈА, ПРОФЕСИОНЕЛЕН РАЗВОЈ И ПЛАНИРАЊЕ 126
СЛУЖБА ЗА КАДРОВО АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ, КОМПЕНЗАЦИИ И БЕНЕФИЦИИ 127

**ОДДЕЛ ЗА ОПШТИ РАБОТИ** **145**

**СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ РАБОТИ** **150**

**ОДДЕЛ ЗА ФИНАНСИИ** **150**

СЛУЖБА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ 150
СЛУЖБА ЗА ДЕНАРСКО ФИНАНСИСКИ РАБОТЕЊЕ 151
СЛУЖБА ЗА ТЕКОВНО ДЕВИЗНО РАБОТЕЊЕ 153
СЛУЖБА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ 154

**ОДДЕЛ ЗА СМЕТКОВОДСТВО** **156**

**ОДДЕЛ ЗА КОМЕРЦИЈАЛНИ РАБОТИ** **158**

**КАБИНЕТ НА ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР И ОДДЕЛ ЗА ИНВЕСТИЦИИ И РАЗВОЈ** **174**

**ШЕФ НА КАБИНЕТ** **174**

**СОВЕТНИЦИ И КООРДИНАТОРИ** **175**

**СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА** **180**

**СЛУЖБА ЗА ОПЕРАТИВЕН КОНТРОЛИНГ** **186**

**СЛУЖБА ЗА ПЛАН И АНАЛИЗА** **188**

**ОДНОСИ СО ЈАВНОТ** **190**

**ОДДЕЛ ЗА ИНВЕСИЦИИ И РАЗВОЈ** **198**

СЛУЖБА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОЕКТИ 198
СЛУЖБА ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ И РАЗВОЈНИ АНАЛИЗИ 211
СЛУЖБА ЗА ПРИКЛУЧОЦИ 220
СЛУЖБА ЗА ГИС И ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ 230
СЛУЖБА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ, ЖИВОТНА СРЕДИНА И СТАНДАРДИЗАЦИЈА 234
СЛУЖБА ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА 238

# ПОДРУЖНИЦА ОЕПС

## ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

### КОЛИЧИНИ НА ВЛЕЗЕНА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО ПРЕНОСНАТА МРЕЖА

Количините на електрична енергија кои во текот на 2020 година се внесени на ниво на електропреносната мрежа изнесуваат 9.935.537.248 KWh што е за 0,13% помалку во однос на минатата година. При пресметката на вкупно влезената електрична енергија земена е електричната енергија произведена од производните капацитети приклучени на електропреносната мрежа на АД МЕПСО и вкупно регистрираната електрична енергија на интерконективните далекуводи сведена на граница на електропреносен систем. Регистрираната електрична енергија на интерконективните далекуводи сведена на граница на електропреносен систем ги содржи количините увезени за потребите на нашиот електроенергетски систем и за транзит кон соседните електроенергетски системи. Овие количини не се искажуваат во електроенергетскиот биланс и затоа не се прави соодветна споредба. Од вкупно влезените количини, 4.582.155.410 KWh се произведени од производните капацитети приклучени на електропреносната мрежа на АД МЕПСО што е за 10,5% помалку во однос на минатата година и 14,9% помалку во однос на планираното со електроенергетскиот биланс за 2020 година. Производството на хидроелектраните во 2020 година е поголемо за 10,2% во однос на минатата, а за 18% помало во однос на планот. Производството на термоелектраните е за 15% помало во однос на минатата година и за 15% помало во однос на планот за 2020 година.

Аналитиката на влезената електрична енергија во 2020 година по месеци и вкупно дадена е во ПРИЛОГ 1.

### КОЛИЧИНИ НА ПРЕДАДЕНА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПО КОРИСНИК НА ЕЛЕКТРОПРЕНОСНАТА МРЕЖА ВО ТОЧКИТЕ НА ИСПОРАКА

Количините на електрична енергија кои во текот 2020 година се излезени од електропреносната мрежа изнесуваат 9.811.130.929 KWh што е за 0,2% помалку во однос на минатата година. При пресметката на вкупно излезената електрична енергија земена е електричната енергија предадена на потрошувачите директно приклучени на електропреносната мрежа на АД МЕПСО, предадена на дистрибутивните системи, предадена на АД ЕСМ и вкупно регистрираната електрична енергија на интерконективните далекуводи сведена на граница на електропреносен систем. Од вкупно излезената електрична енергија од електропреносниот систем, 830.717.081 KWh се превземени од страна на потрошувачите директно приклучени на електропреносната мрежа на АД МЕПСО што е за 9,6% повеќе во однос на минатата година или 11,8% помалку во однос на билансираните количини. Дистрибутивната потрошувачка во 2020 година изнесуваше 5.895.744.491 KWh што е за 1% помалку во однос на минатата година и 0,4% повеќе во однос на билансот. Загубите во електропреносната мрежа во 2020 година изнесуваа 124.406.319 KWh што е за 3,9% повеќе во однос на загубите во минатата година, и 6,7% повеќе во однос на билансираните количини. Аналитиката на излезената електрична енергија во текот на 2020 година по месеци и вкупно дадена е во ПРИЛОГ 2.

Количината на електрична енергија која е претставена во табелите од ПРИЛОГ 1 и ПРИЛОГ2 се однесува на реално влезената и излезената електрична енергија во електропреносната мрежа и се разликува од фактурираните количини за пренос на електрична енергија. Количината на електрична енергија за која се плаќа преносна тарифа е регулирана согласно тековни Договори и согласно актуелните Законски и подзаконски акти и истата е прикажана подолу во делот кој ги опфаќа фактурираните месечни количини на електрична енергија.

# ТЕХНИЧКИ ЗАГУБИ ВО ЕЛЕКТРОПРЕНОСНАТА МРЕЖА

Согласно законските одредби спроведена е отворена постапка и набавени се потребните количини на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа за 2020 година. Загубите во електропреносната мрежа во 2020 година изнесуваа 124.406.319 KWh што е 3,9% повеќе во однос на загубите во минатата година, и 6,7% повеќе во однос на билансираните количини како што е дадено во ПРИЛОГ 3.

Во Табелата од ПРИЛОГ 3 дадени се договорените и набавените количини на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа во 2020 година.

# БАЛАНСЕН МЕХАНИЗАМ

На 28.06.2019 од страна на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија одобрени се "Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем" (Решение бр. 02-2468/1 од 28.06.2019 година) и истите стапија на сила на 01.01.2020 година.

## Балансен капацитет и балансна енергија

За потребата за балансирање на електроенергетскиот систем, согласно правилата за балансирање ОЕПС има обврска да обезбеди:

- **Примарна регулација (FCR-Frequency Containment Reserve),**
- **Секундарна регулација (aFRR - automatic Frequency Restoration Reserve)**
- **Терциерна регулација (mFRR - manual Frequency Restoration Reserve)**
- **Резерва на активна моќност (RR – Replacement Reserve)**

Големината на резервата за примарна регулација се пресметува на ниво на сите TCOa од ЕНТСО Е зоната. Согласно правилата за балансирање BSP е должен да ја обезбеди потребната резерва за примарна регулација во своите производни единици и истото не е предмет на финансиско порамнување со МЕПСО.

Големината на резервата за секундарна регулација е пресметана согласно проценката за максималното оптоварување во нашиот ЕЕС.

Големината на терциерната резерва се обезбедува согласно моќноста на најголемиот производен капацитет и истата се користи во случај на отстапување на планираното производство и потрошувачка на електрична енергија во нашиот електроенергетски систем со цел во секое време да се обезбеди доволен регулационен опсег за секундарна регулација.

Согласно правилата за балансирање, ОЕПС има право да обезбеди резерва на активна моќност (RR) согласно правила за набавка на RR.

Во ПРИЛОГ 4 дадени се големината на резервите за секундарна и терциерна регулација за 2020 година кои беа предмет на набавка.

Во ПРИЛОГ 4.1 дадени се табели со реализираните количини на балансен капацитет и балансна енергија како и приходите и расходите по основ на плаќања кон BSP за обезбедениот балансен капацитет и плаќањата/фактурирањата кон BSP по основ на ангажирана балансна енергија во 2020 година. Исто така, во овој Прилог, даден е преглед на исплатените средства на ТЕЦ Неготино за обезбедената резервна моќност согласно Правилата за балансирање на ЕЕС и Одлуката на РКЕВУ.

## Компензација на несакани отстапувања

Во процесот на балансирање на електроенергетскиот систем се јавуваат несакани отстапувања кон другите електроенергетски системи. За несаканите отстапувања на ниво на Европа се дефинираат компензациони програми за секој TCO посебно. За количините од

компензационите програми ОЕПС спроведува тендерска постапка за купување/продавање на електричната енергија.

Во ПРИЛОГ 4.2 дадени се количините на набавена/продадена електрична енергија за компензација на несаканите отстапувања и финансиските резултати од купопродажбата на истата во 2020 година. Бидејќи компензационите периоди не се совпаѓаат со календарскиот месец, во прилогот се дадени табели за месечни количини на купена/продадена електрична енергија за компензација и табели според компензационите периоди.

## ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ

Согласно законските одредби АД МЕПСО има обврска потребните количини на електрична енергија за сопствени потреби за 2020 година да ги набави со спроведување на отворена постапка согласно законот за јавни набавки. Бидејќи постапката што ОЕПС ја спроведе во Декември 2019 година беше неуспешна, согласно законските прописи во првиот квартал од 2020 година електричната енергија за сопствено потреби беше испорачувана од снабдувачот во краен случај.

Од април 2020 година АД МЕПСО, по спроведување на отворена постапка согласно законот за јавни набавки, количината на електрична енергија за сопствени потреби ја набавува од У ПОВЕР.

Во Табелата од ПРИЛОГ 5 дадени се договорените и набавените количини на електрична енергија за сопствени потреби, односно износот кој е платен на снабдувачот во краен случај за Q1 2020 година износот кој е платен на носителот на набавката до крајот на 2020 година.

## ITC (INTER TSO COMPENSATION MECHANISM)

Приходите/расходите од транзитот на електрична енергија произлегуваат од посебниот систем на меѓународна пресметка односно ITC (Inter TSO Compensation Mechanism). Според овој механизам се дефинира заеднички Европски фонд на 42 земји – членки на ЕНТСО Е, во кој земјите кои увезуваат/извезуваат електрична енергија плаќаат во фондот, а земјите кои транзитираат електрична енергија добиваат од фондот. Согласно методологијата имплементирана во ITC Multi-year Agreement, потпишан на 09.02.2011год, конечните фактури за тековниот месецот се изработуваат и доставуваат во рок од три месеци по истекот на месецот. Од овие причини сеуште немаме податоци за финансиските ефекти од ITC за октомври, ноември и декември 2020 година. Во ПРИЛОГ 6 дадена е табела во која се наведени финансиските ефекти од примената на ITC (INTER TSO COMPENSATION MECHANISM) во првите 9 (девет) месеци од 2020 година.

## ПРЕГЛЕДИ НА ПРЕНЕСЕНА И ФАКТУРИРАНА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

Пресметката и наплатата на надоместокот за користење на електропреносната мрежа во 2020 година е направена согласно Тарифниот систем за пренос на електрична енергија и за пазар на електрична енергија донесен на 10.05.2019 година од страна на РКЕВУ. Вкупните приходи по основ на фактурирана електрична енергија за пренос во 2020 година изнесуваат 1.257.456.917 денари, споредено со истиот период минатата година фактурирани се 3,5% помалку.

Во табелите од ПРИЛОГ 7 даден е преглед на пренесената и фактурирана електрична енергија вкупно и по тарифи.

## ПРЕГЛЕДИ НА ДЕБАЛАНСИТЕ НА БАЛАНСНО ОДГОВОРНИТЕ СТРАНИ И ФАКТУРИТЕ ЗА НАДОМЕСТ ЗА ДЕБАЛАНСИТЕ ЗА 2020 ГОДИНА

Согласно Правилата за блансирање сите учесници на пазарот на електрична енергија се балансно одговорни и учествуваат во процесот на порамнување на отстапувањата. Балансниот механизам е така конципиран да за превзенмената електрична енергија од ЕЕС, БОС му плаќа на

ОЕПС по цената на порамнување, за оставената електрична енергија во ЕЕС, ОЕПС му плаќа на БОС по цената на порамнување. Во процесот на финансиското порамнување ОЕПС е финансиски неутрален, освен за делот на разликата во цената на електричната енергија од компензација.

Фактурите за наплата на дебалансите се направени од страна на ОЕПС, а врз основа на пресметките направени и доставени од страна на МЕМО. Бидејќи пресметки за дебалансите се прават 60 дена по истекот на месецот во ПРИЛОГ 8 даден е прегледот на дебалансите за 2020 година во кој се дадени податоците само за месеците за кои имаме податоци.

Во ПРИЛОГ 8 даден е прегледот на дебалансите за 2020 година.

## ПРЕГЛЕД НА НАДОМЕСТ ВО СЛУЧАЈ НА ЗАГУШУВАЊЕ ОД АЛОКАЦИЈА НА ПРЕКУГРАНИЧНИ ПРЕНОСНИ КАПАЦИТЕТИ И ВО 2020 ГОДИНА

Согласно Правилата за доделување на прекугранични преносни капацитети објавени на web страната на АД МЕПСО, а претходно одобрени од страна на РКЕВУ, АД МЕПСО спроведува постапка и ги доделува расположивите прекугранични преносни капацитети на годишно и месечно ниво. Во 2020 година по однос на приходи од годишна, месечна и дневна аукција остварени се 11.225.129,68 евра што е за околу 48% помалку во однос на минатата година кога се фактурирани 21.407.765,52 евра.

Новите правила за доделување на прекуграничните преносни капацитети се усвоени од страна на РКЕВУ во октомври 2019 година, а почнаа да се применуваат од Јануари 2020 година.

АТЦ на МК-ГР и МК-ХК граница се доделуваат на аукции спроведени од страна на SEE CAO во Подгорица.

На МК-РС граница воведен е методот на заедничка аукција (Joint Auction). Согласно договорот со АД ЕМС, АД МЕПСО ги спроведува годишните и месечните аукции на оваа граница, додека АД ЕМС ги спроведува дневните и intra day аукции.

На МК-БГ граница воведен е методот на заедничка аукција (Joint Auction). Согласно договорот со ЕСО ЕАД, АД МЕПСО ги спроведува годишните и месечните аукции на оваа граница, додека ЕСО ЕАД ги спроведува дневните аукции.

Надоместокот во случај на загушување за поедини граници даден е во табелите од ПРИЛОГ 9.

## ПРЕГЛЕД НА ИСКЛУЧУВАЊАТА НА ЕЛЕМЕНТИ ОД ЕЛЕКТРОПРЕНОСНАТА МРЕЖА

Една од основните функции на ОЕПС е обезбедување на сигурно и доверливо функционирање на електропреносниот систем. За таа цел од страна на Националниот диспечерски центар се управува со сите исклучувања на елементите од електропреносната мрежа (плански и неплански исклучувања).

Во ПРИЛОГ 10 даден е преглед на исклучувања поради испади на елементи од преносната мрежа.

# ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ВО ПОДРУЖНИЦАТА ОЕПС ВО 2020 ГОДИНА

## ЗАШТИТА НА ОБЈЕКТИТЕ И СРЕДСТВАТА ЗА УПРАВУВАЊЕТО СО ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИОТ СИСТЕМ ОД НАДВОРЕШНИ ВЛИЈАНИЈА И ХАВАРИИ И НИВНО ОСИГУРУВАЊЕ

АД МЕПСО ги задоволува барањата на системите за надзор и управување со електроенергетскиот систем за сигурност, доверливост и расположливост преку:

- Ажурирање на имплементираните системи за надзор, управување со кои е овозможена работа во реално и проширено реално време (SCADA/EMS/MMS)
- Инсталирање на нови и осовременување на постојните системи инсталирани во електроенергетските објекти (SACS). АД МЕПСО продолжува со набавка и инсталација на нови системи за далечински надзор и управување. Станува збор за набавка и инсталација на вакви системи преку проекти кои се финансирани со кредити од меѓународни финансиски институци (ЕБОР) и со сопствени средства на АД МЕПСО.
- Осовременување на системот за аквизиција и обработка на податоци од броилата на електрична енергија (AMR-MDM).
- Изработка и спроведување на планови за заштита на објектите и опремата и системите за надзор и управување со електроенергетскиот систем. Подружницата е вклучена во постапката на набавка и инсталација на системи за видео надзор над електропреносните трафостаници во сопственост на АД МЕПСО.

Со реализацијата на Договорот за ревитализацијата на Управната зграда на АД МЕПСО планирано е да се реализираат техничките решенија во доменот на заштитата од неовластен пристап, односно соодветните системи за видео надзор и контрола на пристап во Салите (просториите) каде се лоцирани сметачките системи и опремата. Со овој Договор веќе се реализира инсталирањето на уреди за климатизација - грејни/разладни уреди во салата на Диспечерскиот центар и Систем салите за SCADA/EMS и AMR/MDM. Потребните работни услови во електропреносните трафостаници на АД МЕПСО се реализираат преку инсталација на клима уреди. Соодветни служби работат на подобрување и нормално функционирање на опремата преку соодветни договори за набавка и одржување.

Заштита од несакани влијанија од примарните процеси на уредите/системите за управување со електроенергетскиот систем опфаќа:

- Заштита од уплив на пробивни напони од куси врски или доземни спoеви во примарната опрема.
- Заштита од влага, вода и прашина преку инсталација на уредите во осоодветни управувачки ормари/кабинети со висок степен на заштита - IP54). Целокупната опрема за управување од ОТ системите на ОЕПС се базира на висококвалитетни сервери, способни за долготрајна континуирана работа во тешки работни услови, со висок степен на заштита, сместена во климатизирана Сала на ТСУ во Националниот Диспечерски Центар. Подружницата ОЕПС започна и постапка на набавка и инсталација на Data Room со што би се обезбедила заштита на целокупната опрема од ОТ системите на Подружницата (HW/SW платформи на SCADA/EMS/MMS, AMR MDM, OPDE, Electronic Highway, системот за аукции итн), како и ревитализација на постоечкиот UPS систем со кој се напојува опремата.
- Надградба на системот за непрекинато напојување УПС (Uninterruptible Power Supply) на опремата од Системите за надзор и управување во Резервниот Диспечерски Центар, со ново високо доверливо и модуларно решение во редундантна изведба.
- Заштита од преодни режими или доземни спoеви во системите за напојување - SACS системите во електроенергетските објекти на АД МЕПСО се напојуваат со непрекинато

напојување преку системите за напојување со непрекинато DC напојување и UPS системи со соодветна автономија. Bay Control Units и SCADA сметачите во индустриска изведба имаат атести за отпорност на ЕМС со што се избегнуваат несакани реакции поради електромагнетни влијанија од високонапонските постројки.

Во доменот на заштита од несакани упади во затворените мрежи на ОТ системите во Националниот Диспечерски Центар како и во Резервниот Диспечерски Центар превземени се соодветни мерки и обезбедена е информатичка заштита преку систем за заштита од компјутерски напади – firewalls. Подружницата ОЕПС започна постапка на набавка и склучи договор за имплементација на модерно технолошко решение за замена на застарените постоечки уреди, како и за имплементација на SIEM решение за увид во севкупната безбедносна инфраструктура преку сите логови и настани поврзани со безбедноста на системите, активностите во мрежата, детекција на безбедносни закани, спречување на потенцијални закани по безбедноста и намалување на влијанието во случај на напад.

Заштитата од неавторизиран пристап од страна на трети лица се обезбедува преку разни степени на авторизација за пријавување и работа на системите, а на дел од ОТ системите е имплементиран и систем за повеќефакторска автентикација.

Како елемент за обезбедување на доверлива работа на SCADA/EMS/MMS системите е реализирана имплементација на "Back up" – Резервен Диспечерски Центар лоциран на оддалечена локација со што се обезбедува надзор и управување со електроенергетскиот систем на Република Македонија во реално и проширено реално време и во случај на испади или оштетувања на SCADA/EMS/MMS системот во Националниот Диспечерски Центар лоциран во НДЦ на АД МЕПСО во Скопје.

## ОБУКА И СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ЗАРАДИ СИГУРНО, БЕЗБЕДНО И КВАЛИТЕТНО УПРАВУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИОТ СИСТЕМ

Перманентното стручно усовршување на вработените е трајна определба на АД МЕПСО. Реализацијата на пооделни Договори во себе вклучуваат и обуки за испорачаната опрема /или софтвер.

Во склоп на активностите при реализација на проектот за ГИС системот зема учество и Одделот за ТИ.

## РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО ОДДЕЛОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЕПС ВО 2020 ГОДИНА

Во 2020год, беа реализирани следните активности во Одделот за управување со ЕЕС:

- Отпочнување и спроведување на Јавен повик за Набавка на услуги од RSCI бр.05-363 од 16.01.2020г, (оглас за ЈН бр.01451/2020). Постапката е поништена, согласно член 114 став 2 од Законот за јавни набавки.
- Отпочнување и спроведување на Јавен повик за Набавка на услуги од RSCI бр.05924/2020. Постапката е успешно завршена и склучен е Договор со најповолниот и единствен понудувач, бр.05-3179/4 од 01.06.2020.
- Отпочнување и спроведување на Јавен повик за Набавка на ел.енергија за сопствени потреби на АД МЕПСО, бр. 05-475/1 од 22.01.2020. Постапката е успешно завршена и склучен е договор со најповолниот понудувач.
- Отпочнување и спроведување на Јавен повик "Годишно одржување на систем за аукции (одржување на софтвер и хардвер)" со ознака според ЗПЈН 50324200-4, 50312600-1, 50312610-4, 50324100-3. Се пријави само еден понудувач, кој не достави комплетни документи, така да Јавниот повик беше неуспешен. Постапката треба да биде повторно објавена во 2021год.

- Отпочнување и спроведување на Јавен повик  “Трошоци за набавка на ЕЕ за сопствени потреби на АД МЕПСО “со ознака според ЗПЈН 09310000-5. Избран е најповолниот понудувач.
- Отпочнување и спроведување на Јавен повик  “Набавка на редундантен систем за следење на работа на ЕЕС” , со ознака според ЗПЈН 48214000-1 . Избран е најповолниот понудувач.
- Отпочнување на Јавен повик “Набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа за 2021 година”, кој се одвиваше во следните чекори:
    - Пресметка на потребните количини на електрична енергија за покривање на загубите за 2021 година за секој месец одделно
    - Спроведување на тендерска постапка за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа
    - Потпишување на Договори за испорака на електрична енергија за покривање на загубите во електропреноосната мрежа со четирите најповолни понудувачи: ЕНЕРГИА ГАС ЕНД ПАУЕР ДООЕЛ Скопје, ЕНЕРЏИ УИНД ДОО Струмица, Енерџи Деливери Солушнс ЕДС АД Скопје и ГЕН-И ПРОДАЖБА НА ЕНЕРГИЈА ДООЕЛ Скопје.
    - Прибирање финансиски гаранции според потпишаните договори.
- Согласно Правилата за балансирање на ЕЕС, ОЕПС изврши тестирање, и потоа  склучи Договор за Давател на системски услуги со ТЕ-ТО. Со тоа, во моментот има двајца Даватели на системски услуги: ЕСМ и ТЕ-ТО
- Согласно постапката, дефинирана во Правилата за набавка на aFRR балансен капацитет и енергија и Правилата за набавка на mFRR балансен капацитет и енергија, ОЕПС во 2020год, реализираше:
- Месечни аукции на mFRR балансен капацитет за месец Февруари, Март, Април, Мај, Јуни, Јули, Август, Септември, Ноември, Декември 2020 година и Јануари 2021година.
- Месечна аукција на aFRR балансен капацитет за месец Јануари 2021година., а месечните количини за aFRR балансен капацитет, беа претходно набавени на Годишната аукција, во Декември 2019.
- Годишна аукција  за набавка на aFRR балансен капацитет, меѓутоа бидејќи ниеден понудувач не се пријави, дополнително беше организирана Месечна аукција за месец Јануари 2021год.
- Согласно Правилата за балансирање на ЕЕС, ОЕПС склучува нови Договори за балансна одговорност со заинтересирани страни кои сакаат да станат БОС.
- Согласно Правила за компензација (купопродажба на електрична енергија за компензација на несаканите отстапувања во електропреносната мрежа), склучени се
- Рамковни договори за купопродажба на електрична енергија за компензација на несаканите отстапувања во електропреносната мрежа со нови заинтересирани страни.
- Извршена се Аукциии за купопродажба на електрична енергија за компензација на несаканите отстапувања во електропреносната мрежа за период од 11.01.2020-13.02.2020г., од 14.02.2020-05.03.2020 , од 06.03.2020-31.03.2020, од 01.04.2020-07.05.2020, 08.05.2020-05.06.2020г. , од 06.06.2020-09.07.2020 , од  10.07.2020-06.08.2020,  07.08.2020-04.09.2020г. , од 05.09.2020-30.09.2020, од  01.10.2020-06.11.2020 , 07.11.2020-04.12.2020 , од 05.12.2020-18.12.2020  и од  19.12.2020-13.01.2021г,
- Изготвени се Мрежни правила, и пратени на одобрување од страна на РКЕ, одржана е Јавна расправа, и подоцна се реализираа повеќе состаноци со РКЕ. Следи одобрување од РКЕ и  усвојување од УО на АД МЕПСО.
- Учество во работната група за подготовка на Договори за приклучок на преносна мрежа на ВЕЦ Демир Капија, ВЕЦ Богословец, ВЕЦ Инвал, Рудник Плавица, ВЕЦ и СЕЦ Крушево и Кранфилд Индустри.
- Учество во проектот CROSSBOW.
- Учество во проектот TRINITY
- Учество во работната група за подготовка на Регионална физибилити студија за подобрување на напонски прилики. Проектот  инициран по барање на неколку преносни систем оператори (EMS, MEPSO, NOS BiH, CGES, OST и KOSTT) поради тековните проблеми со управување на напонските прилики во 400 kV мрежа

- На барање на РКЕВУ, изработен е детален извештај за ЕНТСО-Е, кој се состоеше од описи на задачите и активностите на сите работни групи, како и застапеноста и активностите на АД МЕПСО во ЕНТСО-Е и неговите работни групи
- Извршено е успешно тестирање и активно се пуштени во употреба Модулот за Работни налози и Модулот за scheduling, како дел од платформата за "Следење на ЕЕАС на РМ, Дневна информација -НДЦ"
- На 09.09.2020 АД МЕПСО потпиша договори за учество на европските платформите за набавка на aFRR балансна енергија - PICASSO и набавка на mFRR балансна енергија - MARI како набљудувач.
- Отпочнување на постапка за менување на Правилата за пазар на балансна енергија со цел пофлексибилни услови за зголемување на конкуренцијата и обезбедување на системска резерва согласно Мрежните правила.
- Согласно Одлуката на РКЕ за определување на цената за преносна тарифа потпишан е Анекс на Договорот за начин и услови за користење на електропреносната мрежа со АД ЕСМ
- Согласно предлог Протоколот за надминување на проблемот со наплата на преносна тарифа на реонот на Вруток, Шпиље и Глобочица потпишан е Анекс на Договорот за начин и услови за користење на електропреносната мрежа со ЕВН Електродистрибуција, како и нов Договор за начин и услови за користење на електропреносната мрежа со АД ЕСМ.
- Усогласен е текстот на Правилата за аукција на прекугранични преносни капацитети за 2021 година кои се однесуваат на МК-РС и МК–БГ граница и истите се доставени на одобрување до РКЕ. Потоа истите се потпишани од двете страни.
- Усогласен е текстот на Agreement for Services со SEE CAO за 2021 година и истиот е потпишан од страна на основачите на SEE CAO
- Подготвени се формуларите и доставени до корисниците на електропреносната мрежа за да достават податоци потребни за изготвување на електроенергетскиот биланс за 2021 година
- Изработка на електроенергетскиот биланс за 2021 година и доставување на истиот до Министерство за економија
- Од 14.12.2020год, Косовскиот Систем Оператор KOSTT, почна да функционира како самостојна Контролна област. За таа цел во овој период беа одржани повеќе состаноци со останатите ТСО-а во регионот, Аукциската куќа SEE CAO, ENTSO-E I RGCE, во врска со воведување на КОСТТ во секојдневните обврски како самостоен Систем Оператор. Беа извршени сите неопходни тестирања на форматите за размена на податоци како и функционирањето на соодветните системи со цел КОСТТ од 14.12.2020год, успешно да се вклучи во секојдневните оврски, кои ќе бидат во согласност со Европските Регулативи.
- Потпишани се Оперативни Договори со ЕМС и КОСТТ
- Потпишани се билатерални договори за Scheduling I Accounting со ЕМС и КОСТТ
- Потпишан е трипартитен Договор меѓу SEE CAO, МЕПСО и КОСТТ, со кој SEE CAO ќе ги извршуваат Дневните аукции на граница МЕПСО-КОСТТ за периодот од 14–31 .12.2020 година
- Усогласени се Правила за Intraday allocation на прекугранични капацитети на граница МЕПСО-КОСТТ.
- Усогласен е текстот на Agreement for Services со SEE CAO за 2021 година и истиот е потпишан од страна на основачите на SEE CAO
- Склучен е Договор за работа на SMM контролниот блок
- Спроведување на постапка за менување на Правилата за пазар на балансна енергија со цел пофлексибилни услови за зголемување на конкуренцијата и обезбедување на системска резерва согласно Мрежните правила
- Постапување по однос на забелешките доставени од страна на РКЕ за Мрежните правила за пренос на електрична енергија
- По одобрување на Правилата за аукција на прекугранични преносни капацитети за 2021 година кои се однесуваат на МК-РС и МК–БГ граница од страна на РКЕ, УО на АД МЕПСО ги донесе и истите беа објавени на web страната на АД МЕПСО

- ➢ Согласно Правилата за аукција на прекугранични преносни капацитети за 2021 година се потпишаа Договори со учесниците на аукциите за прекугранични капацитети за 2021 година.
- ➢ Спроведување на годишна аукција за 2021 година и месечна аукција за јануари 2021 година за расположливите прекугранични преносни капацитети на сите 4 граници:
  - MEPSO- IPTO (ги извршува SEE CAO)
  - MEPSO- KOSTT (ги извршува SEE CAO)
  - MEPSO- EMS (ги извршува MEPSO)
  - MEPSO- ESO (ги извршува MEPSO)

# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО ОДДЕЛОТ ЗА ТИ ВО 2020 ГОДИНА

## Служба за системи за надзор и управување на ЕЕО

Согласно Договорот "**Extension of the supervisory control and data acquisition system (SCADA)**" со Конзорциум Siemens, Белград - Сискон, Скопје во ТС Дуброво извршено е: функционално испитување и САТна управување за 400 kV C6 Спојно Поле, Мерно Поле, ДВ Битола 2 (бр.446), ДВ Штип – Дуброво (ДВ Штип 1 бр. 448), преглед на документација, изработка на записници и извештаи, дефинирање на технички решенија за зафаќање на сигнали од домашна потреба, преврзување и испитување на струјни трансформатори на поле 400 kV C5 ДВ Дуброво – Солун, испитување на сигнали од AC/DC развод на ДВ Битола 2, функционално испитување на ормар за домашни потреби, испитување на блокади на ДВ Штип - Скопје 4 на собирнички раставувачи со заземјувачи на собирници на 400 кV , приемно функционално испитување на SCADA систем според протокол; испитување на сигнали од собирничка заштита; издавање на Operational Acceptance Certificat-и и Completion Certificat-и; увид во завршени работи во постројката и увид забелешки;

Согласно Договорот со Далековод, Загреб за имплементација на проектот **"Wide Area Measurement System WAMS"** – согласно Решение за работна група бр. 02-4235/1 и бр. 02-4235/2 и бр. 02-4235/3, одржани се работни состаноци. Од страна на изведувачот извршена е испорака на опремата, инсталација на PMU ормар во ТС Дуброво на 400 kV ДВ поле Солун (C 5 број. 442); ТС Битола 2 на 400 kV ДВ поле Лерин; ТС Штип 1 на 400 kV ДВ поле Дуброво ; ТС Скопје1/5 на 400 kV ДВ поле Урошевац, каблирање на PMU ормари: на 400 kV ДВ поле Урошевац по WAMS проект во ТС Скопје 1/5 ; на 400 kV ДВ поле Дуброво по WAMS проект во ТС Штип 1; на 400 kV ДВ поле Солун по WAMS проект во ТС Дуброво; на 400 kV ДВ Поле Лерин по WAMS проект во ТС Битола 2 и инсаталација и каблирање на PDC ормар во диспечерска сала во НДЦ..

Согласно Договорот за **Реконструкција на ТС Осломеј** бр,02-8377 од 6.11.2018 со Доко, Елбасан, Албанија одржани се месечни состаноци и приемно функционално испитување (SAT) на опрема за управување на Трафо поле (E01), ДВ поле Самоков (E07), спојно -мерно поле (E04).

Согласно Договорот за **Реконструкција на ТС Валандово** бр,02-8378 од 6.11.2018 со Бенинг-Псам, Скопје - Приемно функционално испитување (SAT) на опрема за управување на Трафо поле (E04), ДВ поле Богданци (E09), ДВ поле Е06 Милетково 2, поле Е05 Помошно-мерно, ДВ поле Гевгелија и внесување на нови сигнали од примарна опрема во БЦУ и локална SCADA и испитување на помошно поле со сите полиња.

Согласно Договорот за **Реконструкција на ТС Битола 2** бр,02-8376 од 6.11.2018 со Далекувод, Загреб реализирани се Учество на месечни состаноци, преглед, доставување забелешки и одобрување на проектни документации, САТ функционално испитување на опремата за управување за А15 Трафо поле ДВ поле Битола 1-2 ( А13), ДВ поле Битола 1-1 (А12), спојно поле 110 kV (А11), 110kV ДВ (бр. 149Б- А4) Брод Гнеотино (Рудник Брод); поле А1 (151) - Домашно трафо 1-110kV, внесување на нови сигнали од примарна опрема во БЦУ и локална SCADA, поврзување и испитување на новоинсталирани струјни трансформатори на Блок 3 ; поврзување и испитување на напонски трансформатори на Блок 3; испитување на струјни кругови на опрема за управување по промена на мерни струјни трансформатори на 400 kV страна на Трафо 2 поле (B3).

Согласно Договорот за **Реконструкција на ТС Скопје 4** бр.02-8379 од 06.11.108 со Кончар КЕТ, Хрватска беше извршен преглед, доставување забелешки и одобрување на проектни документации, преглед на тест репорти, учество на состаноци, функционално испитување и САТна управување за 110 kV Е09 Спојно Поле, Е10 Трафо поле, Е03 ДВ Југ Нова, Е04 ДВ Скопје 2, Е05 ДВ поле Скопје 3 , Е06 ДВ поле Драчево 1, Е04 ДВ поле Скопје 2-2, Е03 ДВ поле Југ нова А,Е02 ДВ поле Југ нова Б, Е16 ДВ поле ЕВП Драчево , ДВ поле 142-ТС Скопје 4 - ЕВП Драчево-110kV страна; ДВ поле Скопје 1 (101/1), ДВ поле Петровец (101/2), ДВ поле Аеродром, ДВ поле - ТЕ-ТО, ДВ Бунарџирк, ТР-2 (400 kV - А04), ДВ Скопје 2 и усогласување на називи во локална SCADA.

Согласно Договорот за **Реконструкција на ТС Прилеп 1** бр. 02-9296 од 12.12.2018 со Кончар КЕТ, Хрватска извршено њ финално одобрување на проектна документација за ормари за управување, ормар за заеднички потреби и SCADA ормар, ФАТ функционално испитување на управување за 110 kV полиња, дислокација на на мерни претворувачи за ДВ Битола 1 и ДВ Кавадарци, приемно функционално испитување (SAT) на опрема за управување на трафо поле TR 1, трафо поле TR 2, ДВ поле Битола 1, ДВ поле Прилеп 2, ТР 1 - поле (Е09), ДВ Кавадарци, ДВ Прилеп 3, ДВ Битола 1, мерно и спојно поле, ДВ Прилеп 2, реле за општи потреби .

**Останати активности:**

- Изработка на Барања за јавни набавки и технички спецификации
- Активности во Комисија за јавни набавки
- Активности за евалуации
- Изработка на колаудациски записници
- Изработена е предлог процедура за Службата за системи за надзор и управување на ЕЕО – Процедура за испитување и интервенирање на далечинско управување во трафостаница МЕ-ПР-ДУ-01.
- Обука за BCU Siemens 6MD 85 и DIGSI 5 v8.0 во SIEMENS Виена во рамки на договор помеѓу АД МЕПСО и АД ЕСМ за имплементација на Опрема за управување и надзор во ТС Св.Петка
- Учество во реализација на проектот за имплементација на ГИС системот со учество на обука и доставување на забелешки
- Преглед на Основниот проект за ТС ИГМ Трејд
- Изработка на работен испитен протокол за локални SCADA системи

**Одржување на опремата за управување:**

- ТС Битола 2 - Испитување на опрема за управување на ДВ Битола 2 - Мелити ( бр.450)
- ТС Битола 2 - Испитување на опрема за управување на ДВ Битола 2 - Дуброво ( бр.446)
- ТС Битола 2- Интервенција на команда на собирнички раставувачи
- ТС Штип 1 - Испитување на опрема за управување на ДВ Штип 1 - Дуброво ( бр.448)
- ТС Дуброво - Испитување на опрема за управување на ДВ Дуброво - Штип 1 ( бр. 448)
- ТС Дуброво - Испитување на блокади на ДВ Штип - Скопје 4 на собирнички раставувачи со заземјувачи на собирници на 400 кV
- ТС Скопје 3 - Промена на MCP комуникациски модул на RTU
- ТС Јегуновце - Поврзување и испитување на новомонтирани струјни и напонски трансформатори на ДВ поле Гостивар
- ТС Овче Поле – примарно испитување на напони и струји за сите полиња после замена на нов ормар за мерење.
- ТС Тетово 2 - Интервенција на локална SCADA во ТС Тетово 2.
- ТС Скопје 4 - Интервенција на локална MicroSCADA.
- ТС Струмица 1 - Снимање на постоечка состојба за поврзување на нов прекинувач на ДВ поле Струмица 2.
- ТС Струмица 2 - Снимање на постоечка состојба за поврзување на нов прекинувач на ДВ поле Струмица 1.
- ТС Штип 1 - Функционално испитување на опремата за управување на 400 kV ДВ Црвена Могила; Интервенција на сервери од стара SCADA од командна просторија.

- ТС Неокази - Воспоставување на комуникација со НДЦ и SAT- приемно функционално испитување на опремата за управување на ДВ поле Пробиштип.
- ТС Кичево - Интервенција на BCU за трафо поле 2, интервенција на релето за управување BCU за Трафо поле ТР2.
- ТС Овче поле - Конфигурирање на ТР 3 во локална SCADA.
- ТС Ѓорче Петров- подесување во лок. Scada и BCU за корекција на мерења на тр- поле 2
- ХЕЦ Тиквеш – Интервенција на мерење на генератор G1 и генератор G2
- ТС Самоков- работна посета на трафостаницата, дефинирање на кабловски должини поради припрема спецификации за инсталирање на нов систем за Управување и надзор (SCADA и BCU-а), демонтирање и превземање на switch ruggedcom од RTU ормарот

Тековни, превентивни и интервентни работни активности на на Bay Control Unit-и, Remote Terminal Units-и, SCADA конфигурации, на опремата за телемерење, контрола и увид на мерења и графикони на интерконективни далеководи кои пресметковно ги добиваме од ЕМС Београд и редовно следење и контрола на мерења и статуси на примарна опрема во ТС во кои е овозможен remote пристап.

## Служба за SCADA/EMS

- Реализација на тековни, превентивни и корективни работни активности во службата SCADA/EMS:
  Ажурирање на аквизираните податоци за потребите на SCADA/EMS апликациите со цел исправно и доверливо функционирање на истите.
- Реализирање на функциите од source data management во доменот на аквизирање на податоци, управување, комуникација.
- Решавање на проблеми и контрола со цел исправно и доверливо функционирање на апликативните програми на SCADA/EMS системот.
- Надзор и администрација на комуникационо-аквизиционата опрема за пренос на податоци во НДЦ, како и превземање мерки во случај на некоректни податоци.
- Пратење на алармни листи во Spectrum Power системот.
- Проверка, корекција, модификација анализа на калкулации кои се користат во SCADA.
- Креирање на реорганизирани графички прикази, за потребите на НДЦ.
- Преглед на функционалноста на серверите во Spectrum Power.
- Подесување и контрола на параметрите поврзани со LFC калкулаци.
- Согласно Договорот со Конзорциум Siemens, Белград - Сискон, Скопје за ТС Дуброво извршено е:
  - Далечинско испитување и промена на IFS адреси на 400 kV C6 Спојно Поле и Мерно Поле, 400 kV C5 ДВ Дуброво – Солун, 400 kV C2 ДВ Дуброво – Битола 2, 400 kV C7 ДВ Дуброво – Штип1
  - Далечинско испитување на 110 kV E12 Помошно Поле и блокадни услови на помошно поле со: ДВ Фени 1, ДВ Фени 2, ДВ Кавадарци, ДВ Валандово, ТЕ Неготино домашно трафо, ТЕ Неготино Блок, Трафо 1, Трафо 2, ДВ Бучим и ДВ Неготино.
- Согласно договорот со Далековод Загреб за имплементација на проект "Wide Area Measurement System WAMS" – согласно Решение за работна група бр. 02-4235/1 и бр. 02-4235/2 и бр. 02-4235/3 одржани се работни состаноци заедно со изведувачот.
- Согласно Договорот за Реконструкција на ТС Скопје 4 бр.02-8379 од 06.11.108 со Кончар КЕТ, Хрватска:
  - Креирање на комункациски линк IEC 104, креирање на технолошки адреси за ТС Скопје4
  - Далечинско испитување и промена на IFS адреси, согласно испитниот протокол во ТС Скопје 4 - 110 kV за: E09 Спојно Поле, E10 Трафо 1, E04 ДВ Скопје 2_2, E03 ДВ Југ Нова, E06 Драчево 1, E05 Скопје 3, E02 ДВ Југ Нова Б, E10 Трафо 1, E16 ДВ ЕВП Драчево, E14 ДВ Аеродорм, E15 ДВ Исток, E20 ДВ Петровец, E19 ДВ Скопје1, E06 ДВ Драчево1, E11 ДВ Скопје2-1, E13 ДВ ТЕ-ТО,E17 ДВ Бунарџик и E18 Трафо2(110kV).

- Согласно Договорот за Реконструкција на ТС Битола 2 бр,02-8376 од 6.11.2018 со Далекувод, Загреб:
  - Далечинско испитување и промена на IFS адреси и внесување на нови сигнали од примарна опрема во SCADA за 110kV: A15 Трафо2, A11 Спојно/Мерно поле, A13 ДВ Битола 136А, A12 ДВ Битола 136Б, A9 ДВ Битола 3, A4 ДВ Брод Гнеотино A1 Домашно Трафо1, A2 ДВ Рудник Суводол.
  - Далечинско испитување и промена на IFS адреси и внесување на нови сигнали од примарна опрема во SCADA за 400kV: B8 ДВ Флорина, B07 ДВ Дуброво, B3 Трафо2 и B4 Блок3.
- Согласно Договорот за Реконструкција на ТС Осломеј бр,02-8377 од 6.11.2018 со Доко, Елбасан, Албанија
  - Далечинско испитување и промена на IFS адреси E07 ДВ Гостивар, E03 Спојно/Мерно Поле, E08 ДВ Самоков, E03 Спојно/Мерно Поле, E01 BT2+AT1 и внесување на нови сигнали од примарна опрема во SCADA во НДЦ.
- Согласно Договорот за Реконструкција на ТС Валандово бр,02-8378 од 6.11.2018 со Бенинг-Псам, Скопје
  - Далечинско испитување за поле E06 ДВ Милетково 2, E05 Помошно/Мерно, E03 ДВ Гевгелија, E04 Трафо 1, E09 ДВ Богданци, E01 ДВ Дуброво и E02 ДВ Струмица 2и внесување на нови сигнали од примарна опрема во SCADA во НДЦ.
  - Далечинско испитување во ТС Валандово на блокадни услови на помошно поле со: Трафо поле, ДВ Милетково 1, ДВ Милетково 2, ДВ Дуброво, ДВ Гевгелија и ДВ Струмица2.
- Согласно Договорот за Реконструкција на ТС Прилеп 1 бр. 02-9296 од 12.12.2018 со Кончар КЕТ, Хрватска
  - Креирање на комуникациски линк IEC 104 и технолошки адреси за ТС Прилеп 1
  - Далечинско испитување и промена на IFS адреси, согласно испитниот протокол на ДВ Прилеп 3, ДВ Битола 1, ДВ Кавадарци, Трафо 1, Трафо 2, ДВ Прилеп 2и реле за општи потреби.
  - Далечинско испитување на блокадни условои со Мерно/Спојно поле и останатите полиња.

**Останати активности:**

- ХЕЦ Тиквеш – Проверка на мерење на генератор G1 и генератор G2 по интервенција на МТУ и локален систем.
- ТС Кичево – Проверка во SCADA – НДЦ по интервенција на релето за управување на Трафо 2.
- ТС Горче Петров- Проверка во SCADA – НДЦ по интервенција на релето за управување и корекција на мерења на Трафо 2.
- Изработка на колаудациски записници.
- Тестирање на ТЕ-ТО за секундарна регулација
- Тестирање на функционалноста на ИНОМ со Србија и Црна Гора
- Анализа на извештаите и резултатите добиени од NA (Network Applications), модификации во насока на добивање на коректни резултати.
- Анализа на моделот на мрежата (NA) со цел изедначување со PSS-E моделот кој се користи во службата за Анализи на мрежа.
- Тестирање на записи од Балансните Единици за активирана aFRR
- Изготвување на извештаи за активацијата на балансните единици во aFRR според балансните правила.
- Преглед на сите мерења и статуси во SCADA со анализа на состојби и извештај за понатамашна проверка со цел надминување на дефинираните недследности.
- Изготвување на извештаи со информација за настанати аларми во ТС и проследување за натамошна анализа.

- Анализи на EAS извештаите и ажурирање на податоците кои се разменуваат во реално време, надминување на одредени недоследности, според извештајот за квалитет на рзаменатите податоци во реално време.
- Изготвување на предлог процедура за далечинско испитување на функционалноста на аквизиција, обработка и презентација на податоци од трафостаници 110/х и 400/110KV, преку SCADA/EMS апликативниот софтвер инсталиран во НДЦ и РДЦ;
- Креирање на комуникациски линк IEC 104 и технолошки адреси за ТС Св.Петка. Далечинско испитување Генератор1, Генератор2, ДВ Козјак, Мерно поле, ДВ Скопје 3.
- Креирање на комуникациски протоколи IEC 104 и технолошки адреси за ТС Неокази и далечинско испитување, согласно испитниот протокол во на ДВ Пробиштип.
- Далечинско испитување ТС Штип - ДВ Црвена Могила.
- Конфигурирање на Трафо3 во Spectrum Power4 (SCADA-NDC) во ТС Овче Поле.
- Решавање на проблеми по испад во соработка со Сиеменс АГ-Австрија.

## Служба за AMR/MDM и мерење на електрична енергија

**Реализација на тековни, превентивни и корективни работни активности во дел на AMR/MDM**

- Анализа и дневна проверка на аквизиција на податоци од мерните уреди во продукциски, редундантен и тест IDSpecto систем и Converge системот.
- Дневно, полумесечно и месечно пречитување на неуспешно отчитаните мерни уреди.
- Дневна, полумесечна и месечна калкулација на CLP и CREG податоци во продукциски, редундантен и тест IDSpecto систем.
- Месечна проверка за податоци за криви на оптоварување, аквизиција на Billing податоци и месечно пречитување на неуспешно отчитани билинг податоци .
- Споредбени анализи на криви на оптоварување со Billing податоци од продукциски, редундантен и тест IDSpecto системи од Converge системот.
- Внесување рачно податоци (LP-15 мин. криви на оптоврување како и билинг вредности) за променети броила и броила кои не биле во функција согласно доставени записници во продукциски, редундантен и тест IDSpecto системоти во Converge системот.
- Системски конфигурации и изработка на математички модел како подлога за изготвување на месечни фактури.
- Промени во темплејти за изработка на месечни фактури (имиња, број на договори, адреси на компании..) и креирање на нови темплејти согласно нови договори за користење на преносната мрежа.
- Изготвување, печатење и потпишување на фактури за користење на преносна мрежа.
- Техничка поддршка на колегите од Мерење на електрична енергија при пуштање и исклучување на броила на терен и нивно тестирање, проверка на точност и редовна годишна проверка и интервенција на интерконективите броила .
- Завршни тестирања на броило од типот (Actaris SL700) со комплетирање на негов темплејт, тестирање, анализа и пуштање во употреба на броилоElster 1500 кое користи константа (Transformer fatio) и тестирања на броило од типот L&G ZMQ со комплетирање на негов темплејт, тестирање, анализа и успешно отчитување на истото преку уред за комуникација Ethernet SCALAR .
- Следење на Договор бр. 02-436/4 од 23.04.2019 година склучен со ВИСТА ГРОУП, Набавка и инсталација на редундантен и тест AMR/MDM систем.
- Следење на Договор бр. 05-793 од 30.01.2020 година склучен со ВИСТА ГРОУП, Одржување на SW на системот за далечинска аквизиција и процесирање на податоци од броила (ARM и MDM систем).
- Следење и ажурирање на WEB апликацијата, промени и доделување на права на корисници согласно известувања од МЕМО за релација снабдувач –потрошувач.
- Креирање на точка на загуби преку точно дефинирање на собироците и креирање формули на ниво Производство- Потрошувачка на Р. Северна Македонија и изготвување помошна алатка за преработка на SOMA SOAM податоци од интерконекција за сведување на точката на Загуби на граница со пресметки на дневно ниво.

- Работни активности (состаноци со раководни лица како и состаноци со претставници на АД ЕСМ) поврзани со изготвување на „Протокол за начинот на определување на пресметковните елементи за плаќање на надоместокот за користење на електропреносниот систем во реонот на ХЕЦ Маврово и ХЕЦ ЦРН Дрим",и финална достава на мислење како став на АД МЕПСО.
- Системски конфигурации и изработка на математички модели за нова Виртуелна точка како подлога за изготвување на месечна фактура согласно нов Договор за пристап и користење на преносната мрежа и надоместокот за користење на електропреносниот систем склучен помеѓу АД МЕПСО и АД ЕСМ бр 09-6428 од 15.10.2020 год.
- Системски конфигурации и изработка на математички модели за нова Виртуелна точка како подлога за изготвување на месечна фактура согласно Анекс бр 09-6792 од 04.11.2020 за изменување и дополнување на Договорот за пристап и користење на преносната мрежа и надоместокот за користење на електропреносниот систем склучен помеѓу АД МЕПСО и Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.
- Изготвување на барање за ЈН Одржување на системот за далечинска аквизиција и процесирање на податоци од броила AMR и MDM систем (превентивно одржување по доставено барањеи адаптивно одржувањекое подразбира Надградбата со последната и стабилна актуелна верзија на AMR/MDM IDSpecto апликативниот софтвер). Реализација на тековни, превентивни и корективни работни активности во дел на Мерење на електрична енергија

**Учество во проекти финансирани од меѓународни финансиски институции**

- Активности при реализација на Договорот "Extension of the supervisory control and data acquisition system (SCADA)" со Конзорциумот Siemens, Србија – СИСКОН, Македонија за ТС Дуброво арх.бр 02-5077 од 29.07.2017 - SAT и пуштање во работа 400 kV поле ДВ Солун; FAT на ормарот за комуникација.
- Активности при реализација на REHABILITATION and CONTROL PROJECT,
- Component 2– LOT 2– Supervisory, Control, Protection and DC supply systems
- SS Prilep 1 - SAT и пуштање во работа Поле 110 kV ДВ Кавадарци, 110 kV ДВ Битола 1, 110 kV трафо1, 110 kV ДВ Прилеп 2, 110kV ДВ Прилеп 3, 110 kVтрафо поле 1 и 110 kVтрафо поле 2.
- Активности при реализација на Rehabilitation of SS Skopje 4 - SAT и пуштање во работа Поле 110 kV ДВ Југ Нова А, 110 kV ДВ Скопје 2, 110 kV ДВ Драчево, 110 kV ДВ Скопје 3, 110 kV ДВ Југ Нова Б, 110 kV ДВ ЕВП Драчево, 110 kV ДВ Исток, 110 kV ДВ Скопје 1, 110 kV ДВ Аеродром, 110 kV поле ETR2, 110 kV ДВ Бунарџик, 110kV ДВ ТЕ-ТО, Трафо 2.
- Активности при реализација на Проектот за рехабилитација на ТС 110 kV Валандово. SAT и пуштање во работа Поле 110 кВ ДВ Гевгелија Е03, Поле 110 kV Милетково 2, спојно мерно поле, 110 kV трафо поле.
Покрај изготвените Решенија за годишен одмор за 2020 година согласно планот за користење од организационите делови во Друштвото (од архивски број 04-10/240 од 15.06.2020 година до 04-10/910 од 15.06.2019 година за вкупно 653 работника, во 2020 година дополнително беа изготвени ,Решенија за годишен одмор за 2020 година за другите делови од годишниот одмор за 2020 година.

**Одделот за човечки ресурси** во периодот од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година презеде активности во врска објавени јавни огласи и тоа:

- Во рамките на своето работење, службата за селекција, професионален развој и планирање - Оддел за човечки ресурси, Сектор за правни и општи работи во АД МЕПСО, врз претходно добиени согласности од Министерството за финансии, превземаше активности од аспект на Административна селекција-утврдување на навременоста и комплетноста на поднесената документација изработуваше и доставуваше Информација по спроведените, јавни огласи, и тоа:
  - Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работни односи (пречистен текст Објавен во службен весник број 167/2015 и измените и дополнување на ЗРО 27/16, 120/18, 110/19 и 267/20), член 25 од Статутот на Операторот на електропреносниот систем на РСМ, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје или скратено АД МЕПСО, Скопје, (објавен во Службен весник број 213/2019 ) како и :
    - Одлуката број 04- 358 од 16.01.2020 година за потреба од засновање на работен однос, на ден 16.01.2020 година, Операторот на електропреносниот систем на РСМ, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје или скратено АД

МЕПСО, Скопје објавен беше јавен оглас за потреба од засновање на работен однос со 3 (три ) работника за извршување на работи на неопределено време, во Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје или скратено АД МЕПСО, Скопје.

Врз основа на Одлуки за избор на кандидати по јавниот оглас примените работници засноваа работен однос на неопределено време и за истите се изврши пријава во АВРМ И ПИОМ .

- Одлуката број 04- 567 од 23.01.2020 година за потреба од засновање на работен однос, Операторот на електропреносниот систем на РСМ, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје или скратено АД МЕПСО, Скопје, се објави Јавен оглас број 04-628 од 24.01.2020 година објавен во дневните весници „Нова Македонија" и "Коха" на ден 27.01.2020 година, за потреба од засновање на работен однос со 9 (девет) работника за извршување на работи на неопределено време, во Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје или скратено АД МЕПСО, Скопје.

  Врз основа на Одлуки за избор на кандидати по јавниот оглас, примените работници засноваа работен однос на неопределено време и за истите се изврши пријава во АВРМ И ПИОМ .
- Одлуката број 02- 831 од 30.01.2020 година за потреба од засновање на работен однос, Операторот на електропреносниот систем на РСМ, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје или скратено АД МЕПСО, Скопје, се објави Јавен оглас број 04-836 од 31.01.2020 година објавен во дневните весници „Нова Македонија" и "Коха" на ден 01.02.2020 година, за потреба од засновање на работен однос со 1 (еден) работник за извршување на работи на неопределено време, во Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје или скратено АД МЕПСО, Скопје.

  Врз основа на Одлуки за избор на кандидати по јавниот оглас, примените работници засноваа работен однос на неопределено време и за истите се изврши пријава во АВРМ И ПИОМ .

Преглед на работници кои засноваа работен однос на неопределено време во АД МЕПСО, примени во 2020 година на јавен оглас.

| **Ред.бр.** | **Име и презиме** | **ОСНОВ** | **ПЕРИОД** | **Степен на образование** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 1280 Виолета Зајкова Стојановска | Оглас | 20.01.2020 | ВСС, Диплом. Инженер-технолог и магистер по менаџмент на човечки ресурси |
| 2. | 1281 Мартин Петковски | Оглас | 20.01.2020 | ВСС, Диплом.Инженер |
| 3 | 1282 Дарко Аврамовски | Оглас | 20.01.2020 | ВСС, Дипломиран економист |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | 1283 Благојче Котески | Оглас | 20.01.2020 | ВСС, Диплом. Машински Инженер |
| 5 | 1284 Екрем Рамани | Оглас | 20.01.2020 | ВСС, Електро инженер- технички факултет |
| 6 | 1286 Стефан Спасовски | Оглас | 20.01.2020 | ВСС, Дипломиран Инженерпо електротехника и информ. Технологии |
| 7 | 1287 Мафис Рушити | Оглас | 20.01.2020 | ВСС, Диплом. По компјутерски науки |
| 8 | 1296 Џеват Сулејмани | Оглас | 20.01.2020 | ВСС, Диплом. Инженер по електротехника и информа. Технологии |
| 9 | 1297 Филип Петковски | Оглас | 20.01.2020 | ВСС, Диплом. Инженер по електротехника и информациски технологии електроенергертски системи |
| 10 | 1298 Петрит Латифи | Оглас | 20.01.2020 | ВСС, Диплом.инженер по електротехника и информациски технологии-електроенергетика |
| 11 | 1300 Тина Манолева | Оглас | 20.01.2020 | ВСС, Диплом. Инженер по електротехника и информ. Технологии електроенергетика |
| 12 | 1301 Живорад Серафимоски | Оглас | 20.01.2020 | ВСС, Диплом. Инженер по електротехника и информацискии тенологии |
| 13 | 1299 Александар Жупаноски | Оглас | 22.01.2020 | ВСС, Диплом. Инженер по електротехника и информациски технологии |
| 14 | 1303 Беса Лимани | | 01.02.2020 | ВСС, Економски факултет-сметководство и финансии |
| 15 | 1304 Горан Станковски | | 10.02.2020 | ВСС, Диплом. Инженер по електротехника, насока електроенергетика |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16 | 1306 Благој Поповски | | 01.02.2020 | ВСС, Диплом. Инженер-електроенергетичар |
| 17 | 1277 Никола Рилак | | 01.02.2020 | ВСС, Дипломиран информатичар |
| 18 | 1285 Зоран Даневски | Оглас | 20.01.2020 | ССС, Електротехничар-автоматичар |
| 19 | 1288 Весел Бафтиу | Оглас | 20.01.2020 | ССС, Гимназиско образование |
| 20 | 1289 Перо Станковиќ | Оглас | 20.01.2020 | ССС, Прехранбен техничар, и лиценца за вршење работи на обезбедување на лица и имот |
| 21 | 1290 Спасе Аргиновски | Оглас | 20.01.2020 | ССС, Ветеринарен Техничар и лиценца за вршење работи на обезбедување на лица и имот |
| 22 | 1291 Дејан Николиќ | Оглас | 20.01.2020 | ССС, Машински техничар за термо постројки |
| 23 | 1292 Мевлан Асани | Оглас | 20.01.2020 | ССС, Машински техничар |
| 24 | 1293 Дритон Јусуфи | Оглас | 20.01.2020 | ССС, Електротехничар за компјутерска техника и автоматика |
| 25 | 1294 Оливер Маневски | Оглас | 20.01.2020 | ССС, автомеханичар-специјалист, машинска струка |
| 26 | 1295 Слободан Лопатички | Оглас | 20.01.2020 | ССС, електро техничар за компјутерска техника и автоматика |
| 27 | 1302 Александар Велевски | Оглас | 22.01.2020 | ССС, земјоделско училиште техничар за фармерско производство |
| 28 | 1305 Суфјан Асани | Оглас | 29.01.2020 | ССС, Електротехничар-енергетичар |
| 29 | 1307 Љупчо Ангелковски | Оглас | 12.02.2020 | ССС, електроинсталер и електромонтер |
| 30 | 1308 Георги Чолаков | Оглас | 12.02.2020 | ССС, електротехничар јака струја електротехничка струка |
| 31 | 1309 Зоран Јаковски | Оглас | 12.02.2020 | ССС, електротехничар за компјутерска техника и автоматика |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 32 | 1310 Драган Смилески | Оглас | 12.02.2020 | ССС, Машинско енергетски техничар, машинска струка |
| 33 | 1311 Драган Салтиров | Оглас | 12.02.2020 | ССС, Електротехничар за електроника и телекомуникации |
| 34 | 1312 Мохамед Зуковиќ | Оглас | 12.02.2020 | ССС, електротехничар за компјутерска техника и автоматика |
| 35 | 1314 Хари Шојлески | Оглас | 12.02.2020 | ССС, Електротехничар- јака струја, електротехника струка |
| 36 | 1313 Филип Миладиновски | Оглас | 12.02.2020 | ССС, електротехничар-енергетичар, електротехника струка |
| 37. | 1315 Куштрим Рамадани | Одлука од НО именуван за ГД | 01.12.2020 | ВСС Машински факултет М-р |
| 38 | Билен Салији | Именуван на функција Директор на СПОР со Одлука од НО | 25.12.2020 | ДИПЛ.ПРАВНИК |

Во текот на 2020 година Одделот за човечки ресурси ја ажурираше флуктуацијата во АД МЕПСО по месеци, и тоа:

**ФЛУКТУАЦИЈА 2020 година**

**I. ЈАНУАРИ: 654** (654 + 23 = 677 – 4 = 673 – 2 = 671) 671 – 1 = 670)

- На 1 (еден) работник му престанува работниот однос по сила на закон Иљаме Ќазим (со 05.01.2020 година-старосна пензија )
- На 1(еден) работник му престанува работниот однос по сила на закон Стефан Каравилоски (со 06.01.2020 година-старосна пензија )
- На 1(еден) работник му престанува работниот однос по сила на закон Ванчо Трпески (со 26.01.2020 година-старосна пензија )
- На 1(еден) работник му престанува работниот однос спогодбено Тања Тевдовска со 19.01.2020 година
- 21(дваесет и еден) работник се ново примени и работниот однос им почнува од 20.01.2020 година и тоа и
  - 2 (два) работника се ново примени и работниот однос им почнува од 22.01.2020 година
  - 1 (еден) работник престанок на работен однос Амел Амчоски со 17.01.2020 година.
- На 1(еден) работник му престанува работниот однос Благојче Николовски (починат со - 19.01.2020 год.)
- На 1 (еден ) работник му мирува работниот однос од 13.01. до 12.04.2019 год. Игор Стојановски

**II. ФЕВРУАРИ: 670** (670 + 4 = 674 – 2 = 672 + 8 = 680- 1 = 679)

- 4 (четири) работника се ново примени и работниот однос им почнува од 01.02.2020 година
- 8 (осум) работника се ново примени и работниот однос им почнува од 12.02.2020 година
- На 1(еден) работник му престанува работниот однос по сила на закон Бранко Стојановски (со 06.02.2020 година-старосна пензија )
- На 1(еден) работник му престанува работниот однос по сила на закон Благојче Ѓорѓиевски (со 29.02.2020 година-старосна пензија )
- На 1(еден) работник му престанува работниот однос по сила на закон Живко Мреношки (со 29.02.2020 година-старосна пензија )

**III. МАРТ: 679**

- На 1 (еден ) работник му мирува работниот однос од 01.03. до 31.05.2019 год. Драган Трпески
- На 1 (еден ) работник му мирува работниот однос од 01.03. до 31.05.2019 год. Евгенија Костовска
- На 1(еден) работник му престанува работниот однос по сила на закон Ангелина Неделковска (со 02.03.2020 година-старосна пензија)
- На 1(еден) работник му престанува работниот однос по сила на закон Драган Манев (со 16.03.2020 година-старосна пензија)
- На 1(еден) работник му престанува работниот однос по сила на закон Живко Ристовски (со 20.03.2020 година-старосна пензија)

**IV. АПРИЛ: 676**

**V. МАЈ: 676** (676 – 2 – 1 = 673)

- На 1(еден) работник му престанува работниот однос по сила на закон Звонимир Станковски (со 02 .05.2020 година-старосна пензија )
- На 1(еден) работник му престанува работниот однос по сила на закон Драган Бежоски(со 04.05.2020 година-старосна пензија )
- На 1(еден) работник му престанува работниот однос Пецо Јончевски (починат на 24.05.2020 година).

**VI. ЈУНИ: 673** (673-1 = 672 – 1 = 671 – 1 = 670)

- На 1(еден) работник му престанува работниот однос Драган Трпески (со 02.06.2020 година) со отказ од работодавч .
- На 1(еден) работник му престанува работниот однос по сила на закон Марија Неделковска (со 30 .06.2020 година-старосна пензија )
- На 1(еден) работник му престанува работниот однос по сила на закон Киро Маркоски (со 30 .06.2020 година-старосна пензија).
- На 01.07.2020 година- вкупно вработени 670.

**VII. ЈУЛИ: 670** (670 – 2 – 1 – 1 = 666)

- На 1(еден) работник му престанува работниот однос по сила на закон Димче Грозданов (со 10 .07.2020 година-старосна пензија )
- На 1(еден) работник му престанува работниот однос спогодбено Евгенија Костовска со 09.07.2020 година
- На 1(еден) работник му престанува работниот однос по сила на закон Драги Чаушевски (со 20.07.2020 година-старосна пензија )
- На 1(еден) работник му престанува работниот однос по сила на закон Петре Кузманоски (со 31 .07.2020 година-старосна пензија )

**VIII. АВГУСТ: 666** (666 – 1 = 665 – 2 = 663)

- На 1(еден) работник му престанува работниот однос по сила на закон Јана Ристовска (со 20 .08.2020 година-старосна пензија )
- На 1(еден) работник му престанува работниот однос по сила на закон Трајче Димков (со 31 .08.2020 година-старосна пензија )
- На 1(еден) работник му престанува работниот однос по сила на закон Душан Вучковски (со 31 .08.2020 година-старосна пензија )
- На 1 (еден ) работник му мирува работниот однос од 01.09. до 30.11.2020 год. Александар Костовски.
- На 1 (еден ) работник му мирува работниот однос од 07.09. 2020 год. до 07.11.2020 год. Митко Лолески

**IX. СЕПТЕМВРИ: 663**

**X. ОКТОМВРИ: 663**

- На 1 (еден ) работник му мирува работниот однос од 19.10. 2020 год. до 18.01.2021 год. Маја Шапкалиска
- На 1 (еден) работник му престанува работниот однос Ламбе Иловски (починат на 26.10.2020 година).
- На 1 (еден) работник му престанува работниот однос по сила на закон Мирсада Авдовиќ (со 31 .10.2020 година-старосна пензија)

**XI. НОЕМВРИ: 661**

**XII. ДЕКЕМВРИ: 661** (661 – 5- 1-1 = 654 +1+ 1 = 657)

- На 1(еден) работник му престанува работниот однос Зоран Атанасовски (со 30.11.2020 година) со отказ од работодавч .
- На 1 (еден) работник му престанува работниот однос од работно место Заменик Генерален Директор Билент Саљији (разрешен од функција)со 01.12.2020 година
- На 1 (еден) работник му престанува работниот однос по сила на закон Живко Костовски (со 02 .12.2020 година-старосна пензија)
- На 1 (еден) работник му престанува работниот однос по сила на закон Ацо Белимов (со 10 .12.2020 година- инвалидска пензија)
- На 1 (еден) работник му престанува работниот однос по сила на закон Стребре Трајковски (со 12 .12.2020 година-старосна пензија)
- 1 (еден) Именуван функционер со основан работен однос на определено време е Куштрим Рамадани Генерален Директор од 01.12.2020 година
- 1 (еден) Именуван функционер со основан работен однос на определено време е Билен Саљији Директор на Сектор за правни и општи работи од 25.12.2020 година.
- На 1(еден) работник му престанува работниот однос по сила на закон Кираца Накова и разрешување од функција (со 25 .12.2020 година-старосна пензија).

**I. ЈАНУАРИ 2021: 657 -1=656**

- На 1(еден) работник му престанува работниот однос по сила на закон Стево Скендеров (со 31.12.2020 година-старосна пензија )

Одделот за човечки ресурси во рамки на разните анализи, со податоци од кадровата евиденција заклучно со 31.12.2020 година, изготви табеларни прегледи, и тоа:

- Табеларен преглед на старосната и половата структура изразена и во проценти врз основа на ажурирани податоци заклучно со 31.12.2020 година

**Табеларен преглед број 1**

| Возраст | Мажи | Жени | Вкупно | Во проценти |
|---|---|---|---|---|
| До 19 години | 0 | 0 | 0 | 0,0% |
| 20-24 | 7 | 6 | 13 | 1,97% |
| 25-29 | 33 | 17 | 50 | 7,61% |
| 30-34 | 46 | 18 | 64 | 9,74% |
| 35-39 | 62 | 20 | 82 | 12,48% |
| 40-44 | 57 | 15 | 72 | 10,96% |
| 45-49 | 61 | 21 | 82 | 12,48% |
| 50-54 | 80 | 28 | 108 | 16,44% |
| 55-59 | 101 | 22 | 123 | 18,72% |
| 60-64 | 52 | 6 | 58 | 8,83% |
| 65- | 3 | 2 | 5 | 0,76% |
| **Вкупно** | **502** | **155** | **657** | **100,00%** |




- Табеларен преглед на вработени со работен стаж и стекнато работно искуство во АД МЕПСО врз основа на ажурирани податоци заклучно со 31.12.2020 година

**Табеларен преглед број 2**

| Стаж во АД Мепсо | Мажи | Жени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| до 5 години | 199 | 80 | 279 |
| 5-10 години | 75 | 26 | 101 |
| 11-15 години | 40 | 8 | 48 |
| 16-20 години | 44 | 8 | 52 |
| 21-25 години | 35 | 16 | 51 |
| 26-30 години | 36 | 7 | 43 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| над 30 години | 73 | 10 | 83 |
| **ВКУПНО** | **502** | **155** | **657** |




- Табеларен преглед на родовата застапеност врз основа на ажурирани податоци заклучно со 31.12.2020 година

**Табеларен преглед број 3**

| | |
|---|---|
| МАЖИ | 502 |
| ЖЕНИ | 155 |
| **ВКУПНО** | **657** |




- Табеларен преглед број 4 на стручна подготовка врз основа на ажурирани податоци заклучно со 31.12.2019 година

**Табеларен преглед број 4**

| Стручна подготовка | Мажи | Жени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Основно | 20 | 8 | 28 |
| III степен | 55 | 9 | 64 |
| IV степен | 252 | 36 | 288 |
| VI степен | 15 | 5 | 20 |
| VII1 степен | 138 | 84 | 222 |
| VII2 степен | 22 | 12 | 34 |
| VII3 степен | 0 | 1 | 1 |
| | **502** | **155** | **657** |




- Табеларен преглед број 5 за број на вработени по организациони делови врз основа на ажурирани податоци заклучно со 31.12.2020 година

**Табеларен преглед број 5**

| Организационен дел | Број на вработени |
|---|---|
| Дирекција | 62 |
| Оператор на електропреносниот систем ОЕПС | 61 |
| Оператор на преносна мрежаОПМ | 322 |
| Сектор за Информациони Технологии и Телекомуникации во Дирекција | 36 |
| Сектор за правни и општи работи | 117 |
| Сектор за финансиски работи | 59 |
| **Вкупно** | **657** |




Одделот за човечки ресурси преку интерна анкета во наредниот период ќе ја констатира и националната застапеност на вработените со нивно лично изјаснување.

Службата за селекција, професионален развој и планирање во рамки на Одделот за човекови ресурси ги вклучува сите активности што се преземаат да се привлечат и задржат вработените и да се обезбедат услови дека ја извршуваат работата на високо ниво и придонесуваат за постигнувањата на организационите цели на сите организациони делови во Друштвото. Овие активности го обликуваат системот за човекови ресурси на Друштвото, систем кој има пет главни компоненти: регрутирање и селекција, обука и развој, надградување на работата и повратна информација, плата и бенефиции и односи меѓу вработените.

Во служба за кадрова администрација и компензации, се вршат активности кои произлегуваат од правата и обврските на работницит и на работодавачот, кои се во согласност со Законите, Колективниот договор, Правилниците и упатствата на Друштвото.

Во рамки на работењето во 2020 година ,а согласно член 19 став 1 точка 9 и во врска член 49 од Статутот на Операторот на Електропреносниот систем на РС Македонија, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување, со Електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје, Управниот одбор како и согласно член 11 од Правилникот за систематизација на Операторот на електропреносниот систем на РС Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост беа донесени измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места и по извршените измени и дополни на Правилникот за систематизација на работните места на Операторот на електропреносниот систем на РСМ, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост УО бр.02- 4992/2-1 од 31.07.2018 година, Одделот за човечки ресурси во истиот, во форма на пречистен текст , ги имплементира:

- Одлуката УО број УО бр. 02-165/5 од 10.01.2020 година
- Одлуката УО број 02- 528/5 од 22.01.2020 година
- Одлуката УО број 02- 924/15 од 04.02.2020 година
- Одлука од Генерален директор број 02-1057 од 06.02.2020 година
- Одлука од Генерален директор број04- 3696 од 18.05.2020 година
- Одлука од Генерален директор број0 03-5221 од 21.08.2020 година
- Одлука од Генерален директор број0 03-5222 од 21.08.2020 година
- Одлука УО број 02-6590/2 од 22.10.2020 година
- Одлуката УО број 02-6749/2 од 03.11.29020 година

Одделот за човечки ресурси во 2020 година изготви:

- Анализа на вработени во АД МЕПСО на возраст од 64 до 67 години(вкупно 21 вработени) заклучно со 31.12.2020 година:
  - 67 години -1 лице :
    - 1-дипломиран правник
  - 66 години-3 лица:
    - 1-дипломиран електро инженер
    - 1-гимназија
    - 1-ел.техничар
  - 65 години--3 лица:
    - 1-дипломиран електро инженер
    - 2-електро техничари
  - Полни 64 години кои со изјава го продолжувале РО -12 лица:
    - 2-дипломиран електро инженер
    - 3- електро техничари
    - 1-гимназија
    - 1-машински инженер
    - 1-дипломиран економист
    - 1- дипломиран политиколог
    - 1-основно образование
    - 1-филоз.факултет ОНО
    - 1-сообраќаен техничар
  - 63 години -2 лица кои заклучно со 31.12.2020 полнат 64 години :
    - 1-електро техничар
    - 1- основно образование
- Анализа на вработени во АД МЕПСО на возраст од 64 години (вкупно 11 вработени + вработени над 64 години од 2020 година) заклучно со 31.12.2021 година:
  - Полни 64 години заклучно со 31.12.2021 година :
    - 1-дипломиран електро инженер
    - 2- електро техничари
    - 1-гимназија
    - 1- дипл шумарски инженер
    - 1-економ.техничар
    - 1- дипломиран политиколог
    - 2-основно образование
    - 3- со трет степен (лимар,келнер,автомеханичар)
- Анализа на вработени во АД МЕПСО на возраст од 64 години(вкупно 13 вработени) заклучно со 31.12.2022 година:
  - Полни 64 години заклучно со 31.12.2022 година :
    - 3-дипломиран електро инженер
    - 4- електро техничари
    - 1-гимназија
    - 6- со трет степен (автомеханичар 2,бравар,трговски аранжер,готвач,графичар)
- Анализа на вработени во АД МЕПСО на возраст од 64 години(вкупно 19 вработени) заклучно со 31.12.2023 година:
  - Полни 64 години заклучно со 31.12.2023 година
    - 2-дипломиран електро инженер
    - 1- дипломиран правник
    - 1- дипломиран политиколог
    - 8- електро техничари

- 1 техничар архитект
- 1 економски техничар
- 3 -со трет степен
- 2-основно образование

➢ Анализа на вработени во АД МЕПСО на возраст од 64 години(вкупно 21 вработени) заклучно со 31.12.2024 година:

- Полни 64 години заклучно со 31.12.2024 година
  - 3-дипломиран електро инженер
  - 1- дипломиран маш.инж.
  - 1.дипл.архитект
  - 1- дипломиран политиколог
  - 6- електро техничари
  - 2- економски техничар
  - 6 -со трет степен
  - 1-основно образование

Одделот за човечки ресурси ги ажурираше податоците во врска престанок на работниот однос во 2020 година и преземаше неопходни активности во АВРМ и ПИОМ, заклучно со 31.12.2020:

| Ред.бр. | Име и презиме | Период (година) | Основ за престанок |
|---|---|---|---|
| 1 | Иљаме Казим | 05.01.2020 | Старосна пензија |
| 2. | Стван Каравиловски | 06.01.2020 | Старосна пензија |
| 3. | Ванчо Трпески | 26.01.2020 | Старосна пензија |
| 4. | Тања Тевдовска | 19.01.2020 | Спогодбен престанок |
| 5. | Амел Амчоски | 17.01.2020 | ПРЕСТАНОК НА РО |
| 6. | Благојче Николовски | 19.01.2020 | Престанок поради смрт ма работникот |
| 7. | Игор Стојановски | 13.01.2020 до 12.04.2020 | Неплатено отсуство му мирува РО и вратен |
| 8. | Бранко Стојановски | 06.02.2020 | Старосна пензија |
| 9. | Благојче Ѓорѓиевски | 29.02.2020 | Старосна пензија |
| 10. | Живко Мреношки | 29.02.2020 | Старосна пензија |
| 11. | Драган Трпески | 01.03.до 31.05.2020 | Неплатеното отсуство МУ СЕ ТРАНСФОРМИРА ВО ПРЕСТАНОК НА РО |
| 12 | Евгенија Костовска | 01.03.до 31.05.2020 | Неплатеното отсуство МУ СЕ ТРАНСФОРМИРА ВО ПРЕСТАНОК НА РО |
| 13 | Ангелина Неделковска | 02.03.2020 | Старосна пензија |
| 14 | Драган Манев | 16.03.2020 | Старосна пензија |
| 15. | Живко Ристовски | 20.03.2020 | Старосна пензија |
| 16 | Звонимир Станковски | 02.05.2020 | Старосна пензија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | Драган Бежовски | 04.05.2020 | Старосна пензија |
| 18. | Пецо Јончевски | 24.05.2020 | Престанок поради смрт на работникот |
| 19. | Марија Неделковска | 30.06.2020 | Старосна пензија |
| 20. | Киро Марковски | 30.06.2020 | Старосна пензија |
| 21 | Димче Грозданов | 10.07.2020 | Старосна пензија |
| 22 | Драги Чаушевски | 20.07.2020 | Старосна пензија |
| 23 | Петре Кузмановски | 31.07.2020 | Старосна пензија |
| 24 | Јана Ристовска | 20.08.2020 | Старосна пензија |
| 25 | Трајче Димков | 31.08.2020 | Старосна пензија |
| 26 | Душан Вучковски | 31.08.2020 | Старосна пензија |
| 27 | Мирсада Авдовиќ | 31.10.2020 | Старосна пензија |
| 28. | Ламбе Илоски | 25.10.2020 | Престанок поради смрт на работникот |
| 29. | Билен Салији | 01.12.2020 | Разрешен од функција ЗГД |
| 30. | Зоран Атанасовски | 30.11.2020 | Отказ од работодавач |
| 31. | Живко Костовски | 02.12.2020 | Старосна пензија |
| 32. | Ацо Белимов | 10.12.2020 | Инвалидска пензија |
| 33. | Стребре Трајковски | 12.12.2020 | Старосна пензија |
| 34. | Кираца Накова | 25.12.2020 | Старосна пензија |
| 35. | Стево Скендеров | 31.12.2020 | Старосна пензија |

Одделот за човечки ресурси во текот на 2020 година превземаше активности во врска изготвување на разни анализи со цел да се организира, предлага и имплементира најдобра пракса за професионална селекција и регрутација за избор на нови вработени, распоредување на вработените (по барање на Директорите на организационите делови согласно одредбите од Колективниот договор на Друштвото) поради потреба на процесот на работа во друштвото, унапредување , по оценка од извршено усовршување, едукација и тренинг.

Одделот за човечки ресурси преку Службата за селекција, професионален развој и планирање и Служба за кадрово административни работи, компензации и бенефиции ги презема сите активности во врска кадровските потреби на Друштвото, ги спроведува јавните огласи, изготвува решенија согласно законските одредби во рамки на Колективниот договор на Друштвото, организира стручно усовршување и обуки на кадрите, организира повремена проверка на стручната оспособеност на работниците за обавување и вршење одредени работи,изработува пречистен текст согласно измените на Правилникот за систематизација на работни места.

Вработените во Одделот за човечки ресурси, се трудат да ја спроведат организациската стратегија за управување на човечките ресурси со зголемување на повратокот на инвестицијата во човечкиот капитал во Друштвото и да го намали финансискиот ризик, и истото да го постигнат преку спојување на доходот на вешти и квалификувани лица и способностите на моменталната работна сила.

Целта и задачата на Одделот за човечки ресурси е ефективно да ги имплементираат барањата на Друштвото во однос на човечките ресурси, земајќи ги во предвид законите, упатствата, процедурите и правилата за работа, на начин што се максимизираат, колку што е можно повеќе, мотивацијата, посветеноста и продуктивноста на вработените.

# ОДДЕЛ ЗА ОПШТИ РАБОТИ

Одделот за општи работи е составен од три служби и тоа:

- Служба за обезбедување
- Служба за општи работи

- архива
- кафекуварница

➢ Служба за техничко одржување и хигиена

Одделот за општи работи е организиран во рамки на секторот за правни и општи работи и сите активности ги извршува со 77 извршители распоредени на работни места во Одделот, согласно стручната подготовка и искуството кое го имаат во рамки на Правилникот за систематизација на работните места.

## Надлежност на Одделот за општи работи

Одделот за општи работи се грижи за примање на архивската пошта и нејзиното доставување до сите организациони единици како и надворешна експедиција, компјутерско водење на целокупната архивска евиденција, во рамките на истиот се обавува фотокопирање и умножување на материјали, служба која ја одржува хигиената во Дирекција но и во трафостаниците на територија на целата држава , ја одржува електричната, водоводната и канализационата инсталација во Дирекцијата на Друштвото, врши замена на дотраените и неисправните делови на инсталацијата, ја одржува мрежата на централното греење и служба која се грижи околу безбедноста и мониторингот на АД МЕПСО како во Дирекција така и во трафостаниците на територија на целата држава.

Одделот за општи работи во рамки на 2020 година ги спроведе следните ЈН кои се неопходни за извршувањето на работните обврски:

➢ Клима уреди;
➢ Одржување на систем за ладење и греење
➢ Сервисирање на клима уреди – збирни потреби
➢ Сервисирање на фотокопир и снабдување со потрошен материјал
➢ Генерално чистење на Административна зграда
➢ Сервисирање на лифтови

Од планираните ЈН во ПЈН не се реализирани следните ЈН:

➢ Подни облоги патосници
➢ Електрични апарати (оваа ЈН беше објавено, но се поништи поради Одлуката на Владата на РСМ да се стопираат сите непродуктивни трошоци)
➢ Работни маси фиокари и столици за потребите на АД МЕПСО
➢ Реконструкција на Административната зграда на АД МЕПСО

**Оделот за општи работи** навремено ги врши сите предвидени работни задачи и активности во делот на: копирницата, кафекуварницата, техничкото одржување, архивата, курирскиот дел и хигиената.

Одделот за општи работи презема активности во насока на следење и реализација на постапките за јавни набавки согласно годишната инвестициона програма за безалхохолни пијалоци, продукти за кафе кујна, средства за хигиена, канцелариски материјали, електроматеријали и потрошен материјал, сервисирање на лифтови и монтажа,набавка и монтажа на клима уреди, светлечки реклами со лого за потребите на АД МЕПСО, електрични апарати за кујна и уредување на паркинг простор во склоп на управната зграда на АД МЕПСО.

**Службата за обезбедување** во рамки на своето работење во 2020 година ги преземаше следните активности :

➢ Опслужување на системот за регистрација на работното време:
➢ Изработка и замена на картички за регистрација на работното време;
➢ Месечни извештаи за редовноста на вработените во дирекција;
➢ Водење на евиденција за патничките и товарните моторни возила во ТС Скопје 4 и ТС Скопје 1/5,ТС Дуброво,Битола 1,Битола 2,РЦ Охрид и ТС Штип;
➢ Водење евиденција за службените возила во дирекција;
➢ Издавање на патни налози за службени патувања. Во текот на 2020 година издадени се околу 7860 налози (претходно одобрени);

- Присуство на повеќе онлајн семинари организирани од Комората за приватно обезбедување на Северна Македонија ;
- Присуство на основна обука за гасење пожар во трафостаница,одржана во Трафостаница Скопје 4,организирана од референт за безбедност и здравје при работа;
- Изработка на план за работа на службата за обезбедување за 2021 година;
- Изработка на ГИП и план за јабни набавки за 2020 и 2021 година;
- Изработка на обрасци за поголема контрола за влез и излез на странки;
- Редовни и вондредни контроли на работата во дирекција за време на викенди;
- Изработка на распореди за работа на работниците за обезбедување;
- Изработка на образец за месечна плата за СПОР;
- Извршени се чести,редовни и вондредни контроли на трафостаниците,најчесто на скопските поради следење на редовноста и дисциплината на вработените;
- Евиденција за редовноста и присутноста на вработените во дирекција – годишни одмори, слободни денови, боледувања и дозволени отсуства по разни основи;
- Контрола на сите трафостаници во Република Македонија во сопсвеност на АД МЕПСО и тоа Дуброво Неготино,Битола 1 , Битола 2,РЦ Охрид и ТС Штип;
- Редовни контроли и состаноци со одговорните лица во регионалниот центар на АД МЕПСО во Охрид;
- Редовни состаноци со вработените во Службата за обезбедување за тековните проблеми во управната зграда на АД МЕПСО;
- Посета и семинари организирани од Комората за приватно обезбедување на Република Северна Македонија;
- Изработка на ЈН за униформи и истата е реализирана;
- Состанок со Комората за приватно обезбедување на Република Северна Македонија за продолжување на лиценците за физичко обезбедување;
- Соработка со подрачната единица на Министерството за Одбрана;
- Соработка со Министерството за внатрешни работи;
- Соработка со Дирекција за класифицирани информации;
- Извршување на работи во врска со физичко – техничкото обезбедување;
- Извршување на задачи околу управната зграда зададени од Генерален Директор;
- Извршување на сите останати задачи и обврски зададени од страна на Генералниот директор и Директор на сектор;

**Служба за општи работи** во рамки на 2020 година преземаше активности преку:

- **Архива**
    - За период од Јануари до Декември (заклучно 31.12.2020год.) во главната деловодна книга заведени се **8144** архивски броја и деловодник за фактури **4947** фактури. Значително поголем е вкупниот број на заверки ако се внесат броеви од помошниот деловодиник кои се **1323** архивски броја и заверки (кроз) на основните броеви .
    - Архивата секојдневно прима и доставува писма и пратки како во зградата до вработените,така и надвор по институции и фирми.
- **Копирница**
    - Во функција е копир апаратот со кој е олесната работата во Архива и воедно работата на сите подружници на АД Мепсо .Вработените ги извршуваат задачите брзо и ефикасно. Во 2020 година е обезбедено редовно сервисирана и набавка на потрошен материјал за истата.
- **Кафекуварница**
    - Во 2020 година поради пандемијата со КОВИД 19 кафекуварница работеше со смален капацитет, а во одредени периоди и воопшто не работеше.Во оваа година беше планирано кујните да се опремат со нови електрични апрати, но поради Одлуката од Влада на РСМ за кратење на непродуктивните трошоци оваа набавка се

поништи и се префрли во 2021 година. Потребните продукти за кафекуварница навремено се набавуваа.

- **Служба за техничко одржување и хигиена**
  - Во текот на 2020 година од **Служба за техничко одржување и хигиена** се преземаа активности и во двата правци на делување, хигиена и технички интервенции со одработување на задачите.

    Во целата инфраструктура на АД МЕПСО лоцирана на територија на цела држава, секаде кај што има вработени , кои се дел од оваа служба, низ редовни координации и посети на лице место се согледуваа активностите кои се предвидени во описот на работата на работните места.

    Целата зграда на дирекцијата на АД МЕПСО редовно е третирана и хигиената се одржува професионално.

    Сите организациони единици во МЕПСО АД кои се сместени во главната зграда навремено бараа и ги користеа услугите на Службата за техничко одржување и хигиена и сето тоа беше взаемно подржано за ангажманот да биде комплетен.

    Во текот на 2020 година имаше генерално чистење на дирекцијата со фирма која беше надворешно ангажирана, како и надворешно чистење на фасадата на главната зграда.

    Од средината на месец март кога вирусот КОВИД 19 земаше замав, оваа служба беше интензивно ангажирана во превенцијата од истиот и од тој период концепциски работата се подреди на новонастанатата ситуација која е активна до ден денес. Иако понекогаш со половина кадровски капацитети, во ротации, преку изолации и карантини, работата воопшто не застана, напротив се се одвиваше професионално и наменски.

    Се вршеше редовна дезинфекција на зградата или на некои нејзини делови, како дел од антипандемиските мерки.

    Вработените од техничко одржување, имаа активности околу санацијата на системот за ладење и греење во зградата кој во голема мера колабрираше и нон стоп беа на сите позиции заедно со претставници на фирмата која е ангажирана на поправка на системот. Паралелно со тоа ги извршуваа и сите други активности и интервенираа во многу ситуации кои алармираа технички дефекти во зградата.

    Сите активности кои беа поврзани со функционалноста на лифтовите и дефектите на тие системи, иако во еден правен вакум со поранешната фирма која ги одржуваше, се најде решение за истата проблематика и беа ставени во употреба.

    Завршени се јавните набавки кои опфаќаат содржини од оваа служба.

    Во текот на 2020 година , беше спроведена анкета во сите трафостаници за да се утврди реалната состојба околу хигиената и техничката одржливост во истите, како и моменталната состојба околу мерките против КОВИД 19. Сите трафостаници беа директно посетени и врз основа на сознанијата службата направи Извештај во кој исцрпно беше презентирана состојбата по трафостаници и согласно насоките од истиот беа превземени мерки кои во подоцнежниот период дадоа резултат и проблемите систематски беа решавани.

    Редовно се надгледуваат сите системи кои се витални во функционирањето на инфраструктурните капацитети на АД МЕПСО и со професионален пристап истите ги одржуваме.

    По однос на реализирани јавни набавки направени се набавки на неопходниот асортиман кој е неопходен за функционирање на службата. Дел од истите се реализирани и низ формата мали набавки, ако за тоа постоеа услови. Ги рационализиравме залихите на хемиски средства и хигиенски препарати спрема потребите иако понекогаш дневната потрошувачка ги надминуваше предвидените количини, па мораше да се интервенира вработените да бидат свесни за моментот и да се однесуваат одговорно кога е во прашање хигиената.

    Службата за техничко одржување и хигиена во 2020 година успеа да се носи со предвидените активности иако оваа година сторнираше многу процеси кои беа

предвидени да одат со друга динамика и афирмираше други моменти кои во вонредните околности оваа служба успеа да ги реши

Одделот за општи работи во 2020 година, преку Служба за обезбедување ,Служба за општи работи и Служба за техничко одржување и хигиена , презема активности и се грижи за примање на архивската пошта и нејзиното доставување до сите организациони единици како и надворешна експедиција, компјутерско водење на целокупната архивска евиденција, обавува фотокопирање и умножување на материјали, ја одржува хигиената во Дирекција но и во трафостаниците на територија на целата држава , ја одржува електричната, водоводната и канализационата инсталација во Дирекцијата на Друштвото, врши замена на дотраените и неисправните делови на инсталацијата, ја одржува мрежата на централното греење и се грижи околу безбедноста и мониторингот на АД МЕПСО како во Дирекција така и во трафостаниците на територија на целата држава.

## Кратко резиме за работата на Секторот за правни и општи работи во 2020 година

Секторот за правни и општи работи презема дејствија во обезбедувањето на правна основа и поддршка на сите активности кои се одвиваат во Друштвото што претставува предуслов за законско и правилно функционирање на целокупното работење. Секторот ја врши својата дејност согласно постоечките законски и подзаконски прописи и внатрешните акти на Друштвото, со што се обезбедува заштита на имотот, побарувањата и правата на Друштвото. Комплексноста во работењето на Секторот за правни и општи работи се огледува и во неговата структура - четири оддели преку кои се преземаа активности во рамки на 2020 година, и тоа :

**Одделот за правни работи** обезбедуваше правни услуги за координирано и непречено работење на секторите и подружниците на Друштвото, изработуваше нормативните акти и истите и ги доставуваше до Управниот одбор како предлог, постапуваше по одлуки и заклучоци на Управниот одбор, застапуваше пред судовите на Р.С. Македонија, даваше стручни мислења од областа на законот за работните односи, Колективниот договор, подзаконските акти и други прописи предвидени со закон.

**Одделот за имотно правните работи** ги следеше законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа, сопственоста, градежното земјиште, постапката за експропријација и слично и се грижеше за нивната примена. Одделот ја раководеше, организираше, насочуваше и координираше работата на Службите. Остваруваше контакти со другите раководители на одделенијата за имотно правни работи, преземаше соодветни дејствија за добивање трајно користење на градежно неизградено земјиште во сопственост на Р.С. Македонија за изградба на линиски инфраструктурни објекти од Прва категорија, ажурираше податоци во електронска форма за утврдувањето на сопственоста, поднесуваше барања за упис во книгата за недвижни имоти, а поврзани со сопственичко правните односи и вршеше други работи согласно законски и подзаконски акти.

**Одделот за човечки ресурси** ги утврдуваше кадровските потреби на Друштвото, ги спроведуваше јавните огласи, изготвуваше решенија, организираше стручно усовршување и обуки на кадрите, организираше повремена проверка на стручната оспособеност на работниците за обавување и вршење одредени работи, а во рамки на правилно законско функционирање на целокупното работење изготвуваше акти произлезени од правата и обврските на вработените во Друштвото .

**Одделот за општи работи** се грижеше за примање на архивската пошта и нејзиното доставување до сите организациони единици како и надворешна експедиција, компјутерско водење на целокупната архивска евиденција, во рамките на истиот се обавуваше фотокопирање и умножување на материјали, ја одржуваше електричната, водоводната и канализационата инсталација во Дирекцијата на Друштвото, вршеше замена на дотраените и неисправните делови на инсталацијата, ја одржуваше мрежата на централното греење и се грижеше околу безбедноста и мониторингот на АД МЕПСО.

# СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ РАБОТИ

## ОДДЕЛ ЗА ФИНАНСИИ

### СЛУЖБА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Во деловната 2020 година извршени се работи и активности од областа на осигурувањето (имотни штети, колективно, патничко осигурување, осигурување на моторни возила и слично) и тоа:

- Пријавени се 37 (триесет и седум) возила по основ на каско осигурување;
- Излезено е на терен 37 пати со претставници, одговорни лица од осигурителните компании, за согледување, утврдување на фактичката состојба, фотографирање и изготвување на записници за настанати каско штети,
- Пријавени штети по основ на автоодговорност, во овој период има 2 штети;
- Соработувано е и со Службата која е надлежна за возниот парк, за координација на активностите за усогласување на термините за закажување на поправка на оштетените возила. Сите каско штети од 2020 година се наплатени.
- Од делот на имотни штети во осигурителата компанија Винер пријавени се материјални штети настанати во 400/110 кв ТС Дуброво, каде оштетното побарување се однесува на два проводни изолатори и енергетски трансформатор 300/300/110. Постапката за реализирање- наплата на штетата е со прибирање на потребната документација од службите на АД МЕПСО кои работеа на санирање на штетата, односно извештаи за работа, работни налози и фактури од оштетените делови;
- Согласно Договорот, до осигурителните компании се доставени податоци за новонабавените и новоактивираните основни средства во периодот од 01.01. до 30.06.2020 година. Следствено на тоа се изготвени, полиси, фактури и спецификации од страна на осигурувачот , на кои е извршена контрола и проверка од наша страна;
- За време на тековната 2020 година изготвени се полиси за осигурување од автомобилска одговорност за штети причинети на трети лица, кои се обезбедени за регистрација на 99 возила сопственост на АД МЕПСО согласно Договорите со осигурителните компании како и 4 зелени картони за службените возила за патување во странство;
- Обезбедени се и изготвени полиси за АО и каско осигурување на новонабавените возила сопственост на АД МЕПСО.
- Исто така, извадени се 5 патнички осигурувања за нашите вработени кои службено патувале во странство;
- По основ на колективно осигурување (повредени лица вработени во АД МЕПСО) во овој период поднесени се 34 пријави од кои веќе по контакт со пријавените повеќето се позитивно решени, а за останатите се чека свикување медицинска комисија од страна на Уника осигурување.
- По истиот основ се пријавени два смртни случаи и истите се реализирани од осигуриттелната компанија.
- На месечно ниво, доставани се податоци до Уника осигурување за бројот на вработени во деловната 2020 година.
- Извршена е проверка и проследување на пристигнатите фактури за колективно осигурување на вработените поединечно за секој месец од 2020 година;

- Извршена е проверка и проследување на пристигнатите фактури за осигурување на имотот на АД МЕПСО кои беа доставени по основ на Договорот, а кои се плаќаат на месечни рати, согласно Договорот како што се фактури за осигурување на имотот, за каско осигурувњето на моторните возила, и за општата одговорност ;
- Проверени се пристигнатите полиси, фактури, спецификации и анекси согласно Договорот за осигурување, по сите видови на осигурување ( имот, каско, општа одговорност, колективно осигурување, и нивните спецификации) за тековната 2020 година. Проверени се сумите на осигурување, премиските стапки, полисираните премии, содржината на истите, условите за осигурување и сл. По корегирање на констатираните пропусти во фактурите и анексите од страна на осигурителната компанија, проверените и утврдените полиси, фактури, анекси и спецификации, потпишани и заверени се доставени до осигурителната компанија;
- Иврешена е проверка и и следи потврдување на доставената пресметка на бонусот за 2019/ 2020 година во висина од 4.550.938,00 денари, согласно Договорот кој беше склучен на 07.10.2019 година;
- Во деловната 2020 година работено е на прочистување на списокот на имотот на АД МЕПСО и во соработка со сите сектори активно е работено на изготвување на техничкиот дел за новата полисирана 2020/2021 година.
- Винер осигурување – Имотот на АД МЕПСО
- Уника – Општа одговорност
- Уника – Колективно осигурување на вработените од незгода
- Евроинс – Автоодговорност и Каско осигурување на возилата
- Еуролоинк – Патничко осигурување

## СЛУЖБА ЗА ДЕНАРСКО ФИНАНСИСКИ РАБОТЕЊЕ

Службата за денарско финансиско работење, во периодот од 01.01-31.12.2020 година, ги има реализирано сите планирани активности од годишниот план, важечките договори, тековните барања на компанијата, надлежните државни институции и деловни банки.

Оваа служба во претходната 2020 ги извршуваше следните задачи:

- Секојдневно вршеше следење на состојбата на жиро сметките од деловните банки, каде АД МЕПСО е комитент, евидентирање на тековните уплати и исплати;
- Секојдневно ажурирање и доставување на прегледи со состојба на жиро сметки до Генералниот директор;
- Проверка на доставените фактури во однос на нивната усогласеност со склучените договори, следење на цените и количините и нивна усогласеност со договорите за јавна набавка, како и проверка на доставените фактури во поглед на нивната пропратна документација (приемници, испратници, записник, согласност за мала набавка);
- Проверка на сите доставени фактури во однос на сите задолжителни законски елементи, ликвидирање и проследување на понатамошна реализација;
- Враќање на фактури поради непотполна документација;
- Секојдневно изготвување на прегледи за комплетирани и доспеани налози за исплата и истите се доставуваат до раководител на оддел за финансии, координатор и Директор за финансии;
- Секојдневно изготвување на прегледи на приливи, одливи и состојба на жиро сметки и истите се доставуваат до Директор на финансии;
- Изготвување на вирмански налози за исплата на сите видови обврски кои се доставуваат до службата за финансиско работење;
- Носење на налози во деловните банки;
- По реализација на налозите за наплата, секојдневно се врши ликвидирање на изводите;
- Ликвидирање на документација (фактури, налози, изводи и др.);
- Проверка на патни налози, се проверува дали патните налози се во согласност со доставените патарини (проверка на час, датум и местото на патување), се проверува дали има потпис од наредбодавачот за извршеното патување;

- Исплата на патарини по комплетирани патни налози;
- Правење на извештаи за дневници, изготвување на налог за исплата за секој вработен поединечно со внесена трансакциска сметка и вкупно проверен износ;
- Плаќање на административни такси, судски такси, провизии, вештачења по доставени дописи од секторите/подружниците;
- По доставени уредно изготвени решенија за јубилејни награди, надоместоци за отпремнина, надоместоци за боледување, надоместоци за смрт на член на семејство на вработен, надоместоци за новороденче, надоместоци за смрт на вработен, се изготвуваат налози за исплата како и се врши пресметка и уплата на персонален данок на доход во програмот на УЈП;
- По Одлука на Владата на Република Северна Македонија се врши навремено (секој месец) пресметка и исплата на членовите на Надзорниот одбор месечен паушал, телефон и надомест за превоз со сопствено возило за членовите со место на живеење надвор од Скопје како и пресметка на персонален данок за истите исплати;
- Пресметка и исплата на одвоен живот;
- Секојдневно изготвување на касовиот извештај и проверка на салдо со готовина во каса и салдо во извештајот со цел да не се надмине касовиот максимум;
- Подигање на готовински средства од банка;
- Проверка и ликвидирање на калкулации од странски фактури, како и обезбедување на потписи за понатамошно книжење на истите;
- Вршење на интерна комуникација со колегите во врска со тековните активности;
- Редовна комуникација со наши коминтенти за наплата по фактури и за останатите потреби во доменот на работата на службата за финансиска оператива;
- Следење на наплата на побарувања и нивна евиденција, како и известување за неплатени фактури до ОЕПС и ОПЕЕ;
- Праќање опомени пред тужба кај должници;
- Продолжување на важност на банкарски гаранции за предлог за трајна експропријација за изградба на ДВ;
- Согласно доставени предлози за утужување спроведени се вештачења;
- Изготвување на прегледи за старосна структура на побарувањата;
- Постапување по пристигнати дописи и нивно процесуирање, а по комплетна проверка се доставуваат потребните информации и доколку е потребно се доставуваат и потребните документи;
- Изготвување на месечен преглед на вкупни приходи и расходи и истиот се доставува до Директор за финансии;
- Изготвување на старосна структура на побарувања и камати за Пописната комисија;
- Обезбедување на Бонитет од Централен Регистар на Северна Македонија и Потврда за платени даноци од УЈП како и
- Пресметка на каматни листи на комитенти за задоцнето подмирени побарувања;
- Проверка и ликвидирање на калкулации од странски фактури, како и обезбедување на потписи за понатамошно книжење на истите;
- Вршење на интерна комуникација со колегите во врска со тековните активности;
- Комуникација со странки за плаќање на фактурите и за останатите потреби во доменот на работата на службата за денарско финансиско работење;
- Следење на наплата на побарувања и нивна евиденција и исто така се врши известување за неплатени фактури до ОЕПС и ОПЕЕ;
- По Одлука на УО, Решение од Министерство за правда и склучени договори се изврши исплата на следниве донации:
    - ЈЗУ „Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство'', Црвен крст, Општина Вевчани, ОУ „Јохан Х Песталоци'' Скопје, ЈЗУ „Свети Наум", Фудбалски клуб „Питу Гули", Ракометен клуб „Јуниор", Културен Центар Битола, Манастир,, Свети Јован Крстител'', Општина Чаир, Ски ,,Олимпик'' Скопје.

# СЛУЖБА ЗА ТЕКОВНО ДЕВИЗНО РАБОТЕЊЕ

Службата за тековно девизно работење, во периодот од 01.01.2020-31.12.2020 година, ги има завршено сите планирани активности, како и останатите тековно појавени потребни активности. Се работи за активности во доменот на тековното, безготовинско и готовинско девизно работење. Активностите се извршувани согласно планот, важечките договори, тековните барања на компанијата како и барањата на надлежните државни институции и деловни банки.

## Главни дневни активности на Службата

- Финансиско следење на девизните договори кои се во надлежност на Службата.
- Водење на книга за излезни фактури со пропратни податоци.
- Водење на книга на влезни фактури со податоци за калкулации.
- Ликвидирање и евиденција на изводи по сметки и по банки.
- Изработка и евиденција на калкулации.
- Спроведување на лицитации, кога се прави избор на банка со најповолни услови и најниски трошоци, за обезбедување на потребно девизно покритии.
- Оформување, проверка, ликвидирање и дневно ажурирање на секојдневно потребната влезна и излезна, основна и пропратна документација, по сите основи ( документи 1450, 1451, 743, 746, девизни изводи по сите сметки, касови извештаи, извештаи за девизни трансакции, налози за извршени службени патувања во странство како и ажурирање на податоци за КИПО, ДД-И, ВС-11и други задолжителни извештаии.
- Изработка на документација за фактурирање и распоредување на тековни девизни приливи.
- Изработка на документација за затварање на доспеаните тековни девизни обврски.
- Обработка, ликвидирање и администрирање на патни налози за службени патувања во странство.
- Водење на книга за извршени службени патувања во странство по лица со сите потребни податоци.
- Редовно обезбедување на потребни готови парични средства и нивно следење.
- Обезбедување и проверка на доставените платежни инструменти и нивно следење.
- Деловна коресподенција и комуникација со институциите како НБРМ, УЈП , деловните банки и др. при обезбедувањето на сите потребни потврди, решенија, даночни ослободувања, регистрации, редовни и вонредни извештаи согласно законската регулатива.
- Изготвување на потребните интерни извештаии.
- Изготвување на потребните екстерни извештаии.

## Финансиски и бројчани податоци произлезени од работењето на Службата во оваа година

- Обработени податоци и доставен ДД-И извештај, за приходи на кој се пресметува данок по задршка, за трансакции во износ од ЕУР 234.752,13.
- Обработени податоци и доставен извештај ВС-11 за вложувањата во странство, ЕУР 40.000,00.
- Комплетирани , обработени и ликвидирани 503 девизни изводи.
- Обработени, комплетирани и ликвидирани 68 налози за остварени службени патувања во странство.
- Комплетирани и обработени решенија и подигната девизна готовина во износ од ЕУР 22.700,00.
- Комплетирана документација и вратена девизна готовина на крајот од 2020 година во износ од ЕУР 2.613,90,00 по што е уредно затворена девизната каса со салдо од 0,00.

- Обработени и распоредени гарантни депозити во износ од ЕУР 15.950,00.
- Распоредени девизни приливи од тековното девизно работење во износ од ЕУР 10.602.756,65.
- Обработени барања и изготвени документи и фактури во износ од ЕУР 10.493.863,31.
- Редовно и во рок наплатувани девизните побарувања по сите основи.
- 2020 година е завршена, со евидентирани, поради недоспеаност, ненаплатени девизни побарувања во износ од ЕУР 1.091.323,67.
- Примени девизни фактури, во рамки на тековното девизно работење, во износ од ЕУР 5.048.362,90.
- Исфинансирани обврски од тековното девизно работење, во износ од ЕУР 4.990.448,89.
- Редовно и во рок подмирувани сите доспеани девизни обврски.
- 2020 година е завршена со евидентирани, поради недостасаност, неплатени девизни обврски во износ од ЕУР 11.500,00.
- Обработени податоци и изработени 240 калкулации за излезни финансиски документи.
- Обработени податоци и изработени 111 калкулации за влезни финансиски документи.
- Обработени се документи за продажба, од редовните девизни сметки, во вкупен износ од ЕУР 4.000.000,00.
- Обработени се податоците и евидентирани промените во наменската сметка за донаторскиот проект crossbow во износ од ЕУР 22.021,00 согласно извештајот 01-05/2020, ЕУР 4.696,00, согласно извештајот 06-08/2020 и ЕУР 7.138,00 согласно извештајот 09-12/2020.
- Обработени се податоците и евидентирани промените во наменската сметка за донаторскиот проект trinity во износ од ЕУР 10.655,00 согласно извештајот 10/2019-09/2020 и ЕУР 2.253,00, согласно извештајот 10/2020-12/2020.
- Согласно Решенијата за даночни ослободувања, донесени од УЈП, платени се девизни обврски во износ од ЕУР 217.593,14, а со платен данок ЕУР 4.267,00.
- Прибрани се и обработени сите податоци за промените во побарувањата и обврските од и во странство, за потребите на НБРМ.
- Прибрани се и обработени сите податоци за даноците по задршка за потребите на УЈП.

## Дополнителни, заеднички и поединечни, активности на Службата

Во однос на дополнителните активности на Службата, вработените земаа учество во комисии каде што беа наименувани.

Соработуваа и се надополнуваа со сите организациони единици. Пред се, со Службите од Секторот за финансии односно сметководство, оперативата, и Службата за кредитирање на меѓународни проекти. Потоа, со Одделот за комерција, при дефинирањето на условите за девизни плаќања, инструментите за обезбедување, класификација на услугите, даночните регистрации на нерезиденти, даночни ослободувања на нерезиденти. Потоа, со Подружницата ОЕПС, во доменот на оформување на финансиската документација, инструментите за финансиско обезбедување и финансиската реализација на активности произлезени од нивното работење, во рамки на меѓународниот договор за ИТЦ, меѓународните договори со трговците на електрична енергија за користење на прекуграничните капацитети, меѓународните договори со ЕМС, ЕСО – ЕАД, ЕНТСО-Е, ЦАО како и во други меѓународни договори во кои финансирањето и наплатата одат преку редовните девизни сметки.

## СЛУЖБА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ

Во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година сите планирани активности во Службата за кредитирање на меѓународни проекти се извршуваа согласно планот, важечките договори, но и согласно тековните барања на компанијата, деловните банки како и надлежните државни институции.

- Секојдневното работење ги опфати сите потребни дејствија поврзани со:

- Затворање на сите доспеани обврски согласно договорите за заеми склучени со меѓународните финансиски институции. За таа цел се реализираа лицитации за избор на банка со најповолни услови и најниски трошоци, извршени се купопродажби на девизни средства и оформување на за тоа потребната влезна и излезна документација;
- Финансиско следење на договорите кои се во надлежност на Службата за кредитирање на меѓународни проекти;
- Проверка на пристигнатите фактури и извршување на потребните активности околу обезбедувањето на покритие по доспеаните обврски по договорите финансирани од заемите ЕБРД 44114 и ЕБРД 46274;
- Изготвување на калкулации за пристигнатите и одобрени фактури по договорите финансирани од меѓународните заеми;
- Изготвувањето на сите потребни интерни и екстерни извештаи.
- Во согласност со наведеното, во посочениот период обавувани се следните активности:
- Од сите деловни банки редовно е подигана и обработувана документацијата произлезена од кредитното девизно работење, односно изводите и повратно обработените налози 1450, 743, 746;
- Секој банкарски документ е евидентиран, проверуван, комплетиран и понатаму проследен на дообработка во друга, соодветна служба;
- Комлетирани се и предадени на понатамошна обработка девизните изводи за направените трансакции од девизните сметките во деловните банки;
- Обработени се банкарските документи за пристигнатите приливи (на специјалните сметки отворени за потребите на заемите од ЕБРД) и истите се повратно проследени во деловните банки и во книговодството за понатамошна обработка. Така, во овој период повлечени се и распоредени девизни приливи од кредитното девизно работење, и тоа: од кредитот ЕБРД 44114 во износ од ЕУР 6.429.358,20, додека од кредитот ЕБРД 46274 во износ од ЕУР 429.528,42;
- Вршен е редовен прием на новата девизна документација и регистрација на истата во форма во која документот тоа го налагал;
- Проверена е пристигнатата документација, изработена е банкарската документацијата (пријавен лист-намера, аукциски образец, заклучница, образец 1450 и 30 и врз основа на истата обезбедени се девизни средства за доспеаните меѓународни обврски како и плаќања по други основи финансирани од сопствени средства;

➢ Во 2020 година преку Службата се проверени девизни обврски и се извршени плаќања во вкупен износ од **ЕУР 10,244.681,08** и тоа:

- Обработена е целокупната пристигната документација и направени се потребните активности околу обезбедувањето на покритие по доспеаните обврски по договорите финансирани од заемот со ЕБРД 44114. За таа цел, од кредитните средства распоредени на специјалната девизна сметка во Охридска банка, за плаќања по домашни компоненти, се продадени девизни средства во износ **3.141.093,51 ЕУР.**

➢ Состојбата на специјалната сметка во Охридска банка на 31.12.2020 година е 6.371.317,59 ЕУР.

- По договорите финансирани од заемот со ЕБРД 46274 е обработена е целокупната пристигната документација и направени се потребните активности околу обезбедувањето на покритие по доспеаните обврски . За таа цел, од кредитните средства распоредени на специјалната девизна сметка во ЦКБ за плаќања по договори од Заемот се платени средства во износ **737.380,91 ЕУР**.

➢ Од сопствени средства од сметките во банките (Охридска Банка, ЦКБ и НЛБ Банка) во периодот од 01.01.2020 г. до 31.12.2020 г. се извршени плаќања во износ од **ЕУР 1.010.847,42** за финансирање на обврските по договорите финансирани од заемот од ЕБРД 44114 и по заемот од ЕБРД 46274.

- Состојбата на специјалната сметка во ЦКБ на 31.12.2020 година е 20.197,18 ЕУР.

- Платени доспеани ануитети по кредити од меѓународни финансиски институции
  - По доспеани ануитети од меѓународните финансиски институции во 2020 година вкупно се исплатени **5.355.359,24 ЕУР**:
    - Извршено е проверка на целокупната документација, обезбедено е покритие и извршено е плаќање на два ануитети по Заемот ЕИБ 22332 во вкупен износ од **ЕУР 833.864,49.**
    - Извршени се потребните активности околу обезбедувањето на покритие по доспеаните обврски (рата и камата), за што е проверена и обработена девизната документацијата по кредитот од ИБРД 48140 - два ануитети во годината, во вкупен износ од **ЕУР 1.640.046,25.**
    - Проверена е и обработена девизната документацијата и направени се потребните активности околу обезбедувањето на покритие по доспеаните обврски (рата и камата) - два ануитети во годината, по кредитот од ИБРД 80440 во вкупен износ од **ЕУР 872.551,74**.
    - Проверена е и обработена девизната документацијата и направени се потребните активности околу обезбедувањето на покритие по доспеаните обврски по кредитот од ЕБРД 44114 - два ануитети , во вкупен износ од **ЕУР 1.568.113,09** (отплата, камата и провизија за неповлечени средства).
    - Проверена е и обработена девизната документацијата и направени се потребните активности околу обезбедувањето на покритие по доспеаните обврски по кредитот од ЕБРД 46274 - два ануитети во годината, во вкупен износ од **ЕУР 440.813,67** (отплата, камата и провизија за неповлечени средства).

Во врска со отплатата на доспеаните обврски (ануитети) и повлекувањето на нови средства од заемите, изготвувани се редовно, во за тоа определени рокови, задолжителните извештаи за сите направени девизни трансакции, како и за сите настанати промени во рамките на меѓународните кредити и истите се доставувани во пропишаната форма до надлежните институции како што е пред се Министерството за финансии на РМ и НБРМ и тоа: НД2, НД3, НД4 за потребите на НБРМ и М1и swiftovite до Министерството за финансии.

- Останати активности:
  - Одржувана е редовна тековна комуникација со деловните банки во кои АД МЕПСО има отворено сметки во рамките на редовното работење, како и во насока на подобрување на меѓусебната соработка и обезбедување на поповолни услови за работа.
  - Одржувана е редовна комуникација со колегите од останатите организациони единици, таму каде што процесот на работа тоа го налагал и каде вработените беа повикани да дадат мислење или сугестии.
  - Вработените активно учествуваа во работењето на одредени комисии и работни групи каде што беа назначени.
  - Согласно склучените договори за заеми со ЕИБ, ИБРД и ЕБРД се изготвени пресметки за бараните финансиски показатели (ковенанти), а изработена е и доставена цеклокупната документација побарана од страна на независниот ревизор **A&BA Group** во делот на кредитното девизно работење.
  - За потребите на план и анализа на работењето на АД МЕПСО изготвени се краткорочни и долгорочни прогнози на обврските по заеми (главница и камата).
  - За потребите на сметководството се направени и доставени пресметки за разграничување на долгорочните и краткорочните обврски по заеми од меѓународните финансиски институции, пресметани се и доставени курсните разлики по евидентираните обврски, а извршувани се и сите останати работни задачи и задолженија кои биле добиени од претпоставените.

# ОДДЕЛ ЗА СМЕТКОВОДСТВО

Одделот за сметководство во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година, ги има извршено сите тековни потребни активности во доменот на целокупната доставена документација од безготовинско и готовинско денарско работење, безготовинско и готовинско девизно и кредитно работење. Активностите се извршуваа согласно усвоените сметководствени политики на АД МЕПСО. Во горенаведениот период спроведени се сметководствени евидентирања односно книжења на денарски и девизни изводи во деловните книги на Друштвото како што следи:

- Денарски изводи
  - 10010 Стопанска Банка од извод 1 до 156
  - 10022 Тутунска банка од извод бр. 1 до 12
  - 10014 Тутунска банка од извод бр. 1 до 153
  - 10012 Тутунска банка од извод бр.1 до 35
  - 10018 Тутунска банка од извод бр. 1 до 17
  - 10013 Централна Кооперативна Банка од извод бр. 1 до 78
  - 10015 Охридска Банка од извод бр. 1 до 174
  - 10019 Охридска Банка од извод бр. 1 до 2
  - 10023 Шпаркасе Банка од извод бр. 1 до 33
  - 10024 Халк Банка од извод бр. 1 до 132
  - 10025 Уни Банка од извод бр. 1 до 46
  - 10026 Комерцијална Банка од извод бр. 1 до 145
  - 10027 ТТК Банка од извод бр. 1 до 24
  - 10028 Охридска банка Кросбоу извод бр.1
  - 10029 Прокредит банка од извод бр.1 до 5
- Девизни изводи
  - 1030/2Стопанска Банка од извод бр.1 до 25 (ЕУР)
  - 1030/69Стопанска Банка од извод бр. 1 до 11 (ГБР)
  - 1030/7Стопанска Банка од извод бр. 1 до 11 (ЕУР-ЕИБ)
  - 1030/4 Стопанска Банка од извод бр. 1 до 11 (УСД)
  - 1030/71 Стопанска Банка од извод бр. 1 до 11(ЦХФ)
  - 1030/43Тутунска банка 29520000 од извод бр. 1 до 44 (ЕУР)
  - 1030/42 Тутунска банка 70010000 од извод бр. 1 до 81 (ЕУР)
  - 1030/37 Тутунска банка 70010011 (ЕУР) - нема
  - 1030/82 Тутунска банка 29520001 (ЕУР)од извод бр.1 до 2
  - 1030/11 Тутунска банка 71910000 од извод бр. 1 до 67 (ЕУР)
  - 1030/74 Охридска Банка 700000000 извод бр. 1 до 86 (ЕУР)
  - 1030/72 Охридска Банка 719115000 извод бр. 1 до 29 (ЕУР)
  - 1030/78 Охридска Банка 70000000/840 (УСД) од извод бр.1 до 2
  - 1030/83 Охридска Банка 70000008 од извод бр. 1 до 31(ЕУР)
  - 1030/85 ЦКБ 320140026312510 од извод бр. 1 до 27 (ЕУР)
  - 1030/75 Охридска Банка 719115000/840 (УСД) од извод бр.1 до 2
  - 1030/84 Охридска Банка 70000011 -нема (ЕУР)
  - 1030/86 Охридска Банка 70000013 - нема (ЕУР)

Во деловните книги на АД МЕПСО евидентирани се денарски касови извештаи од бр.1 до бр.42 заклучно со дата 31.12.2020 година. Искнижени се и девизни касови извештаи за секој месец поединечно. Книжењето на фактури денарски/девизни (влезни и излезни) се извршува тековно и за цела година се прокнижени околу 5000 фактури. Прокнижени се и фактури кои што се однесуваат на проекти од меѓународни кредитни линии (ЕБРД; ЕИБ и ИБРД).

Континуирано се вршеше усогласување со деловните партнери за состојбата по пат на конфирмации кои се доставуваат до Одделот за сметководство од страна на купувачите и добавувачите.

Изготвени се Обрасци ИОС (изводи на отворени ставки) и доставени до деловните партнери.

Изготвена е и предадена во Централен регистар на Македонија и УЈП Завршна сметка и Консолидирана завршна сметка за 2019 година.

Од финансиското сметководство изготвени се и доставени спецификации и картици потребни за изготвување на пописот на побарувања и обврски за 2020 година.

Прокнижени се сите доставени каматни листи и пресметки на курсни разлики.

Во делот кој што се однесува на сметководството за основни средства прокнижени се сите достасани фактури, извршено е задолжување врз основа на издатници и преносници, пресметана е и прокнижена амортизација и изготвени се и доставени пописни листи до членовите на пописни комисии за редовен попис за 2020 година.

Во делот за материјално сметководство прокнижени се сите приемници (финансиски) по достасани фактури, извршено е упросечување на месечно ниво и извршено е финансиско евидентирање на ситен инвентар на залиха. Воедно извршено е и задолжување на лица со ситен инвентар во употреба. До членовите назначени за вршење на попис за тековната 2020 година доставени се пописните листи по магацини и лични задолжувања.

Во делот кој што се однесува за пресметка на плата во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 пресметани се и исплатени плати за сите вработени, поднесени се статистички извештаи, приготвени се боледувања и доставени до Фондот за здравствено осигурување, и М-4 обрасци за вработените до Пензиско и инвалидско осигурување на Македонија. Воедно континуирано беа подготвувани пресметки за пензии, се издаваа потврди за висина на плата по барање на вработените и се пополнуваа банкови обрасци за добивање на кредити за наши вработени.

Во однос на даночната регулатива месечно се доставувани и книжени редовно пријавите за Данок на додадена вредност, исправките на Данок на додадена вредност и Данок на добивка до Управата за јавни приходи.

До Заводот за статистика квартално доставуван е Образецот ДВ.КВ.ИН.

Континуирано до Управа за јавни приходи се доставуваа комплетирани документи за дадени донации во рок од 30 дена по уплата на средствата.

Доставени се и прегледи за репрезентација по барање до Влада на Р.М.

Во текот на 2020 година вршени се припреми за изготвување на Завршна сметка за 2020 година и финансиски извештаи како и консолидирана завршна сметка и консолидирани финансиски извештаи.

Воедно во текот на 2020 година извршена е ревизија од страна на незвисниот ревизор A&B Group за завршна сметка за 2019 година, при што активно учество земаа вработените во Одделот за сметководство .

Раководителот на Одделот за сметководство како интерен проверувач учествуваше во редовните интерни проверки на Ситемот за менаџмент со енергија, согласно сертификатот за интерен проверувач и Процедурата за интерни проверки.

Воедно Раководителот на Одделот учествуваше како член на техничка комисија при јавна набавка за избор на независен ревизор за годишната сметка и финансиските извештаи за 2020 и 2021 година.

Во текот на 2020 година посетени се задолжителни обуки за континуирано професионално усовршување согласно Законот за вршење на сметководствени работи и Институтот за сметководители и овластени сметководители (ИСОС).

# ОДДЕЛ ЗА КОМЕРЦИЈАЛНИ РАБОТИ

### Следење на реализација на претходно склучени договори

Одделот за комерцијални работи во текот на 2020 година ја следеше реализацијата на 106 договори за јавни набаваки, ***прилог 5-1***, склучени заклучно со 31.12.2019 година.

Следењето опфаќа прием на фактура, комплетирање со сите потребни документи, проверка дали е изготвена согласно договорот, дали предметот на договорот е реализиран во рок, доколку не е, се изготвува документација за санкционирање на носителот на набавката, се изготвува Преглед кој ја прати фактурата во кој е наведен носителот на набавката, бројот на

договорот, вредноста на која е склучен договорот, искористена вредност и вредност која останува за реализација и кон комплетната документација што ја прати фактурата за плаќање се додава и Листа за превземање на финансиски обрски согласно Процедура.

**Склучени нови договори**

Во 2020 година склучени се 111 нови договори за јавни набавки за постапки започнати пред и во 2020 година (29 договори за постапки започнати пред 2020 година и 82 договори за постапки започнати во 2020 година), ***прилог 5-2***, со спроведени активности до нивно склучување, изработка на договорите и нивно усогласување со барателите и со носителите на набавки, објавување на известувања за склучен договор и тековни активности за следење на реализацијата на истите.

**Планирани постапки во 2020 година**

Во Годишниот план за јавни набавки во 2020 година, со неговата последна измена и дополна од 18.11.2020 година, беа планирани 147 постапки за јавни набавки, со вкупна вредност од 491.572.760 денари или 7.993.053 евра, од кои:

- 87 постапки, со вредност од 288.246.195 денари / 4.686.930 евра за набавка на стоки,
- 52 постапки, со вредност од 142.164.815 денари / 2.311.623 евра за набавка на услуги, и
- 8 постапки, со вредност од 61.161.750 денари / 994.500 евра за набавка на работи.

**Побарани / Непобарани постапки во 2020 година**

***Побарани постапки за јавни набавки*** – До Одделот за комерцијални работи во текот на 2020 година од Подружниците, Секторите / Кабинетот на генералниот директор беа доставени вкупно 110 Барања за започнување со реализација на постапки за јавни набавки (без повлечени и вратени барања), со вкупна проценета вредност од 363.454.545 денари или 5.909.830 евра.

Од 110-те Барања за јавни набавки, 100 Барање (со вкупна проценета вредност од 341.929.545 денари или 5.559.830 евра) се објавени, а 10 Барања (со вкупна проценета вредност од 21.525.000 денари или 350.000 евра) не се објавени.

10-те Барања за јавни набавки не се објавени поради тоа што за 8 Барања не беше донесена одлука за јавна набавка, додека 2 Барања не беа одобрени за објавување.

Реализацијата на Барањата за јавни набавки, во зависност од водењето на постапката, опфаќа изработка на сета потребна документација согласно интерните процедури.

**Непобарани постапки во 2020 година**

Од планираните 147 постапки за јавни набавки во 2020 година не беа побарани за започнување со реализација 36 постапки, со вкупна проценета вредност од 89.892.890 денари или 1.461.673 евра.

Состојбата на постапките за јавни набавки започнати во 2020 година е дадена во ***прилог 5-3***, а степенот на реализација на Годишниот план за јавни набавки во 2020 година е даден во ***прилог 5-4***.

**Поништени постапки**

Од постапките објавени во 2019 година и започнатите 100 постапки на јавни набавки во 2020 година, во текот на 2020 година ***поништени се целосно*** 25 постапки на јавни набавки (8 постапки објавени во 2019 година и 17 постапки започнати во 2020 година), и тоа:

- ЈН 12647/2019 со предмет: Data room во НДЦ, поништена постапка поради немање прифатливи понуди;

- ЈН 15158/2019 со предмет: Набавка на кабли тип NYCY - 2x25mm2 и 2x35mm2, поништена постапка поради немање прифатливи понуди;
- ЈН 15169/2019 со предмет: Телефонски апарати (аналогни), поништена постапка поради немање прифатливи понуди;
- ЈН 15627/2019 со предмет: Дератизација и дезинсекција во сите трафостаници и дирекција на МЕПСО, поништена постапка поради немање прифатливи понуди;
- ЈН 15634/2019 со предмет: Набавка и инсталација на Remote Terminal Units за интерконекции, поништена постапка поради немање прифатливи понуди;
- ЈН 15735/2019 со предмет: Одржување на HW на SCOUT RTU, поништена постапка поради немање прифатливи понуди;
- ЈН 15819/2019 со предмет: Одржување на HW за аукции, поништена постапка поради немање прифатливи понуди;
- ЈН 15898/2019 со предмет: Ревитализација на ДВ 2x110 kV крак Вапила - ТС Охрид 1 - Изработка на проектна документација, поништена постапка поради пропуст во тендерската документација;
- ЈН 01451/2020 со предмет: Набавка на услуги од RSCI, поништена постапка поради немање прифатливи понуди;
- ЈН 03065/2020 со предмет: Поправка и калибрација на мерна опрема во ОПМ - збирни потреби, поништена постапка поради немање прифатливи понуди;
- ЈН 03136/2020 со предмет: Набавка на инструмент за автоматско определување на меѓуповршински напон, поништена постапка поради немање прифатливи понуди;
- ЈН 03213/2020 со предмет: Систем за радио поврзување – радио станици, поништена постапка по решение на ДКЖЈН;
- ЈН 04354/2020 со предмет: Испитување на опрема за работа на висина и заштита од пад, поништена постапка поради немање понуди;
- ЈН 04985/2020 со предмет: Електрични апарати, поништена постапка поради тоа што настанале непредвивени промени во буџетот на договорниот орган;
- ЈН 05101/2020 со предмет: Сервисирање на моторни пили, поништена постапка поради немање прифатливи понуди;
- ЈН 08092/2020 со предмет: Набавка на нови исправувачи 220 V DC, поништена постапка поради немање прифатливи понуди;
- ЈН 08201/2020 со предмет: Набавка на обработени L-профили и плочи за ДВ столбови, поништена постапка поради немање прифатливи понуди;
- ЈН 09962/2020 со предмет: Сервисирање на косилки, поништена постапка поради немање прифатливи понуди;
- ЈН 10051/2020 со предмет: Испитување на опрема за работа на висина и заштита од пад, поништена постапка поради немање прифатливи понуди;
- ЈН 10073/2020 со предмет: Набавка на резервни делови за Дизел Агрегати, поништена постапка поради немање прифатливи понуди;
- ЈН 10571/2020 со предмет: Набавка на сигнализација и резервни делови за ноќна сигнализација на ДВ (по спецификација – збирни потреби), поништена постапка поради немање прифатливи понуди;
- ЈН 10581/2020 со предмет: Транзиција на Систем за менаџмент на енергија од ISO 50001:2011 во ISO 50001:2018, поништена постапка поради немање понуди;
- ЈН 13429/2020 со предмет: Сервисирање на моторни пили, поништена постапка поради немање понуди;
- ЈН 13681/2020 со предмет: Одржување на управувачки релеа, поништена постапка поради немање понуди;
- ЈН 14206/2020 со предмет: Канцелариски материјал, поништена постапка поради немање прифатливи понуди;

***Поништени се делумно*** 8 постапки на јавни набавки (1 постапка објавена во 2019 година и 7 постапки започнати во 2020 година), и тоа:

- ЈН 15054/2019 со предмет: Специјална заштитна опрема за ДВ екипи за екстремно ниски и високи температури - за Дел 2 поништена постапка поради немање прифатливи понуди;

- Постапка со предмет: Услуги за хотелско сместување - збирни потреби - Дел 5, Дел 7, Дел 9, Дел 10 и Дел 11 поништена постапка поради немање ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда;
- ЈН 03008/2020 со предмет: Калибрација на испитна опрема - за Дел 1 и Дел 2 поништена постапка поради немање прифатливи понуди;
- ЈН 03267/2020 со предмет: Инструмент за спојување на оптички влакна (Fusion Splicer) и додатна опрема - за Дел 2 поништена постапка поради немање прифатливи понуди;
- ЈН 06249/2020 со предмет: Тековно одржување на моторните возила - Дел 12 поништена постапка поради немање прифатливи понуди, Дел 11 и Дел 13 поништени постапки поради немање понуди;
- ЈН 10502/2020 со предмет: Опоменски таблички – збирни потреби - за Дел 2 поништена постапка поради немање прифатливи понуди;
- ЈН 10575/2020 со предмет: Поправка и калибрација на мерна опрема во ОПМ - збирни потреби - за Дел 2 поништена постапка поради немање прифатливи понуди;
- ЈН 13024/2020 со предмет: Одржување на системи за процесен интерфејс во ТС со далечинско управување - за Дел 2 поништена постапка поради немање понуди.

**Повлечени/вратени Барања за јавни набавки**

Во 2020 година повлечени/вратени се 3 (три) Барања за јавни набавки, и тоа:

- Надзор над градба на 110 kV далековод ТС Скопје 4 - ТС Велес од Кабинет на ГД;
- Авио билети - Резервација на услуги за воздушен транспорт на луѓе од Сектор за финансиски работи;
- ТС Самоков 110 kV - Реконструкција и модернизација на решението за управување од Подружница ОЕПС.

**Примени жалби по јавни набавки и Решенија по жалби на ДКЖЈН**

Во текот на 2020 година примени се 9 (девет) жалби по спроведени постапки за јавни набавки, за:

- ЈН 13727/2019 со предмет: Надзор над градба на електроенергетски објекти, со Решение на ДКЖЈН: жалбата се одбива како неоснована;
- Постапка со предмет: Услуги за хотелско сместување, со Решение на ДКЖЈН: жалбата се отфрла поради неуредност;
- ЈН 03213/2020 со предмет: Систем за радио поврзување – радио станици, со Решение на ДКЖЈН: жалбата се усвојува;
- ЈН 03213/2020 со предмет: Систем за радио поврзување – радио станици, со Решение на ДКЖЈН: жалбата се усвојува;
- ЈН 08850/2020 со предмет: Проект за реконструкција на ДВ 110 kV ТС Осломеј - ТС Кичево, ДВ 110 kV ТС Кичево - ТС Сопотница и ДВ 110 kV ТС Сопотница - ТС Битола 1, со Решение на ДКЖЈН: жалбата се усвојува;
- ЈН 08850/2020 со предмет: Проект за реконструкција на ДВ 110 kV ТС Осломеј - ТС Кичево, ДВ 110 kV ТС Кичево - ТС Сопотница и ДВ 110 kV ТС Сопотница - ТС Битола 1, со Решение на ДКЖЈН: жалбата се одбива како неоснована;
- ЈН 09691/2020 со предмет: Microsoft лиценци, со Решение на ДКЖЈН: жалбата се одбива како неоснована;
- ЈН 10337/2020 со предмет: Набавка на против пожарна опрема, со Решение на ДКЖЈН: жалбата се усвојува;
- ЈН 16172/2020 со предмет: Набавка на нови исправувачи 220V DC (ТС Битола 2, ТС 110/x kV, ТС Ѓорче Петров, ТС Охрид 2 и ТС Јегуновце), се уште немаме добиено Решение на ДКЖЈН.

**Останати активности**

- Реализирање на мали набавки, комплетирање документација и водење Регистер за степенот на годишна реализација, ***прилог 5-5***;
- Изготвување на сите денарски излезни фактури;
- Изготвување на повеќе барања за продолжување на важноста на понудите, банкарските гаранции за учество, за платен аванс и за квалитетно извршување на договорите;
- Неделно изготвување извештаи за постапки и договори во тек и нивно доставување до членовите на УО на АД МЕПСО;
- Комплетирање со потписи на сите одлуки, записници, извештаи, договори и други документи кои се дел од постапките за јавни набавки;
- Изготвување одговори на примени жалби, целокупната документација по постапката и одговорот на жалбата да ги направи достапни за Државна комисија за жалби по јавни набавки;
- Давање насоки, препораки и совети на барателите на набавки при изготвувањето на барањата за започнување на постапки за јавни набавки;
- Комплетирање со сите потребни документи на сите денарски и девизни фактури кои произлегуваат од склучените договори за јавни набавки, нивна проверка и проследување за реализација на истите;
- Експедитирање по оперативни чинители на сите влезни фактури од моментот на приемот во Секторот за финансиски работи, изготвување на дописи за враќање на истите каде што било потребно;
- Изготвување документација за времен извоз на стоки и испраќање до испорачателите на поправка во гарантен рок;
- Учествување на референти од Одделот за комерцијални работи на секое јавно отворање на понуди по јавни набавки;
- Учествување на референти од Одделот за комерцијални работи при секоја евалуација на понуди по јавни набавки;
- Еден вработен од Одделот за комерцијални работи го води магацинот кој е сместен во Управната зграда на АД МЕПСО, а други шест вработени во Одделот за комерцијални работи ги водат и магацините во трафостаниците;
- Објава на Годишен план за јавните набавки на ЕСЈН и изменети верзии на Годишен план за јавните набавки на ЕСЈН;
- Претходба проверка на Барања за започнување на постапки за јавни набавки согласно Процедура за јавни набавки;
- Изработка на Предлог Процедура за набавка – Ревизија 11 и нејзина достава на разгледување и усвојување до Управниот одбор на АД МЕПСО;
- Одржување на обуки за новата Процедура за набавка – Ревизија 11.

## Прилози – Оддел за комерцијални работи

| **5-1 Договори за јавни набавки во тек**<br>***склучени со 31.12.2019 година*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред број** | **Барател** | **Предмет** | **Договор од** | **ЈН од** |
| 1 | Кабинет | Геодетски елаборати за посебни потреби | 2012 | ЈН од 2012 |
| 2 | ОПМ | Надзор на изградба на двосистемски 110 кВ ДВ ТС Битола 3 - ТС Битола 4 | 2013 | ЈН од 2013 |
| 3 | Кабинет | Надзор на Реконструкција на Управна зграда на АД МЕПСО | 2013 | ЈН од 2013 |
| 4 | ОПМ | Надзор на изградба на 400 кВ ДВ ТС Штип - македонско/српска граница | 2014 | ЈН од 2014 |
| 5 | ГД/ОПМ | Надзор при изградба на 110 кВ ДВ ТС Скопје 1 - ТС Југохром - ТС Тетово 1 | 2015 | ЈН од 2015 |
| 6 | СПОР | Геодетски елаборати за запишување на правата на недвижностите | 2017 | ЈН од 2015 |
| 7 | СПОР | Геодетски елаборати за запишување на линиски инфраструктурни објекти | 2017 | ЈН од 2015 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | ОПМ | Дератизација и дезинсекција во трафостаници и дирекција на АД МЕПСО | 2017 | ЈН од 2017 |
| 9 | ОПМ | Антикорозивна заштита на метална конструкција во трафостаници | 2018 | ЈН од 2016 |
| 10 | ОПМ | Технички гасови | 2017 | ЈН од 2017 |
| 11 | ОПМ | Набавка на опоменски таблички, боја, шаблони со бројки и букви за обележување на ДВ столбови | 2017 | ЈН од 2017 |
| 12 | ОПМ | Одржување на машини за косење | 2017 | ЈН од 2017 |
| 13 | СФР | Курирски услуги - брза пошта | 2017 | ЈН од 2017 |
| 14 | ОПМ | Моторно масло за дизел агрегати, компресори, ланци, моторни пили - збирни потреби | 2018 | ЈН од 2017 |
| 15 | ОПМ | Лична заштитна опрема, Дел 1, 2 и 3 | 2018 | ЈН од 2017 |
| 16 | ОПМ | Лична заштитна опрема, Дел 4 | 2018 | ЈН од 2017 |
| 17 | ОПМ | Замена на 110 kV раставувачи | 2018 | ЈН од 2017 |
| 18 | СПОР | Хотелско сместување, Дел 1, 2, 3, 4, 5 | 2018 | ЈН од 2017 |
| 19 | СПОР | Хотелско сместување, Дел 9 | 2018 | ЈН од 2017 |
| 20 | СПОР | Хотелско сместување. Дел 11 | 2018 | ЈН од 2017 |
| 21 | ОПМ | Моторни пили, тримери, мачеви, ланци и заштитна опрема за работа со моторна пила, ДЕЛ 1 - Набавка на моторни пили и тримери | 2018 | ЈН од 2017 |
| 22 | ОПМ | Моторни пили, тримери, мачеви, ланци и заштитна опрема за работа со моторна пили, ДЕЛ 3 - Набавка на мачеви, ланци, турпии и потрошен материјал за работа на моторините пили од марката STIHL | 2018 | ЈН од 2017 |
| 23 | ИТ и ТК | Санирање на хаварии на OPGW јаже и подземен оптички кабел - 2 годишна набавка | 2018 | ЈН од 2017 |
| 24 | ОЕПС | Одржување на HW на системот за далечинска аквизиција и процесирање на податоци од броила (ARM и MDM систем) | 2018 | ЈН од 2017 |
| 25 | ОПМ | Гориво за моторни возила | 2018 | ЈН од 2018 |
| 26 | ОПМ | Масло за ланци и моторни пили - збирни потреби | 2018 | ЈН од 2018 |
| 27 | ОПМ | Изведба на хидрантска мрежа во ТС Битола 1, Дел 1 | 2018 | ЈН од 2018 |
| 28 | ОПМ | Изведба на хидрантска мрежа во ТС Битола 2, Дел 3 | 2018 | ЈН од 2018 |
| 29 | СПОР | Услуги од агенција за привремени вработувања за потребите на АД МЕПСО во траење од две години | 2018 | ЈН од 2018 |
| 30 | СПОР | Услуги за хотелско сместување за цело МЕПСО, Дел 1, 3 и 5 | 2018 | ЈН од 2018 |
| 31 | СПОР | Услуги за хотелско сместување за цело МЕПСО, Дел 2 | 2018 | ЈН од 2018 |
| 32 | ОПМ | Мерење на електромагнетно нејонизирачко зрачење во трафостаници и далекуводни столбни празнини од аспект на безбедност и здравје при работа | 2018 | ЈН од 2018 |
| 33 | ОПМ | Ангажирање на независно правно лице согласно Закон за техничка инспекција | 2018 | ЈН од 2018 |
| 34 | СПОР | Канцелариски материјали | 2018 | ЈН од 2018 |
| 35 | ИТ и ТК | Перманентна интернет врска | 2018 | ЈН од 2018 |
| 36 | ИТ и ТК | Фиксна телефонија | 2018 | ЈН од 2018 |
| 37 | Кабинет | Мониторинг на миграторните патишта на птиците и нивните популации долж коридорот на 110 kV ДВ ТС Скопје 1- ТС Југохром - ТС Тетово 1 | 2018 | ЈН од 2018 |
| 38 | ОПМ | Перење возила | 2018 | ЈН од 2018 |
| 39 | ОПМ | Сервисирање на исправувачи | 2018 | ЈН од 2018 |
| 40 | Кабинет | Мониторинг на влијанието на 400 kV ДВ ТС Штип - македонско/српска граница врз ранливата група на фауна на птиците грабливки и лилјаците, како и нивните миграторни патишта | 2018 | ЈН од 2018 |
| 41 | ОЕПС | Набавка на електрична енергија за сопствени потреби | 1 кв 2019 | ЈН од 2018 |
| 42 | Кабинет | Надзор при изградба на 100 kV далекувод бр.116 ТС Штип - ТС Пробиштип | 1 кв 2019 | ЈН од 2018 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 43 | ОЕПС | Надградба на апликација за следење на ЕЕС на РМ (дневна информација - НДЦ) | 1 кв 2019 | ЈН од 2018 |
| 44 | ОПМ | Годишна ревизија и месечно одржување на ПП централи во трафостаници и дирекција на МЕПСО | 1 кв 2019 | ЈН од 2018 |
| 45 | ОПМ | Градежни работи за одржување на 400 и 110 kV трафостаници | 1 кв 2019 | ЈН од 2018 |
| 46 | ИТ и ТК | Надградба на ГИС систем со модул за инфраструктура на ТС | 1 кв 2019 | ЈН од 2018 |
| 47 | ОЕПС | Набавка на услуги од RSCI | 1 кв 2019 | ЈН од 2018 |
| 48 | СПОР | Сервисирање на лифтови и и годишна контрола на лифтови со добивање на сертификат – Дел 1 | 1 кв 2019 | ЈН од 2018 |
| 49 | СПОР | Сервисирање на лифтови и и годишна контрола на лифтови со добивање на сертификат – Дел 2 | 1 кв 2019 | ЈН од 2018 |
| 50 | ОПМ | Геомеханички истражни работи и испитување бетон – Дел 1 | 2 кв 2019 | ЈН од 2018 |
| 51 | ОПМ | Геомеханички истражни работи и испитување бетон – Дел 2 | 2 кв 2019 | ЈН од 2018 |
| 52 | ОПМ | Набавка на 110 kV прекинувачи | 2 кв 2019 | ЈН од 2018 |
| 53 | ОПМ | Санација на жичани огради за сите ТС - збирни потреби | 2 кв 2019 | ЈН од 2018 |
| 54 | ОПМ | Градежни работи за замена на ВН опрема | 2 кв 2019 | ЈН од 2018 |
| 55 | ОПМ | Санација на кровови | 2 кв 2019 | ЈН од 2018 |
| 56 | ОПМ | Набавка на нови патнички возила и нови товарни возила – Дел 2 | 2 кв 2019 | ЈН од 2018 |
| 57 | ОПМ | Набавка на нови патнички возила и нови товарни возила – Дел 3 и 4 | 2 кв 2019 | ЈН од 2018 |
| 58 | ОПМ | Набавка на нови патнички возила и нови товарни возила – Дел 5 и 6 | 2 кв 2019 | ЈН од 2018 |
| 59 | СПОР | Набавка и монтажа на клима уреди за потребите на АД МЕПСО | 2 кв 2019 | ЈН од 2018 |
| 60 | ОЕПС | Лиценци и интерфејси за индустриски комуникациски протоколи | 2 кв 2019 | ЈН од 2018 |
| 61 | ОЕПС | Одржување на системи базирани на Proza NET | 2 кв 2019 | ЈН од 2018 |
| 62 | СФР | Авио билети - за период од 2 години | 2 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 63 | ОЕПС | Консултантски услуги за ажурирање на постојните Мрежни правила | 2 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 64 | СПОР | Уредување на паркинг просторот во склоп на Управната зграда на АД МЕПСО | 3 кв 2019 | ЈН од 2018 |
| 65 | ОЕПС | Реконструкција на RP WDS во НДЦ – Дел 1 | 3 кв 2019 | ЈН од 2018 |
| 66 | ОЕПС | Реконструкција на RP WDS во НДЦ – Дел 2 | 3 кв 2019 | ЈН од 2018 |
| 67 | ОПМ | Испитување на опрема за работа на висок напон | 3 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 68 | СПОР | Услуги од авторска агенција за посредување и ангажирање автори, консултанти и сл. за потребите на АД МЕПСО во траење од 2 години | 3 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 69 | ОПМ | Набавка на гуми со монтажа, демонтажа и балансирање | 3 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 70 | СПОР | Безалкохолни пијалоци – ДЕл 1 | 3 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 71 | СПОР | Безалкохолни пијалоци – Дел 2 | 3 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 72 | СПОР | Безалкохолни пијалоци – Дел 3 | 3 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 73 | ОПМ | Набавка на 400 kV прекинувач | 3 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 74 | СПОР | Електро материјали и потрошен материјал – Дел 1, 2 и 3 | 3 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 75 | Кабинет | Изработка на геодетски елаборати за посебни намени | 3 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 76 | ОПМ | Испитување челични конструкции | 3 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 77 | ОПМ | Набавка на обрасци за ОПМ | 3 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 78 | ОПМ | Набавка на мерни трансформатори 400 kV | 3 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 79 | ОПМ | Одржување и поправка на постојните моторни возила со резервни делови – Дел 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 8 | 3 кв 2019 | ЈН од 2019 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 80 | ОПМ | Одржување и поправка на постојните моторни возила со резервни делови – Дел 7, 9 и 10 | 3 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 81 | ОПМ | Редовни здравствени систематски прегледи – Дел 1 и 2 | 3 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 82 | ОПМ | Редовни здравствени систематски прегледи – Дел 3 | 3 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 83 | ОПМ | Технички преглед на возила | 3 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 84 | СФР | Осигурување на имот и вработени во АД МЕПСО за 3 (три) осигурителни години – Дел 1 | 4 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 85 | СФР | Осигурување на имот и вработени во АД МЕПСО за 3 (три) осигурителни години – Дел 2 | 4 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 86 | СФР | Осигурување на имот и вработени во АД МЕПСО за 3 (три) осигурителни години – Дел 3 | 4 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 87 | СФР | Осигурување на имот и вработени во АД МЕПСО за 3 (три) осигурителни години – Дел 4 | 4 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 88 | СФР | Осигурување на имот и вработени во АД МЕПСО за 3 (три) осигурителни години – Дел 5 | 4 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 89 | ОПМ | Набавка на нов 400/110 kV трансформатор | 4 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 90 | ОПМ | Калибрација на испитна и лабораториска опрема – Дел 2-6 | 4 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 91 | ОПМ | Калибрација на испитна и лабораториска опрема – Дел 8-9 | 4 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 92 | ИТ и ТК | Услуги за мобилна телефонија | 4 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 93 | ОПМ | Калибрациони материјали за лабораторија | 4 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 94 | СПОР | Средства за хигиена | 4 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 95 | ОПМ | Електромонтажни и градежни работи во преносната мрежа на АД МЕПСО | 4 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 96 | ОПМ | Обука на работници од Оддел ДВ за работа со моторна пила | 4 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 97 | ИТ и ТК | Резервни делови | 4 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 98 | ОПМ | Овесна и спојна опрема за ДВ и ТС | 4 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 99 | СПОР | Продукти за кафе кујна | 4 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 100 | ИТ и ТК | Набавка и инсталација на антивирусна и антиспам заштита | 4 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 101 | ОЕПС | Одржување на SW за аукции | 4 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 102 | ИТ и ТК | Систем за заштита и архивирање на податоци | 4 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 103 | ОПМ | L-профили за одржување на 110 и 400 kV ДВ – Дел 1 | 4 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 104 | ОПМ | Надградба на лиценца за OMICRON CMC 256-6 (GB5740) | 4 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 105 | Кабинет | Набавка на печатени материјали наменети за јакнење на корпоративниот идентитет на МЕПСО – Дел 1 | 4 кв 2019 | ЈН од 2019 |
| 106 | Кабинет | Набавка на печатени материјали наменети за јакнење на корпоративниот идентитет на МЕПСО – Дел 2 | 4 кв 2019 | ЈН од 2019 |

| **5-2 Нови договори за јавни набавки** *склучени во 2020 година* | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ИТ и ТК | Набавка и испорака на тонери, кертриџи, драмови и др. | 1 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 2 | ОПМ | Набавка на изолатори за 110 kV ДВ – Дел 1 | 1 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 3 | ОПМ | Набавка на изолатори за 110 kV ДВ – Дел 2 | 1 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 4 | ОПМ | Набавка на изолатори за 110 kV ДВ – Дел 3 | 1 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 5 | ОЕПС | Реконструкција на ТС - Прилагодување, набавка и инсталација на примарна опрема, инсталација на SACS, Заштита и ДЦ напојувања – Дел 2 | 1 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 6 | ОПМ | Машина за обработка на масло | 1 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 7 | СФР | Економско-финансиска ревизија за деловната 2019 година на АД МЕПСО | 1 кв 2020 | ЈН од 2019 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | СФР | Шпедитерски услуги за период од 2 години | 1 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 9 | ОЕПС | Апарат за проверка на поларитет на струјни мерни трансформатори | 1 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 10 | Кабинет | Енергетски контроли во ТС | 1 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 11 | ОЕПС | Одржување на SW на системот за далечинска аквизиција и процесуирање на податоци од броила (ARM и MDM систем) | 1 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 12 | ОЕПС | Поправка и калибрација на еталон за проверка на класа на точност на броила за електрична енергија | 1 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 13 | ОЕПС | Опрема за имплементација на ENTSO-E OPDE платформа | 1 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 14 | ОПМ | Набавка на нови ПП-централи | 1 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 15 | ОПМ | Преносни батериски светилки и рефлектори - збирни потреби | 1 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 16 | ОПМ | Основен проект за реконструкција на ПП хидранска и вововодна мрежа во ТС Скопје | 1 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 17 | СПОР | Молерофарбарски услуги за потребите на АД МЕПСО | 1 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 18 | ИТ и ТК | Набавка и испорака на сервери | 1 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 19 | ОПМ | Проект за санација на заштитен зид, одводен канал и насип во ТС Штип | 1 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 20 | СПОР | Канцелариски материјал | 1 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 21 | ИТ и ТК | Дигитални сертификати и токени | 1 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 22 | ОПМ | Сервисирање и одржување на ПП-апарати и Хидрантска инсталација и обука на вработени | 1 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 23 | ОЕПС | Трошоци за набавка на ЕЕ за сопствени потреби на АД МЕПСО | 1 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 24 | Кабинет | Надзор над градба на електроенергетски објекти (ДЕЛ 1, 2 и 4) | 2 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 25 | ОПМ | Специјална заштитна опрема за ДВ екипи за екстремно ниски и високи температури (ДЕЛ 1) | 2 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 26 | ИТ и ТК | Надградба на модул за плата | 2 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 27 | ОЕПС | Конвертор USB/485 без надворешно напојување за Windows 7 и Windows 10, со влезен и излезен кабел | 2 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 28 | ОЕПС | Годишно одржување на SW на апликацијата Следење на ЕЕС на РМ - дневна информација | 2 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 29 | ОЕПС | Монофазен DC/AC енергетски преобразувач за работа на терен | 2 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 30 | ОЕПС | Одржување на телеинформатичките мрежи на системите за надзор и управување | 2 кв 2020 | ЈН од 2019 |
| 31 | СПОР | Услуги за хотелско сместување - збирни потреби Дел 1 - услуги за хотелско сместување во Скопје | 2 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 32 | СПОР | Услуги за хотелско сместување - збирни потреби Дел 2 - услуги за хотелско сместување во Охрид, Дел 3 - услуги за хотелско сместување во Струмица, Дел 6 - услуги за хотелско сместување во Пробиштип, Дел 8 - услуги за хотелско сместување во Кавадарци | 2 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 33 | СПОР | Услуги за хотелско сместување - збирни потреби, Дел 4 - услуги за хотелско сместување во Битола | 2 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 34 | ОПМ | Калибрација на испитна опрема, и тоа Дел 3 - Калибрација на инструмент за мерење на температура | 2 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 35 | ОПМ | Фарбање на столбови согласно правилник на АЦВ на Р.М | 2 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 36 | ОПМ | Завртки и навртки - збирни потреби Дел 1 - Набавка на топлопоцинкувани завртки и навртки | 2 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 37 | ОПМ | Завртки и навртки - збирни потреби Дел 2 - Специјални завртки и навртки со кршлива навртка (антивандал) | 2 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 38 | ИТ и ТК | Набавка на инструмент за спојување на оптички влакна - Фузионен сплајсер ( Fusion Splicer ) сосоодветна опрема – Дел 1 | 2 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 39 | ОПМ | Проводници за 110 kV ДВ-и | 2 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 40 | ОПМ | Набавка на шумарска опрема и алат | 2 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 41 | ОПМ | ТС 400/110 kV Битола 2 - санација на трафо када | 2 кв 2020 | ЈН од 2020 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 42 | СПОР | Набавка на дезинфициони средства | 2 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 43 | ОЕПС | Набавка на услуги од RSCI (Regional Security Coordination Initiatives) | 2 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 44 | ОПМ | Набавка на изолатори | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 45 | ОПМ | Набавка на инструменти за испитување за потреби на Оддел ДВ – Дел 1 | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 46 | ОПМ | Набавка на инструменти за испитување за потреби на Оддел ДВ – Дел 2 | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 47 | ОПМ | Набавка на инструменти за испитување за потреби на Оддел ДВ – Дел 3 | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 48 | ОПМ | Набавка на инструменти за испитување за потреби на Оддел ДВ – Дел 4 | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 49 | ОПМ | Ангажирање на независно правно лице согласно Закон за техничка инспекција | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 50 | ИТ и ТК | Набавка на лиценци за безбедносни уреди – Дел 1 | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 51 | ИТ и ТК | Набавка на лиценци за безбедносни уреди – Дел 2 | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 52 | ИТ и ТК | Набавка на лиценци за безбедносни уреди – Дел 3 | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 53 | ИТ и ТК | Набавка на лиценци за безбедносни уреди – Дел 4 | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 54 | ОПМ | Опрема за возила (ПП апарати, флуросцентни елеци, синџири и др.) – Дел 1 | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 55 | ОПМ | Опрема за возила (ПП апарати, флуросцентни елеци, синџири и др.) – Дел 2 | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 56 | СПОР | Генерално чистење на административна зграда | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 57 | ОПМ | Гуми со монтажа, демонтажа и балансирање - збирни потреби | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 58 | ОПМ | Резервни делови за испитна опрема | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 59 | СПОР | Клима уреди - нови | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 60 | ОПМ | Двогледи за преглед на ДВ и СПОР | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 61 | ОПМ | Набавка на гориво за моторни возила | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 62 | ОПМ | Тековно одржување на моторните возила – Дел 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 63 | ОПМ | Тековно одржување на моторните возила – Дел 10 | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 64 | СПОР | Одржување и сервисирање на системот за ладење и греење | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 65 | Кабинет | Носачи и фундаменти за 400 kV построение - Рехабилитација на ТС Скопје 4 | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 66 | ОПМ | Набавка на електро материјали | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 67 | ОПМ | Работни машини за ДВ екипи | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 68 | ИТ и ТК | Одржување на OPGW јаже и подземен оптички кабел | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 69 | СПОР | Сервисирање на фотокопир и снабдување со потрошен материјал | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 70 | СПОР | Услуги од агенција за привремени вработувања за потребите на АД МЕПСО | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 71 | СПОР | Работни униформи - нови | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 72 | ОПМ | Високонапонски средства за работа во Електроенергетски постројки | 3 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 73 | ОПМ | Поправка на електро мотори | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 74 | ОПМ | Перење на возила | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 75 | ОПМ | Проект за реконструкција на ДВ 110 kV ТС Осломеј - ТС Кичево, ДВ 110 kV ТС Кичево - ТС Сопотница и ДВ 110 kV ТС Сопотница - ТС Битола 1 | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 76 | СПОР | Геодетски инструменти | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 77 | СПОР | Сервисирање на клима уреди - збирни потреби | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 78 | ИТ и ТК | Microsoft лиценци | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 79 | ИТ и ТК | Компјутерска опрема (персонални, преносни, периферни уреди и сл.) – Дел 1, Дел 4 и Дел 5 | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 80 | ИТ и ТК | Компјутерска опрема (персонални, преносни, периферни уреди и сл.) – Дел 2 | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 81 | ИТ и ТК | Компјутерска опрема (персонални, преносни, периферни уреди и сл.) – Дел 3 | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 82 | ОПМ | Лични заштитни средства | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 83 | ОПМ | Техничко одржување на административна зграда и трафостаници на АД МЕПСО | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 84 | ИТ и ТК | Набавка на Резервна овесна опрема и спојни кутии за OPGW јаже | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 85 | ОПМ | Набавка на рачен и електричен алат за потреби на ОПМ - збирни потреби – Дел 1 и Дел 2 | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 86 | ОПМ | Набавка на рачен и електричен алат за потреби на ОПМ - збирни потреби – Дел 3 | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 87 | ОЕПС | Системи и уреди за непрекинато напојување | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 88 | ОПМ | Набавки на Акумулатори за Дизел Агрегати | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 89 | ОПМ | Опоменски таблички - збирни потреби – Дел 1 | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 90 | ОПМ | Набавка на 400 kV струјни и комбинирани ТР (ТС 400/X kV) | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 91 | ОЕПС | Системи за заштита на телеинформатичките мрежи за надзор и управување | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 92 | ОЕПС | Филтри за видео ѕид - заменски филтри за проекторски систем BARCO OVL 715 | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 93 | ОПМ | Поправка и калибрација на мерна опрема во ОПМ - збирни потреби – Дел 1 | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 94 | ОПМ | Набавка и монтажа на ПП централи | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 95 | ОПМ | Годишна ревизија и месечно одржување на ПП-централи во трафостаници и дирекција на АД МЕПСО-Скопје | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 96 | ОПМ | Дератизација и дезинсекција во сите трафостаници и дирекција на АД МЕПСО - збирни потреби | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 97 | ОПМ | Резервни делови за енергетски трансформатори | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 98 | СПОР | Сервисирање на лифтови | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 99 | ОПМ | Ситен потрошен материјал - збирни потреби | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 100 | ОПМ | Реконструкција на надворешно осветлување во ТС – Дел 1 | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 101 | ОПМ | Реконструкција на надворешно осветлување во ТС – Дел 2 | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 102 | ОПМ | Антикорозивна заштита на ДВ столбови и санирање фундаменти | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 103 | ОПМ | Надградба на теренски возила (по спецификација) | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 104 | ОПМ | Набавка на 110kV струјни и комбинирани ТР (ТС 110 kV) Штип 2 | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 105 | Кабинет | Елаборат за заштита на животната средина (Изградба на ДВ 2x110 kV ТС Бунарџик - ТС Миладиновци) | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 106 | ОПМ | Резервни делови за прекинувачи АББ и СИМЕНС – Дел 1 | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 107 | ОПМ | Резервни делови за прекинувачи АББ и СИМЕНС – Дел 2 | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 108 | ИТ и ТК | Телекомуникациска опрема (модернизација и надградба) | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 109 | ИТ и ТК | Услуги за фиксна телефонија – Дел 1 | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 110 | ИТ и ТК | Услуги за фиксна телефонија – Дел 2 | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |
| 111 | ОЕПС | Трошоци за сопствена потрошувачка на електрична енергија за 2021 година | 4 кв 2020 | ЈН од 2020 |

| **5-3 Постапки на јавни набавки во 2020 година**<br>***состојба на 31.12.2020 година*** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на јн** | **Барател** | **Предмет на набавка** | **Состојба на предмет** | **Планирана вредност** | **Договорена вредност** |

| | | | | /евра, без ДДВ/ | /евра, без ДДВ/ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ОЕПС | Трошоци за набавка на ЕЕ за сопствени потреби на АД МЕПСО | склучен договор | 380.000 | 380.000 |
| 2 | ОЕПС | Набавка на услуги од RSCI | поништена постапка | 0 | 0 |
| 3 | СПОР | Услуги за хотелско сместување - збирни потреби | склучен договор | 120.000 | 95.907 |
| 4 | ОПМ | Калибрација на испитна опрема | Дел 1 и Дел 2 – поништени<br>Дел 3 – склучен договор | 8.000 | 827 |
| 5 | ОПМ | Поправка и калибрација на мерна опрема во ОПМ - збирни потреби | поништена постапка | 0 | 0 |
| 6 | ОПМ | Фарбање на столбови согласно правилник на АЦВ на РМ | склучен договор | 70.000 | 67.865 |
| 7 | ОПМ | Завртки и наввртки - збирни потреби | склучен договор | 15.000 | 14.804 |
| 8 | ОПМ | Набавка на инструмент за автоматско определување на меѓуповршински напон | поништена постапка | 0 | 0 |
| 9 | ОПМ | Набавка на изолатори | склучен договор | 40.000 | 27.772 |
| 10 | ИТ и ТК | Систем за радио поврзување - радио станици | поништена постапка | 0 | 0 |
| 11 | ИТ и ТК | Инструмент за спојување на оптички влакна (Fusion Splicer) и додатна опрема | Дел 1 – склучен договор<br>Дел 2 - поништен | 23.000 | 11.038 |
| 12 | ОПМ | Проводници за 110 kV ДВ-и | склучен договор | 10.000 | 9.347 |
| 13 | ОПМ | Испитување на опрема за работа на висина и заштита од пад | поништена постапка | 0 | 0 |
| 14 | ОПМ | Набавка на инструменти за испитување за потреби на Оддел ДВ | склучен договор | 15.000 | 9.864 |
| 15 | ОПМ | Набавка на шумарска опрема и алат | склучен договор | 2.000 | 1.896 |
| 16 | ОПМ | ТС 400/110 kV Битола 2 - санација на трафо када | склучен договор | 114.500 | 114.428 |
| 17 | СПОР | Електрични апарати | поништена постапка | 40.000 | 0 |
| 18 | ОПМ | Ангажирање на независно правно лице согласно Закон за техничка инспекција | склучен договор | 45.000 | 15.820 |
| 19 | ИТ и ТК | Набавка на лиценци за безбедносни уреди | склучен договор | 35.000 | 28.411 |
| 20 | ОПМ | Сервисирање на моторни пили | поништена постапка | 0 | 0 |
| 21 | ОПМ | Опрема за возила (ПП апарати, флуросцентни елеци, синџири и др.) | склучен договор | 9.900 | 7.224 |
| 22 | ОПМ | Резервни делови за прекинувачи АББ и СИМЕНС | поништена постапка | 0 | 0 |
| 23 | СПОР | Генерално чистење на административна зграда | склучен договор | 30.000 | 14.113 |
| 24 | ОПМ | Гуми со монтажа, демонтажа и балансирање - збирни потреби | склучен договор | 100.000 | 62.465 |
| 25 | ОПМ | Резервни делови за испитна опрема | склучен договор | 3.000 | 2.976 |
| 26 | СПОР | Клима уреди - нови | склучен договор | 25.000 | 25.000 |
| 27 | ОПМ | Двогледи за преглед на ДВ и СПОР | склучен договор | 4.000 | 1.126 |
| 28 | ОПМ | Набавка на гориво за моторни возила | склучен договор | 300.000 | 300.000 |
| 29 | СПОР | Набавка на дезинфициони средства | склучен договор | 4.000 | 3.756 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 30 | ОЕПС | Набавка на услуги од RSCI | склучен договор | 125.000 | 125.000 |
| 31 | ОПМ | Тековно одржување на моторните возила | Дел 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10 – склучен договор<br>Дел 11, 12 и 13 - поништени | 230.000 | 216.700 |
| 32 | СПОР | Одржување и сервисирање на системот за ладење и греење | склучен договор | 40.000 | 40.000 |
| 33 | Кабинет | Носачи и фундаменти за 400 kV построение - Рехабилитација на ТС Скопје 4 | склучен договор | 360.000 | 224.390 |
| 34 | ОПМ | Набавка на електро материјали | склучен договор | 3.000 | 2.219 |
| 35 | ОПМ | Поправка на електро мотори | склучен договор | 15.000 | 11.646 |
| 36 | ОПМ | Набавка на нови исправувачи 220 V DC | поништена постапка | 0 | 0 |
| 37 | ОПМ | Перење на возила | склучен договор | 35.000 | 20.626 |
| 38 | ОПМ | Работни машини за ДВ екипи | склучен договор | 30.000 | 19.228 |
| 39 | ИТ и ТК | Одржување на OPGW јаже и подземен оптички кабел | склучен договор | 180.000 | 180.000 |
| 40 | СПОР | Сервисирање на фотокопир и снабдување со потрошен материјал | склучен договор | 5.000 | 5.000 |
| 41 | ОПМ | Набавка на обработени L-профили и плочи за ДВ столбови | поништена постапка | 0 | 0 |
| 42 | ОПМ | Проект за реконструкција на ДВ 110 kV ТС Осломеј - ТС Кичево, ДВ 110 kV ТС Кичево - ТС Сопотница и ДВ 110 kV ТС Сопотница - ТС Битола 1 | склучен договор | 140.000 | 136.000 |
| 43 | СПОР | Геодетски инструменти | склучен договор | 10.000 | 4.158 |
| 44 | СПОР | Сервисирање на клима уреди - збирни потреби | склучен договор | 20.000 | 20.000 |
| 45 | ИТ и ТК | Microsoft лиценци | склучен договор | 240.000 | 220.960 |
| 46 | ИТ и ТК | Компјутерска опрема (персонални, преносни, периферни уреди и сл.) | склучен договор | 170.000 | 140.813 |
| 47 | ОПМ | Сервисирање на косилки | поништена постапка | 0 | 0 |
| 48 | ОПМ | Лични заштитни средства | склучен договор | 50.000 | 49.895 |
| 49 | ОПМ | Техничко одржување на административна зграда и трафостаници на АД МЕПСО | склучен договор | 60.000 | 55.937 |
| 50 | СПОР | Услуги од агенција за привремени вработувања за потребите на АД МЕПСО | склучен договор | 6.000 | 6.000 |
| 51 | ОПМ | Испитување на опрема за работа на висина и заштита од пад | поништена постапка | 3.600 | 0 |
| 52 | ИТ и ТК | Набавка на Резервна овесна опрема и спојни кутии за OPGW јаже | склучен договор | 35.000 | 21.479 |
| 53 | ОПМ | Набавка на рачен и електричен алат за потреби на ОПМ - збирни потреби | склучен договор | 30.000 | 28.503 |
| 54 | ОПМ | Набавка на резервни делови за дизел агрегати | поништена постапка | 5.000 | 0 |
| 55 | ОЕПС | Системи и уреди за непрекинато напојување | склучен договор | 15.000 | 14.683 |
| 56 | СПОР | Работни униформи - нови | склучен договор | 6.000 | 5.496 |
| 57 | ОПМ | Високонапонски средства за работа во Електроенергетски постројки | склучен договор | 5.000 | 4.829 |
| 58 | ОПМ | Набавка на против пожарна опрема | постапка во тек | 10.000 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 59 | ОПМ | Набавки на Акумулатори за Дизел Агрегати | склучен договор | 3.000 | 2.198 |
| 60 | ОПМ | Опоменски таблички - збирни потреби | склучен договор | 10.000 | 3.073 |
| 61 | ОПМ | Набавка на 400 kV струјни и комбинирани ТР (ТС 400/X kV) | склучен договор | 80.000 | 68.943 |
| 62 | ОЕПС | Системи за заштита на телеинформатичките мрежи за надзор и управување | склучен договор | 37.000 | 36.911 |
| 63 | ОПМ | Набавка на сигнализација и резервни делови за ноќна сигнализација на ДВ | поништена постапка | 0 | 0 |
| 64 | ОЕПС | Филтри за видео ѕид - заменски филтри за проекторски систем BARCO OVL 715 | склучен договор | 7.000 | 5.776 |
| 65 | ОПМ | Поправка и калибрација на мерна опрема во ОПМ - збирни потреби | склучен договор | 12.000 | 10.083 |
| 66 | Кабинет | Транзиција на Систем за менаџмент на енергија од ISO 50001:2011 во ISO 50001:2018 | поништена постапка | 0 | 0 |
| 67 | ОПМ | Набавка и монтажа на ПП централи | склучен договор | 15.000 | 14.959 |
| 68 | ОПМ | Годишна ревизија и месечно одржување на ПП-централи во трафостаници и дирекција на АД МЕПСО-Скопје | склучен договор | 14.550 | 14.419 |
| 69 | ОПМ | Дератизација и дезинсекција во сите трафостаници и дирекција на АД МЕПСО - збирни потреби | склучен договор | 20.000 | 13.381 |
| 70 | ОПМ | Резервни делови за енергетски трансформатори | склучен договор | 60.000 | 59.837 |
| 71 | СПОР | Сервисирање на лифтови | склучен договор | 18.000 | 18.000 |
| 72 | ОПМ | Ситен потрошен материјал - збирни потреби | склучен договор | 10.000 | 9.861 |
| 73 | ОПМ | Реконструкција на надворешно осветлување во ТС | склучен договор | 20.000 | 11.778 |
| 74 | ОПМ | Антикорозивна заштита на ДВ столбови и санирање фундаменти | склучен договор | 80.000 | 80.000 |
| 75 | ОПМ | Надградба на теренски возила (по спецификација) | склучен договор | 15.000 | 11.707 |
| 76 | ОЕПС | Одржување на системи за процесен интерфејс во ТС со далечинско управување | постапка во тек | 26.000 | 0 |
| 77 | ИТ и ТК | Надградба на AASTRA IP телефонска централа и набавка на IP телефонски апарати | постапка во тек | 40.000 | 0 |
| 78 | ОПМ | Набавка и монтажа на нови батерии 220 V, DC (ТС Охрид и ТС Скопје 4) | постапка во тек | 45.000 | 0 |
| 79 | ОПМ | Сервисирање на моторни пили | поништена постапка | 0 | 0 |
| 80 | ОПМ | Набавка на 110kV струјни и комбинирани ТР (ТС 110 kV) Штип 2 | склучен договор | 120.000 | 90.036 |
| 81 | ИТ и ТК | Услуги за фиксна телефонија | склучен договор | 83.000 | 83.000 |
| 82 | Кабинет | Елаборат за заштита на животната средина (Изградба на ДВ 2x110 kV ТС Бунарџик - ТС Миладиновци) | склучен договор | 2.000 | 813 |
| 83 | ОПМ | Резервни делови за прекинувачи АББ и СИМЕНС | склучен договор | 15.000 | 14.699 |
| 84 | ОПМ | Набавка на косилки, дувалки и резервни делови | постапка во тек | 20.000 | 0 |
| 85 | ОПМ | Набавка на инструмент за автоматско определување на меѓуповршински напон | постапка во тек | 12.000 | 0 |
| 86 | ИТ и ТК | Системи за напојување (исправувачи, батерии) | постапка во тек | 10.000 | 0 |
| 87 | ОЕПС | Одржување на управувачки релеа | поништена постапка | 20.000 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 88 | ИТ и ТК | Телекомуникациска опрема (модернизација и надградба) | склучен договор | 74.430 | 73.008 |
| 89 | ИТ и ТК | Систем за радио поврзување - радио станици | постапка во тек | 30.000 | 0 |
| 90 | СПОР | Канцелариски материјали | поништена постапка | 30.000 | 0 |
| 91 | ОЕПС | Реконструкција на ТС (Кавадарци и Велес) | постапка во тек | 610.000 | 0 |
| 92 | СФР | Економско-финансиска ревизија | постапка во тек | 20.000 | 0 |
| 93 | ОЕПС | Трошоци за сопствена потрошувачка на електрична енергија за 2021 година | склучен договор | 400.000 | 400.000 |
| 94 | ОПМ | Хемикалија за инхибирање на енергетски трансформатори | постапка во тек | 5.000 | 0 |
| 95 | ОПМ | Набавка на нови исправувачи 220 V DC | постапка во тек | 45.000 | 0 |
| 96 | ОПМ | Поправка и калибрација на мерна опрема во ОПМ - збирни потреби | постапка во тек | 8.000 | 0 |
| 97 | ИТ и ТК | Инсталационен и потрошен материјал | постапка во тек | 10.000 | 0 |
| 98 | Кабинет | Транзиција на Систем за менаџмент на енергија од ISO 50001:2011 во ISO 50001:2018 | постапка во тек | 5.000 | 0 |
| 99 | ОЕПС | Одржување на HW на Micro SCADA системи | постапка во тек | 40.000 | 0 |
| 100 | СФР | Курирски услуги - брза пошта | постапка во тек | 10.000 | 0 |
| 101 | ОЕПС | Телеинформатичка опрема за системи за надзор и управување | постапка во тек | 24.850 | 0 |
| 102 | ОЕПС | Годишно одржување на систем за аукции (одржување на софтвер и хардвер) | постапка во тек | 20.000 | 0 |
| 103 | ИТ и ТК | Оптички кабел и компоненти | постапка во тек | 2.000 | 0 |
| 104 | ОПМ | Проекти за сообраќајни решенија при обележување на ДВ согласно прописи од АЦВ | постапка во тек | 15.000 | 0 |
| 105 | ИТ и ТК | Набавка и испорака на Апликативен софтвер | постапка во тек | 45.000 | 0 |
| 106 | ОЕПС | Набавка на редундантен систем за следење на работа на ЕЕС | постапка во тек | 7.000 | 0 |
| 107 | ОПМ | Сервисирање на моторни пили | постапка во тек | 6.000 | 0 |
| 108 | ОПМ | Резервни делови | постапка во тек | 15.000 | 0 |
| 109 | ОПМ | Набавка на обработени L-профили и плочи за ДВ столбови | постапка во тек | 10.000 | 0 |
| 110 | ОПМ | Набавка на сигнализација и резервни делови за ноќна сигнализација на ДВ | постапка во тек | 10.000 | 0 |
| 111 | ОПМ | Проект за домашна потреба (ТС 400/110 kV Дуброво, ТС 110/6 kV Бучим, ТС 110/X kV Скопје 3) | постапка во тек | 10.000 | 0 |
| 112 | ИТ и ТК | Изнајмување на мрежни принтери | постапка во тек | 20.000 | 0 |
| 113 | ИТ и ТК | Анализа на податоци со log менаџмент | постапка во тек | 65.000 | 0 |

**5.4 РЕАЛИЗАЦИЈА на ПЈН во 2020 година - состојба со 31.12.2020 година**
**/вредност во евра, без ДДВ/**

| Орган единица | ПЛАН 2020 | Побарано за реализација во 2020 | | Објавени постапки во 2020 | | Постапки со договор во 2020 | | Постапки во тек во 2020 | | Поништени постапки во 2020 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вредност | вредност | % | вредност | % | вредност | % | вредност | % | вреднос т | % |

| 1 | 2 | 3 | 4=3/2 | 5 | 6=5/2 | 7 | 8=7/2 | 9 | 10=9/2 | 11 | 12=11/2 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Подружница ОПМ** | 2.086.550 | 2.033.550 | 97,46 | 2.023.550 | *96,98* | 1.586.971 | *76,06* | 10.000 | *0,48* | 18.600 | *0,89* |
| **Подружница ОЕПС** | 2.684.000 | 1.896.850 | 70,67 | 1.711.850 | *63,78* | 962.370 | *36,59* | 185.000 | *6,89* | 20.000 | *0,75* |
| **Сектор за ИТ и ТК** | 1.577.430 | 1.232.430 | 78,13 | 1.077.430 | *68,30* | 758.709 | *48,10* | 155.000 | *9,83* | 0 | *0,00* |
| **СПОР** | 771.000 | 350.000 | 45,40 | 350.000 | *45,40* | 233.674 | *30,31* | 0 | *0,00* | 70.000 | *9,08* |
| **СФР** | 290.000 | 30.000 | 10,34 | 30.000 | *10,34* | 0 | *0,00* | 0 | *0,00* | 0 | *0,00* |
| **Кабинет** | 584.073 | 367.000 | 62,83 | 367.000 | *62,83* | 225.203 | *38,56* | 0 | *0,00* | 0 | *0,00* |
| | | | | | | | | | | | |
| **МЕПСО** | 7.993.053 | 5.909.830 | 73,94 | 5.559.830 | *69,56* | 3.766.927 | *47,37* | 350.000 | *4,38* | 108.600 | *1,36* |
| | | | | | | | | | | | |
| **Број** | 147 | 110 | 74,83 | 100 | *68,03* | 64 | *43,54* | 10 | *6,80* | 6 | *4,08* |

| **5.5 Реализација на Мали набавки во 2020** *состојба на 31.12.2020 год* | | | |
|---|---|---|---|
| **Квартал** | **Годишен лимит на средства /24.000 евра, без ДДВ/** | **Искористени средства во квартал /евра, без ДДВ/** | **Остаток /евра, без ДДВ/** |
| Прв квартал | 24.000,00 | 3.059,07 | 20.940,93 |
| Втор квартал | 20.940,93 | 5.147,59 | 15.793,34 |
| Трет квартал | 15.793,34 | 2.818,42 | 12.974,92 |
| Четврт квартал | 12.974,92 | 11.668,47 | 1.306,45 |
| **Вкупно** | **24.000,00** | **22.693,55** | **1.306,45** |

***“Мали набавки”*** – набавки вон ЗЈН, чија проценета вредност без ДДВ е помала од вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки, и тоа:

- 2.000 евра во денарска противвредност за стоки или услуги,
- 10.000 евра во денарска противвредност за работи,
- 20.000 евра во денарска противвредност за посебни услуги, освен услугите опфатени со шифрата од ЗПЈН 79713000-5.

Вкупната вредност на набавките под наведените вредносни прагови кај договорните органи од член 9 став (1) точка г) од ЗЈН (како што е АД МЕПСО) не смее да надмине 24.000 евра во денарска противвредност во тековната година, со исклучок на набавките утврдени како општи исклучоци од членовите 23, 25 и 26 од ЗЈН.

Прегледот ги вклучува само реализираните мали набавки во наведениот период со одобрени Барања за реализација на мала набавка од Генералниот директор на АД МЕПСО.

# КАБИНЕТ НА ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР И ОДДЕЛ ЗА ИНВЕСТИЦИИ И РАЗВОЈ

## ШЕФ НА КАБИНЕТ

Координација на сите активности во Кабинетот на Генерален директор.

Координација на сите медиумски активности.

Координација на сите активности поврзани со општествена одговорност.

Координација на проектни активности кои се водат во Кабинетот.

Координација на сите активности поврзани со ситуацијата предизвикана од КОВИД-19 пандемијата здравствената криза во земјата.

Изработка на месечни извештаи за заем бр. 44114 МК од ЕБОР до Министерство за финансии за апликацијата ФАМА.

Комисија за јавни набавки -Присуство на јавни отворање за повеќе јавни набавки и евалуација на понудите, како член на Комисијата за јавни набавки.

Координација со Генералниот директор за тековните и идните проекти во АД МЕПСО.

Тековни состаноци со Генералниот директор и надворешните соработници за тековните и идни проекти.

Соработка со Сектор за финансиски работи и Сектор за правни работи во доменот на тековните активности на АД МЕПСО.

Координација со Служба за меѓународна соработка во врска со состаноци и активности во доменот на финансиски прашања и дилеми.

Координација со Сектор за финансиски работи и Проект менаџери и координатори за проекти кои се водат како Инвестиции во тек.

Координација со Оддел за развој и инвестиции за тековни и идни проекти во врска со ГИП.

Учество во работни групи, координација со институции и следење на процесите.

**Заем бр. 46274МК (ЕБОР)**
**Проект: Македонија-Албанија - поврзување, фаза 1**

Водење на Договор за консултантски услуги и технички надзор на градба, во рамките на Проектот 400 kV интерконекција Битола (Македонија) – Елбасан (Албанија) фаза I, склучен помеѓу АД МЕПСО и Консултантот JV decon international GmbH/CONSULECTRA Unternehmensberatung GmbH/VEVE Group. Тимот за имплементација на овој договор одржува редовни состаноци за текон на работите и задачите кои произлегуваат од овој договор. Овој договор се однесува на надзор на градба и следење на договорите со изведувачите за изградба на новата 400/110 kV ТС Охрид и ново далекуводно поле во 400/110 kV ТС Битола 2 и изградба на новиот 400 kV ДВ ТС Битола 2-македонско/албанска граница.

# СОВЕТНИЦИ И КООРДИНАТОРИ

Соработка со меѓународни институции - Учество на состаноци и активно вклучување и презентирање на АД МЕПСО во процесите за минати, тековни и идни активности

Соработка со домашни државни институции - Учество во работни групи, координација со институции, следење на процесите и одговор на барања од страна на АД МЕПСО

Соработка со надворешни соработници - Следење на проектите во кои се вклучени надворешни соработници, редовна комуникација со нив и континуирано решавање на прашањата од финансиска природа

Координација со Сектор за финансиски работи - Координација и спроведување на активности со цел поефикасно и поефективно завршување на бараните цели

Учество во работни групи - Учество на состаноци, спроведување на постапки, се до нивна реализација.

Активно учество како член на комисијата за MEPSO Rehabilitation Project, Lot2 – "Supply and installation of Telecommunication equipment and Remote monitoring of SS".

Активно учество како член на комисијата за фактичката состојба во однос реазлизираните обврски на изведувачите во врска со изградбата на зградата на дирекцијата на АД МЕПСО.

Редовни активности по барање на ГД - Редовни состаноци, давање мислење, спроведување на процедури и процеси.

Координација со Служба за оперативен контролинг - Координација и соработка за одредени работи поврзани со прашања и задачи од највисоко значење за работењето на АД МЕПСО:

- Координација со Шеф на кабинет за тековни и идни проекти на АД МЕПСО.
- Координација со Сектор за финансиски работи на АД МЕПСО во врска со Квартален извештај, Финансиски план, годишна инвестициона програма, план за јавни набавки, план за останати потреби за набавки за 2020 година.
- Координација со Служба за меѓународна соработка во врска со состаноци и активности во доменот на финансиски прашања и дилеми.
- Соработка со Сектор за финансиски работи и Сектор за правни работи во доменот на тековните активности на АД МЕПСО
- Други дополнителни работни задачи во домен на работното место - Дополнителни работни задачи во домен на работното место

**Соработка со меѓународни институции:**

- Активно учество во подготовките за најавата на мисијата на ММФ во врска со Проценка на управувањето со јавните инвестиции
- Целосно спроведена агенда и одговор на прашалникот доставен од ММФ во соработка и консултации со релевантните служби во АД МЕПСО
- Активно учество на состаноците со ММФ и елаборирање на состојбите во АД МЕПСО за управувањето со инвестициите.
- Активно учество во проектот на мисијата на ММФ во врска со Проценка на управувањето со јавните инвестиции.
    - **Energy Regulators Regional Association: ERRA** - Обука, семинар и завршно оценување и стекнување со сертификат за Економските принципи и регулација на цени на енергетскиот пазар организиран од Асоцијацита на регионални регулатори во енергетиката одржан во Будимпешта.
    - Годишно барање за цена до РКЕ - Координација со Оперативен Контролинг и Службата за план и анализа со цел доставување на барање за одобрување на регулиран максимален приход, просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија

- Активација на средства детектирани во Инвестиции во тек - Координација со Сектор за финансиски работи и Проект менаџери и координатори за проекти кои се водат како Инвестиции во тек

## Изградба на 110 kV ДВ "ТС Штип - ТС Пробиштип"

| Период | Активност |
|---|---|
| **09.01.2020** | На 20.12.1019 Изведувачот доставува барање за продолжување на рокот за завршување на работите со кое бара продолжување на рокот од осум месеци. Одобрување од страна на ЕБОР за продолжување на рокот за завршување на работите од осум месеци, уважувајќи ги причините како основани, и одобрување на текстот на Амандманот 3. |
| **28.02.2020** | Склучен Амандман 3 на Договорот (бр. 02-1672) со кој е продолжен рокот за завршување на работите до Септември 2020. |
| **јануари - март 2020** | Се изведуваат работи на монтажа на столбови, заземјување на столбови и електромонтажни работи до столб бр. 31 заедно со спроведување на проводник, оптика и заштитно јаже.<br>Степенот на реализација на проектот до крајот на I квартал 2020 година е следниот: опремата е набавена 100%, физичкиот степен на реализација за опремата е 60% а за работите 58%, а финансиската реализација на договорот е 59%. |
| **април - јуни 2020** | Се изведуваат работи на монтажа на столбови, електромонтажни работи до столб бр. 91 заедно со спроведување на проводник, оптика и заштитно јаже, испитувања и тестирања, пробно пуштање под напон на делницата "ТС Штип – приклучок Неокази".<br>На 08.06.2020. првата делница, од ТС Штип до приклучок Неокази, е пуштена под напон, а на 09.06.2020 е одобрен почеток на градба на втората делница, од столб бр. 93 до ТС Пробиштип.<br>Степенот на реализација на проектот до крајот на II квартал 2020 година е следниот: физичкиот степен на реализација за опремата е 77%, а за работите 66,3%. |
| **јули - септември 2020** | Продолжува изградба на втората делница од далекуводот, од столб бр. 93 до портал во ТС Пробиштип, со повремени застои во изградбата предизвикани од вонредната состојба во двете држави воведени заради пандемијата со Covid 19.<br>Во овој период има интензивна координација со Надзорот и Изведувачот околу: (i) контролата над градбата, (ii) реализација на работите во непогодни временски услови, (iii) реализација на работите во услови на Виша Сила, (iv) преземање на мерки за интензивирање на изградбата и менаџирање на договорот во делот "Виша Сила" и преземање активности за минимизирање на влијанијата врз проектот.<br>Во овој период:<br>Настанато е оштетување на столб бр. 110 под дејство на природни појави. Степенот на оштетување е таков што столбот не може да остане во функција. Инвеститорот, во рамките на законските можности, веднаш пристапи кон обновување на столбот. Изработи проект за обновување на оштетениот столб, кој е и ревидиран, и столбот е заменет согласно проектот<br>Изведувачот на 11.09.2020 достави допис дека работите се завршени и може да започнат тестирањата |

| | |
|---|---|
| | Извршена е инспекција и контролни тестирања на работите и опремата од страна на Инвеститорот<br>Извршена е контрола на работите и опремата од страна на Надзорот<br>Извршени е контрола и тестирања од страна на Изведувачот<br>Доставен Завршен извештај од извршениот надзор над градба |
| **02.10.2020** | Инвеститорот го издава Сертификатот за завршување на работите |
| **13.11.2020** | Инвеститорот го издава Сертификатот за оперативно преземање на далекуводот |
| **07.12.2020** | Доставено е барање од страна на Изведувачот за исплата на задржаните средства, согласно условите од Договорот, во висина од 10% од вредноста на договорот.<br>Останатите средства, во висина на 80% од вредноста на договорот, по доставените фактури се веќе исплатени. |
| **декември 2020** | Доставени се нацрт-верзии за продолжување на роковите на гаранцијата за добра изведба и осигурувањата, согласно условите од Договорот. |
| **2021 - 2025** | Период на валидност на Договорот во делот на одговорност за отстранување на дефекти на градбата (2 години) и гарантен период за опремата (дополнителни 3 години) |

## Изградба на 110 kV ДВ “ТС Штип - ТС Овче Поле“

| Период | Активност |
|---|---|
| | Проектот за Инфраструктура е поднесен на 13.03.2020 на одобрување и конечно, на 18 јуни 2020 е одобрен од страна на Министерство за транспорт и врски |
| **27.05.2020** | Склучен е Амандман 2 на Договорот (бр. 02-3898) со кој е продолжен рокот за завршување на работите од петнаесет месеци. Претходно на 07.05.2020, ЕБОР го одобри Амандманот бр. 2 на Договорот за продолжување на рокот уважувајќи ги причините за продолжување како основани (неажурност на институции и настапување на Виша Сила) |
| **25.06.2020** | Воведен е во работа Ревидентот на Основниот проект и ревизијата е завршена |
| **07.10.2020** | Добиено е одобрение за градење, кое станува правосилно на 09.10.2020 |
| **27.10.2020** | Добиена е водостопанска согласност |
| **ноември-декември 2020** | Воведен е во работа надзорот над градбата Столб ДООЕЛ, Битола<br>Мобилизација на Изведувачот и вршење на нарачки за производството и испорака на опремата и материјалите кои беа одложени заради вонредните состојби како последица на пандемијата. |

| | |
|---|---|
| | Особено се прават напори да се обезбеди анкерниот дел од столбовите како што поскоро би се започнало со изградбата на далкуводот. |

**Проект Набавка и инсталација на нова релејна заштита -Решение бр.02-2457 од 03.04.2018**– Работни состаноци и координација со работна група, координација со Диспечерски центар МЕПСО во врска со бараните исклучувања на далекуводните полиња, координација со проект менаџер од Изведувачот Кончар КЕТ Загреб во врска со текот на изведбата, контрола на изведбата, проверка на испратници и фактури, планирање на наредни активности на проектот, достава на извештаи за текот на изведбата.

| Период | Активност |
|---|---|
| **Јануари-февруари** | -ХЕЦ Вруток - инсталациони работи, инсталација на нова линиско-диференцијална заштита, реле L90 од производителот GE, ожичување, инсталација на нови ВТ ормари, тестирање на заштитните функции, инсталација на комуникациска опрема и поврзување со заштитните релеи.<br>- ХЕЦ Глобочица и ХЕЦ Шпиље - инсталација на комуникациска опрема и поврзување со заштитните релеи.<br>-ХЕЦ Тиквеш - OHL Тиквеш-Кавадарци, OHL Тиквеш-Фени: инсталациони работи, демонтажа на старата опрема , релеи за инсталација на нова линиско-диференцијална заштита, реле L90 од производителот GE, ожичување, инсталација на нови ВТ ормари, тестирање на заштитните функции, инсталација на комуникациска опрема и поврзување со заштитните релеи. |
| **Април – јуни 2020** | Согласно настанатата ситуација со коронавирусот, ограничувањето на движење и затварањето на границите, стручните екипи на Иведувачот не беа во можност да продолжат со дел од актвностите поврзани со испитување на собирничка заштита и комуникации. Затоа на 01.04.2020г, Изведувачот достави барање за продолжување на рокот за завршување на работите, кое е засновано на член 40 "Продолжување на рокот за завршување" и член 37.1 (г) од договорниот предмет, настан на виша сила, предизвикан од пандемијата Covid 19. Врз основа на барањето е изработен Амандман 3 за продолжување на рокот кој на ден 14.04.2020 е доставен до ЕБОР на одобрување. Уште истиот ден ЕБОР даде No objection, по што истото го одобри и УО. На 28.05.2020 е потпишан Амандман бр.3 за продолжување на рокот за изведба, по што Изведувачот по што Изведувачот ги достави продолжените гаранции, Авансна и Гаранција за изведба. |

| | |
|---|---|
| **Јули-септември 2020** | ХЕЦ Вруток – OHL Полог - инсталациони работи, инсталација на нова линиско-диференцијална заштита, реле L90 од производителот GE, ожичување, инсталација на нови BT ормари, тестирање на заштитните функции, инсталацијна комуникациска опрема и поврзување со заштитните релеи.<br>ХЕЦ Вруток – OHL Гостивар - инсталациони работи, инсталација на нова линиско-диференцијална заштита, реле L90 од производителот GE, ожичување, инсталација на нови BT ормари, тестирање на заштитните функции, инсталација на комуникациска опрема и поврзување со заштитните релеи. |
| **Октомври-декември 2020** | На 25.09.2020 Изведувачот достави допис дека опремата е инсталирана, "Notice of completion", на 8.10.2020 од наша страна е издаден Completion Certificate , по што согласно процедурите се одвиваа CAT активности на ХЕЦ Тиквеш, ХЕЦ Вруток, ХЕЦ Шпиље и ХЕЦ Глобочица – тестирање на функционалноста на собирничката BB&BF заштита, функционално тестирање на заштитните функции, проверка на струјните, контролните и алармните кругови на сите релеи, тестирање на комуникациската шема, тестирање на комуникацијата помеѓу релеите на двата краја на далноводите.<br>На 06.11.2020 од страна на Инвеститорот е предложена промена во количина за резервна опрема , Schedule no. 1E, item no4. Numerical Bus bur Protection. На 01/12/20 од страна на ЕБРД е одобрен Change order за промена во количина , во резервната опрема , со што Договорот е намален за 11.980,00 еур.<br>Од страна на Изведувачот е доставен Проектот на изведена во електронска состојба на преглед. |

**Проект Реконструкција на фасадата на АД МЕПСО Решение бр. 02-3365 од 13.06.2019-** организирање и учество на состаноци со работната група ( Записник од состанок одржан на 23.01.2020), изработка и достава на Информација за активности во рамките на работната задача.

**Координација со сектори -** координација на спроведување на процедури и процеси, состаноци со раководители на оддели и служби од сектор од подружница ОЕПС, состаноци со Служба за Управување со квалитет, животна средина и стандардизација, следење на статусот на процедурите кои се во изработка.

**Изработка на квартални извештаи** за работењето за оддел кабинет на ГД во 2020.

**Изработка на годишен извештај за 2019** за работењето за оддел кабинет на ГД.

**Изработка на годишен план за работа за 2020** за работењето за оддел кабинет на ГД.

**Усогласување на обрасци и формулари ,** согласно усвоени упатства, правилници и акти на сила во АД МЕПСО, закон за работни односи и колективен договор.

**Координација** и пристуство на состаноци со проектни тимови во делот на урбанистичко-проектна документација.

Проверка и контрола на урбанистичко-проектна документација за проекти од Компонента 4 пакет 1, финансиран заем од ЕБОР (заем бр. 44114):

- Лот 2 **110 kV OHTL SS Veles 1 – SS Ovce Pole,** увид и проверка на Проект за инфраструктура пред аплицирање во системот на е-урбанизам. Спроведување на постапки по склучени договори со институции во координација со СФР со цел навремена реализација.
- Лот 3 **110 kV OHTL SS Skopje 4 – SS Veles,** проверка на траса и констатирање на фактичка состојба на терен. Изготвување на Извештај од посета на терен споредбено со доставена Урбанистичко-проектна документација, координација со Проектниот тим за отстранување на неусогласеностите во Проектот за инфраструктура во согласност со состојбата на терен и проектната документација. Спроведување на постапки по склучени договори со институции во координација со СФР со цел навремена реализација.

Активности поврзани со организација и распоред на работни простории во управната зграда на АД МЕПСО. Изработка на Органограм на АД МЕПСО објавен на корпоративна Интранет страна во координација со Сектор за ИТ/ТК и СПОР. Изготвен е список на вработени со сите релевантни податоци за објава на Интранет - организациска структура и е доставен до Генерален директор на одобрување или понатамошна разработка и дефинирање на следни чекори.

Анализа и проверка на донесени акти и одлуки објавени на корпоративниот mail на mepso-grupa. Во координација со СПОР дефинирање потреба за нивна корекција, отповикување, измена и сл. Изготвен е Извештај и доставен до Шеф на кабинет на понатамошно разгледување и одобрување на предвидените активности во истиот.

**Анализа на стандардите и нормативите за урбанистичко планирање** и дефинирање на принципите, начелата и методите од новиот Павилник за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20) објавен на 19 Септември 2020 година.

Проверка и контрола на урбанистичко-проектна документација за проекти од Компонента 4 пакет 1, финансиран заем од ЕБОР (заем бр. 44114):

- Лот 2 **110 kV OHTL SS Veles 1 – SS Ovce Pole,** поднесено барање за одобрување на Проект за инфраструктура, постапување по Известување за констатирани недостатоци со арх. бр. 71-1263/4 од 10 Јуни 2020 година доставено од МТВ.
- Лот 3 **110 kV OHTL SS Skopje 4 – SS Veles,** постапување по забелешки од Известување на Министерство за транспорт и врски во постапка за одобрување на Проект за инфраструктура. Присуство на состаноци со Општина Велес во врска со Мислење издадено од нивна страна за позиција на далекуводна траса и изготвување на предлог решенија. Учество на Јавна презентација за УПВНМ за КП 739/3, КП 675/3, КП 739/2, КП 870/1 и КП 895 КО Ржаничино Општина Петровец за изградба на објекти со намена Г2, Г3 и Г4 со цел увид во проектната документација и информирање на надлежните институции за поведена постапка од страна на АД МЕПСО за одобрување на Проект за инфраструктура во Министерство за транспорт и врски.

Работна посета со консултанти и претставници од Работната група од АД МЕПСО формирана согласно Решение бр. 04-5427/1 од 11.09.2020 год. на далекуводна траса 110 kV OHTL TS Dubrovo – TS Valandovo –TS Strumica 2 – TS Strumica 1 која е предмет на Студијата **Infrastructure Projects Facility in the Western Balkans Energy – WB21-MKD-ENE-03 Component 1"STRENGTHENING THE TRANSMISSION NETWORK IN THE SOUTHEAST REGION OF NORTH MACEDONIA - COMPONENT 1".** Припрема на ESIA и GIS податоци за потребите на Консутантот со кои располага АД МЕПСО потребни во почетната фаза за изработка на Студијата.

Координација со Оддел за општи работи во врска со подготвување на Јавна набавка за "**Реконструкција на Административна зграда на АД МЕПСО"** составена од два дела "**Ревизија на досега извршените работи и продолжување како надзор на изведба на реконструкција и адаптација на фасада со цел подобрување на енргетска ефикасност и реконструкција на внатрешноста на административната зграда – Дирекција на АД МЕПСО" и "Санација на оштетена фасада".**

Активности поврзани со организација и распоред на работни простории во управната зграда на АД МЕПСО. Изработка на Органограм на АД МЕПСО објавен на корпоративна Интранет страна во координација со Сектор за ИТ/ТК и СПОР. Изготвен е список на вработени со сите релевантни податоци за објава на Интранет - организациска структура. Направен е распоред за фотографирање на вработените за потребите за изготвување на Интранет страната на АД МЕПСО. Сите активности што се превземени за завршување на работните задачи се согласно препораките за заштита COVID-19 и се усогласени и организирани согласно препораките на Влада на РСМ.

**Јавни набавки на АД МЕПСО -** Спроведување на постапките за јавни набавки.

## СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Службата за внатрешна ревизија во периодот од 01.01.2020 год. до 30.12.2020 година работеше согласно Законската регулатива а врз основа на:

- Стратешки план за извршување на внатрешна ревизија за период од 2020 до 2022 година бр. 12-370/2 од 17.01.2020 год. доставен до Централната единица за хармонизација при Министерството за финансии на РМ со бр. 12-370 од 17.01.2020 год.
- Годишен план за извршување на внатрешна ревизија за 2020 година бр. 12-370/1 од 17.01.2020 год. доставен до Централната единица за хармонизација при Министерството за финансии на РМ со бр. 12-370 од 17.01.2020 год.
- Законските одредби како и Уредбите и Заклучоците од Владата на РСМ донесени и усвоени согласно новонастанатата (во еден дел од годината вонредна а сега и кризна) состојба поради пандемијата на Корона вирусот (Ковид19)

Согласно наведеното, а и за подобро хронолошко следење на активностите на Службата за внатрешна ревизија во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 год., земајќи ја во предвид пандемијата со Ковид 19, овај Извештај е поделен на четири (IV) квартали, аналогно на кварталните извештаи.

## Прв квартал – I квартал 01.01.2020 до 31.03.2020 година

- На крајот на јануари, 24.01.2020 година, направена е промена на Раководителот на Службата за внатрешна ревизија. На местото на дотогашниот раководител на Службата за ревизија при АД МЕПСО Татјана Пешевска, е назначен Благојче Котески. Во периодот после промената се правеше примопредавање на вкупната документација од досегашното работење на Службата за внатрешна ревизија со изработување на детален Записник за реализирано примопредавање. Записникот со фактичкото примопредавање е направен заклучно со работењето на службата до 2012 година и истиот треба да биде дораработен по завршувањето на вонредната состојба од постоечката пандемиска криза а согласно законските одредби како и Уредбите и Заклучоците од Владата на РСМ.
- Со Овластување бр. 03-10/56 од 04.02.2020 година, започната е Ревизија на успешност во работењето (извршувањето) и на усогласеност (регуларност) на спроведените активности за Реконструкција и адаптација на фасадата со цел подобрување на енергетската ефикасност и реконструкција на внатрешноста на административната зграда Дирекција АД МЕПСО.

  За реализација на оваа Ревизија, превземени се следните активности:
- Прибирање на материјали врз основа на кои се превземени активности за започнување на тендерските активности за започнување на Проектот за реконструкција и адаптација на фасада.
- Направени се работни групи од лица експерти во своите области согласно со поделбата на делови во согласност со Предмер пресметката врз чија основа е објавен тендерот предмет на оваа ревизија.
- Организирани се работни состаноци со сите компании кои се јавуваат како подзиведувачи во работните активности на изведувачот (сега веќе во стечај) Бетон Штип.
- Организиран е состанок со Надзорот на градбата.
- Поделени се задолженија на членовите на работната група како координаторите на групите од дополнителни членови со кои ќе се врши утврдување на фактичката состојба на изведената состојба на активности и опрема согласно со Предмер пресметката.
- Паралелно на овие работни групи, заедно со дел од подизведувачите, кои се јавија на нашиот повик е направено и утврдување на моменталната состојба на системите, нивна дефектажа, собирање понуди за ставање во функција на сите системи од зградата кои не се функционални.
- Превземени се и низа на дополнителни тековни активности во согласност со тековните активности а во склоп на оваа ревизија.

Ревизијата е сеуште во тек со времетраење усогласено со постоечката пандемиска криза а согласно законските одредби како и Уредбите и Заклучоците од Владата на РСМ.

- Со Овластување бр. 03-10/122 од 04.03.2020 година почната е Ревизија на примена на правилниците кои ги опфаќаат редот и дисциплината, работното време, паузи, отсуства и

одмори на вработените во АД МЕПСО.

- Извршена е посета во трафостаниците Скопје 1/5 – Бутел и Скопје 4 – Пинтија, со цел прелиминирано истражување на – Примена на правилниците бр.02-3020/7-6 од 27.05.2019 година и 02-3020/7-5 од 27.05.2019 година,
- Извршено е – Прелиминарно истражување за прибирање на информации во ТС Прилеп.
- Овие посети се дел од активен процес на работа на терен за објективно собирање на докази комбинирано со интервјуирање на раководителите на организационите единици.
- Оваа ревизија делумно е во застој, поради воведените безбедности мерки од страна на Владата на РСМ а поврзани со пандемијата од Ковид 19.
- Истата ќе продолжи користејќи нови современи комуникациски алатки и заштитни средства, пропишани со препораките од Влада на РСМ, како и интерните заштитени мерки пропишани од УО на АД МЕПСО.

Вечерта на 26-27.02.2020 год, после невремето кое беше на територијата на Град Скопје, имаше сериозно оштетување на северозападната фасада на административната зграда на АД МЕПСО.

Бидејќи ова оштетување е во склоп на Ревизијата која се води во однос на проектот за Реконструкција и адаптација на фасадата со цел подобрување на енергетската ефикасност и реконструкција на внатрешноста на административната зграда Дирекција АД МЕПСО, службата за внатрешна ревизија беше и сеуште е активно вклучена во следење и водење на процесите поврзани со ова оштетување.

Дел од овие активности беа:

- Комуникација и обезбедување со одговорните служби и државни органи:
  - Полиција
  - Осигурителна компанија
  - Вештачење со вешти лица од Градежен факултет
  - Влада на РСМ
  - Град Скопје
  - Општина Центар
  - Градежен инспекторат
  - Јавно обвинителство
  - Биро за јавна безбедност
  - и други ...

Вклученоста на службата е се’ со цел обезбедување на потребната документација до надлежните органи како и комуникација со истите, а се’ со цел враќање на фасадата во првобитната состојба, согласно проектната документација која е и предмет на ревизија.

## Втор квартал – II квартал 01.04.2020 до 30.06.2020 година

Службата за внатрешна ревизија во периодот од 01.04.2020 до 30.06.2020 год. ги имаше следните ревизорски активности:

- Со Овластување бр. 03-10/56 од 04.02.2020 година, продолжена е Ревизија на успешност во работењето (извршувањето) и на усогласеност (регуларност) на спроведените активности за Реконструкција и адаптација на фасадата со цел подобрување на енергетската ефикасност и реконструкција на внатрешноста на административната зграда Дирекција АД МЕПСО. За реализација на оваа Ревизија, превземени се следните активности:
  - Прибирање на материјали врз основа на кои се превземени активности за започнување на тендерските активности за започнување на Проектот за реконструкција и адаптација на фасада
  - Продолжува ревизијата и работата со членовите од работните групи, составени од лица експерти во своите области, согласно со поделбата на делови во согласност со

Предмер пресметката врз чија основа е објавен тендерот предмет на оваа ревизија.

- Организирани се работни состаноци со ДАВОС Инвест ДООЕЛ, Надзорот на градбата
- Организирани се и е учествувано на работни состаноци преку интернет платформата ZOOM, со осигурителната компанија Винер осигурување, за обештетувањето на штетата, настаната на дел од северозападната фасада на административната зградата на АД МЕПСО., оштетена во невремето вечерта на 26-27.02.2020 год.
- Оранизирани е состанок со Министерство за транспорт и врски, за усогласување на следни активности, поврзани со извештајот а како крајна цел, добивање на употребна дозвола на административната зграда на АД МЕПСО.
- Превземени се и низа на дополнителни тековни активности во согласност со тековните активности а во склоп на оваа ревизија
- Изработен е и предаден Ревизорскиот меморандум согласно Овластување бр. 03-10/56 од 04.02.2020 година

Ревизијата со цел изработка на Ревизорски извештај е сеуште во тек со времетраење усогласено со постоечката пандемиска криза а согласно законските одредби како и Уредбите и Заклучоците од Владата на РСМ.

- Со Овластување бр. 03-10/122 од 04.03.2020 година во овај квартал е продолжена и завршена Ревизија на примена на правилниците кои ги опфаќаат редот и дисциплината, работното време, паузи, отсуства и одмори на вработените во АД МЕПСО.

  Согласно Законот за внатрешна ревизија (Службен весник на РМ бр. 90 од 22 јули 2009 година), член 2 од Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата, извршена е вонредна внатрешна ревизија на примена на Правилникот за редот и дисциплината во Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост,Скопје бр.02-3020/7-6 од 27.05.2019 година, и Правилникот за работно време, паузи, отсуства и одмори на вработените во Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје бр. 02-3020/7-5 од 27.05.2019 година, извршено е Спроведување на Ревизијата- Примена на правилниците бр.02-3020/7-6 од 27.05.2019 година и 02-3020/7-5 од 27.05.2019 година, извршена е посета во трафостаниците:

  - Скопје 1/5 – Бутел на ден 08.05.2020 година, Скопје 4 –Пинтија, со цел прелиминирано истражување на – Примена на правилниците бр.02-3020/7-6 од 27.05.2019 година и 02-3020/7-5 од 27.05.2019 година,
  - Скопје 2, и Скопје 3 на ден 13.05.2020 година.
  - ТС Велес, ТС Кавадарци и ТС Дуброво на ден 14.05.2020 година.
  - Охрид, ТС Битола 1 и ТС Битола 2 на ден 20.05.2020 година
  - ТС Штип и ТС Бучим на ден 21.05.2020 година

  Овие посети се дел од активен процес на работа на терен за објективно собирање на докази комбинирано со интервјуирање на раководителите на организационите единици.

  Оваа ревизија беше делумно во застој, поради воведените безбедности мерки од страна на Владата на РСМ а поврзани со пандемијата од Ковид 19.

  Истата, кога се создадоа услови, продолжи користејќи нови современи комуникациски алатки и заштитни средства, пропишани со препораките од Влада на РСМ, како и интерните заштитени мерки пропишани од УО на АД МЕПСО.

  Резвизијата заврши со изработен е и предаден извештај – Ревизорски меморандум за извршената ревизија на примена на Правилниците.

  Согласно законските одредби како и Уредбите и Заклучоците од Владата на РСМ, вработениот внатрешен ревизор Татјана Пешевска, припаѓа во ризичната група со хронична автоимуна дијагноза и не е на своето работно место во просториите на АД МЕПСО Дирекција.

  Од наведените причини, а согласно одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, вработениот нема можност за реализирање на правото на целосен, слободен и

неограничен пристап до сите документи, имот и вработени кои се основа за спроведување на внатрешните ревизии.

Продолжување на активностите на внатрешниот ревизор Татјана Пешевска, меѓу кои и фактичкото примопредавање, ќе продолжат по завршувањето на примената на заштитните мерки од постоечката пандемиска криза предизвикана од Ковит 19, а согласно законските одредби како и Уредбите и Заклучоците од Владата на РСМ.

## Трет квартал – III квартал 01.07.2020 до 30.09.2020 година

Службата за внатрешна ревизија во периодот од 01.07.2020 до 30.09.2020 год. ги имаше следните ревизорски активности:

- Со Овластување бр. 03-10/56 од 04.02.2020 година, продолжена е Ревизија на успешност во работењето (извршувањето) и на усогласеност (регуларност) на спроведените активности за Реконструкција и адаптација на фасадата со цел подобрување на енергетската ефикасност и реконструкција на внатрешноста на административната зграда Дирекција АД МЕПСО.

  За реализација на оваа Ревизија, превземени се следните активности
  - Прибирање на материјали врз основа на кои се превземени активности за започнување на тендерските активности за започнување на Проектот за реконструкција и адаптација на фасада
  - Продолжува ревизијата и работата со членовите од работните групи, составени од лица експерти во своите области, согласно со поделбата на делови во согласност со Предмер пресметката врз чија основа е објавен тендерот предмет на оваа ревизија.
  - Превземени се и низа на дополнителни тековни активности во согласност со тековните активности а во склоп на оваа ревизија.
  - Образложени се наодите и препораките до УО на АД МЕПСО наведени во Ревизорскиот меморандум согласно Овластување бр. 03-10/56 од 04.02.2020 година.

    Ревизијата со цел изработка на Ревизорски извештај е сеуште во тек со времетраење усогласено со постоечката пандемиска криза а согласно законските одредби како и Уредбите и Заклучоците од Владата на РСМ.
- Согласно Законот за внатрешна ревизија (Службен весник на РМ бр. 90 од 22 јули 2009 година), член 2 од Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата, во тек е спроведување на функционална анализа на Системска ревизија, ревизија на успешност во работењето (извршувањето) и на усогласеност (регуларност) во реализација на службените патувања во РСМ на вработените во АД МЕПСО за период 2019 година.
  - Спроведување на Анализата – системски процес на прибирање на материјали односно закони, подзаконски акти, правилници, процедури и останато, врз основа на кои во иднина ќе бидат спроведени активности согласно истите.
  - Прелиминарно истражување за прибирање на информации – Процес на извршување на постапки за објективно прибарување на информации и докази за реализација на службените патувања, комбинирано со интервјуирање на раководителот на Служба за денарско финансиско работење, активен чинител во процесот.
- Генерален преглед и детална анализа за евентуални настанати промени и ажурирање на Меѓународни стандарди за професионално извршување на внатрешна ревизија – МСР, согласно The Institute of Internal Auditor Global.
- Согласно законските одредби како и Уредбите и Заклучоците од Владата на РСМ, вработениот внатрешен ревизор Татјана Пешевска, припаѓа во ризичната група со хронична автоимуна дијагноза и не е на своето работно место во просториите на АД МЕПСО Дирекција.

Вработениот внатрешен ревизор Татјана Пешевска, започна со редовно доаѓање на работа на 23.09.2020 година. Од тој датум вработениот продолжува со своите редовни работни обврски кои опфаќаат изработка на Записникот за извршено примопредавање на

документацијата од работењето на Службата за внатрешна ревизија и тоа за период од 01.01.2014 година, како и учество на организирани состаноци од страна на раководителот на службата.

## Четврт квартал – IV квартал 01.10.2020 до 31.12.2020 година

Службата за внатрешна ревизија во периодот од 01.10.2020 до 31.12.2020 год. ги имаше следните ревизорски активности:

- Со Овластување бр. 03-10/56 од 04.02.2020 година, продолжена е Ревизија на успешност во работењето (извршувањето) и на усогласеност (регуларност) на спроведените активности за Реконструкција и адаптација на фасадата со цел подобрување на енергетската ефикасност и реконструкција на внатрешноста на административната зграда Дирекција АД МЕПСО.

  За реализација на оваа Ревизија, превземени се следните активности:
  - Прибирање на материјали врз основа на кои се превземени активности за започнување на тендерските активности за започнување на Проектот за реконструкција и адаптација на фасада
  - Продолжува ревизијата и работата со членовите од работните групи, составени од лица експерти во своите области, согласно со поделбата на делови во согласност со Предмер пресметката врз чија основа е објавен тендерот предмет на оваа ревизија.
  - Превземени се и низа на дополнителни тековни активности во согласност со тековните активности а во склоп на оваа ревизија.
  - Ревизијата и изработката на самиот Ревизорски извештај се во завршна фаза.

Ревизијата со цел изработка на Ревизорски извештај е сеуште во тек со времетраење усогласено со постоечката пандемиска криза а согласно законските одредби како и Уредбите и Заклучоците од Владата на РСМ. Земајќи ја во предвид ситуацијата со пандемијата и фактот дека во оваа ревизија се вклучени поголем број на луѓе, иако се користат сите модерни алатки за комуникација поради болест на одредни лица од Ковид 19, Службата за ревизија е пред сериозен предизвик за комплетирање и усогласување на сите работни извештаи од работните групи вклучени во изработка на извештајот.

- Согласно Законот за внатрешна ревизија (Службен весник на РМ бр. 90 од 22 јули 2009 година), член 2 од Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата, во тек е спроведување на функционална анализа на Системска ревизија, ревизија на успешност во работењето (извршувањето) и на усогласеност (регуларност) во реализација на службените патувања во РСМ на вработените во АД МЕПСО за период 2019 г.
  - Спроведување на Анализата – системски процес на прибирање на материјали односно закони, подзаконски акти, правилници, процедури и останато, врз основа на кои во иднина ќе бидат спроведени активности согласно истите.
  - Прелиминарно истражување за прибирање на информации – Процес на извршување на постапки за објективно прибарување на информации и докази за реализација на службените патувања, комбинирано со интервјуирање на раководителот на Служба за денарско финансиско работење, активен чинител во процесот.
  - Започнат е процесот на прибирање на материјали за ревизија врз основа на кои е започнатa анализа која што сеуште е во тек.
- Согласно законските одредби како и Уредбите и Заклучоците од Владата на РСМ, вработениот внатрешен ревизор Татјана Пешевска, припаѓа во ризичната група со хронична автоимуна дијагноза и не е на своето работно место во просториите на АД МЕПСО Дирекција.

Вработените ревизори Татјана Пешевска и Деспина Костадиновска, во дел од овај квартал отсуствуваа од своите работни задачи, поради изложеност а потоа зараженост и опоравување од Ковид 19.

Врз основа на горе наведеното може да се заклучи дека, Службата за внатрешна ревизија во периодот од 01.01.2020 до 09.12.2020 год. има реализирано ревизорски активности согласно

Годишен план за извршување на внатрешна ревизија за 2020 година, како и целосно вклучување во санирање на последиците од елементарната непогода која оштети дел од фасадата на административната зграда на АД МЕПСО, како и активности согласно новонастанатата вонредна состојба поради пандемијата на Корона вирусот (Ковид19).

| Активност | | Статус | Реализација |
|---|---|---|---|
| 1 | Ревизија на успешност во работењето (извршувањето) и на усогласеност (регуларност) на спроведените активности за Реконструкција и адаптација на фасадата со цел подобрување на енергетската ефикасност и реконструкција на внатрешноста на административната зграда Дирекција АД МЕПСО. | АКТИВЕН | 95% |
| 2 | Ревизија на примена на правилниците кои ги опфаќаат редот и дисциплината, работното време, паузи, отсуства и одмори на вработените во АД МЕПСО. | ЗАВРШЕН | 100% |
| 3 | Следење и водење на процесите и активности превземени после невремето на територијата на Град Скопје, кое предизвика сериозно оштетување на северозападната фасада на административната зграда на АД МЕПСО. | ЗАВРШЕН | 100% |
| 4 | Системска ревизија, ревизија на успешност во работењето (извршувањето) и на усогласеност (регуларност) во реализација на службените патувања во РСМ на вработените во АД МЕПСО за период 2019 г. | АКТИВЕН | 95% |
| 5 | Генерален преглед и детална анализа за евентуални настанати промени и ажурирање на Меѓународни стандарди за професионално извршување на внатрешна ревизија – МСР, согласно The Institute of Internal Auditor Global. | ЗАВРШЕН | 100% |

## СЛУЖБА ЗА ОПЕРАТИВЕН КОНТРОЛИНГ

Во текот на 2020 година, Службата за оперативен контролинг, план и анализа, согласно своите надлежности редовно ја следеше реализацијата на Годишната инвестициона పограма, Планот за останати потреби и Планот за јавни набавки на АД МЕПСО за 2020 година.

Службата за оперативен контролинг, план и анализа, постапуваше по доставените барањата за пренамена на средства, односно измена и дополна на Годишната инвестициона пограма, Планот за останати потреби и Планот за јавни набавки на АД МЕПСО за тековната 2020 година.

Согласно тековните потреби на подружниците и секторите и врз основа на доставените барања беа извршени вкупно 48 пренамени на средства. Истите се евидентирани во Базата за евиденција на изготвени барања за пренамена (измени и дополнување). По донесувањето на

Одлуки за пренамена на средства од страна на Управниот Одбор на АД МЕПСО, Годишната инвестициона програма, Планот за останати потреби и Планот за јавни набавки на АД МЕПСО за тековната 2020 година, се ажурирани. Согласно направените измени доставени беа ажурирани верзии до сите организациони единици. Врз основа на направените измени во Планот за јавни набавки на АД МЕПСО за 2020 година (ПЈН), Службата за комерцијално работење во координација со Службата за оперативен контролинг, план и анализа, последната верзија на ПЈН го објави на веб страната на Бирото за јавни набавки.

Во текот на 2020 година, Службата за оперативен контролинг, план и анализа, во координација со подружниците/секторите постапувајќи по Планот за јавни набавки за 2020 на АД МЕПСО, изготви 130 Барања за започнување на постапки за јавни набавки, од вкупно планирани 150 јавни набавки. Процесирани беа 126 Барања за започнување на постапки за јавни набавки, од кои 29 постапки се поништени или повлечени, а 11 не се објавени.

Изготвена е Дата база на Договори склучени помеѓу АД МЕПСО и носителите на Договорите по објавени Јавни набавки. Во оваа дата база се евидентирани и Договори за постапки во реализација – довршување на постапки на јавни набавки започнати пред и во 2019 година за кои е пропишана примена на Законот за јавни набавки. Преку оваа Дата база можно е да се следи реализацијата на секој поединечен Договор. Исто така, во изминатиот период континуирано беше ажурирана оваа Дата базата во која се евидентирани склучените Договори помеѓу АД МЕПСО и носителите на Договорите по објавени Јавни набавки.

Исто така, во текот на 2020 година, Службата во координација со подружниците/секторите изготви Годишен Извештај од работењето на АД МЕПСО за изминатата 2019 година, План за работење на АД МЕПСО во 2020 година и Квартален Извештај Q4 2019 година на АД МЕПСО.

Во изминатата 2020 година, Службата во координација со Секторот СФР учествуваше во изготвувањето на нова верзија на Процедурата за јавна набавка. Во координација со Служба за управување со квалитет, животна средина и стандардизација ја ревидираше Процедурата за Годишна инвестициона програма (ГИП).

Во истиот период, Службата за оперативен контролинг, план и анализа работеше на ревидирање и усогласување на Процедурата за Годишната инвестициона програма на АД МЕПСО.

Службата за оперативен контролинг, план и анализа врши редовно следење на постапките за Јавни набавки, по доставени барања за јавна набавка во 2020 година во координација со Одделот за комерцијални работи.

Исто така, во текот на 2020 година, Службата за оперативен контролинг, план и анализа изработи преглед на реализација на Годишната инвестициона програма (ГИП) за 2020 година и на Годишниот план за останати потреби (ОПН) за 2020 година за периодот јануари-септември 2020 година, збирен Рекапитулар за истите (ГИП и ОПН), како и Извештај за реализација на активностите на АД МЕПСО, заклучно со 30.09.2020 година.

Службата за оперативен контролинг редовно изготвуваше квартални Извештаи за своето работење и истите сублимирани со другите подружници/сектори во АД МЕПСО ги доставуваше на разгледување и усвојување до Управниот одбор на АД МЕПСО.

Во рамки на проектот Е-влада, во текот на овој квартал реализирана е онлајн обука за Системот за следење на реализацијата на планови и програми за работа на државните институции и институции од јавниот сектор, во организација на Next Sense и претставници од Владата на РСМ. Онлајн обуката ја следеа повеќе претставници на подружниците/секторите во АД МЕПСО.

Во овој период изготвени се template-и за подготвување на Годишната инвестициона програма за 2021 година, Инвестиционата програма за 2022-2025 година, Годишниот план за останати потреби на набавки за 2021 година, Планот за останати потреби на набавки за период 2022-2023 година и Планот за јавни набавки за 2021 година на АД МЕПСО и истите се доставени до подружниците/секторите за пополнување.

Остварени се повеќе работни средби и состаноци со претставници од подружниците/секторите на кои е презентиран начинот на пополнување и изготвување на плановите.

По добивање на пополнетите планови и нивно консолидирање и унифицирање, повторно се реализирани состаноци со директорите на подружниците/секторите на кои е направена оптимизација на плановите и конечно договорени сите детали.

Согласно тоа:

- Изработена е Предлог Годишната инвестициона програма за 2021 година и доставена до УО со архивски број 11-7961 од 23.12.2020.
  - Управниот одбор на АД МЕПСО ја разгледа и одобри со Одлука со архивски број 02-8006/10 од 24.12.2020 година.
- Изработена е Предлог Инвестициона програма за период 2022-2025 година и доставена до УО со архивски број 11-7963 од 23.12.2020.
  - Управниот одбор на АД МЕПСО ја разгледа и одобри со Одлука со архивски број 02-8006/11 од 24.12.2020.
- Изработен е Предлог Годишниот план за останати потреби на набавки во 2020 година и доставен до УО со архивски број 11-7964 од 23.12.2020
  - Управниот одбор на АД МЕПСО го разгледа и одобри со Одлука со архивски број 02-8006/12 од 24.12.2020.
- Изработен е Предлог Планот за останати потреби на набавки во 2022-2023 година на АД МЕПСО и доставен до УО со архивски број 11-7962 од 23.12.2020.
  - Управниот одбор на АД МЕПСО го разгледа и одобри со Одлука со архивски број 02-8006/13 од 24.12.2020.

По усвојувањето на Годишната инвестициона програма (ГИП) за 2021 година, Инвестиционата програма за период 2022-2025 година, Годишниот план за останати потреби (ОПН) за 2021 година и Планот за останати потреби на набавки во 2022-2023 година АД МЕПСО, Службата го изготви Предлог Планот за јавни набавки на АД МЕПСО за 2021 година.

# СЛУЖБА ЗА ПЛАН И АНАЛИЗА

Службата за оперативен контролинг, план, и анализа, Одделение за план и анализа во текот на 2020 година ги извршуваше следните активности, кои претставуваат редовни работни задачи, како и тековни активности на истата:

- Изработени се детални анализи и согледувања на остварените приходи и расходи во претходниот период како што се:
  - Преглед на приходи и расходи од финансиското работење на АД МЕПСО по квартали во 2020 година ; (прв, втор и трет квартал)
  - Преглед на остварените приходи од финансиското работење по квартали во 2020 година; (прв , втор и трет квартал)
  - Преглед на трошоците на АД МЕПСО по аналитички конта по квартали во 2020 година; (прв, втор и трет квартал)
  - Преглед на останатите трошоци од работењето по квартали во 2020 година; (прв, втор и трет квартал)
  - Изготвени се Финансиски извештаи за работењето на АД МЕПСО Скопје по квартали во 2020 година и истите се доставени на разгледување и усвојување до Управниот и Надзорниот одбор; (прв, втор и трет квартал)
  - Изготвен е Годишен Финансиски извештај за работењето на АД МЕПСО Скопје за 2019 година, односно Извештај кој што го покрива периодот на работењето на компанијата од 01.01 до 31.12.2019 година и истиот е доставен на разгледување и усвојување до Управниот и Надзорниот одбор;
  - Изготвен е Консолидиран Финансиски извештај за работењето на АД МЕПСО Скопје за деловната 2019 година и истиот е доставен на разгледување и усвојување до Управниот и Надзорниот одбор;
  - Изготвено и доставено до РКЕВУ Барање за одобрување на регулиран максимален приход и просечна тарифа за вршење на регулирана дејност пренос на електрична

енергија на АД МЕПСО Скопје за регулираниот период 2020 година, согласно Правилникот за регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи;

- Се зеде учество во изготвувањето на Барањето до РКЕВУ, за одобрување на регулиран максимален приход и просечна тарифа за вршење на регулирана дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија на АД МЕПСО Скопје за регулираниот период 2020 година; согласно Правилникот за регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи;
- Изработени се анализи и информации за тековното работење на компанијата со податоци за остварувањата за подолг период од неколку години, податоци за намалување на тарифата за пренос и динамиката и релизацијата на останатите приходи и расходи од редовното работење на компанијата, податоци за приходите од регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија во 2020 година, неповолниот финансиски резултат од работењето, влијанието на нововнастанатата економска состојба предизвикна од светската падемија на работењето на компанијата;
- Доставени се податоци до Министерството за финансии на месечно ниво, за реализација и проекција на Капиталните расходи/ проекти според извори на финансирање, како и планираните и остварените приходи и расходи по поодделни ставки и позиции;
- Доставени се податоци до Министерството за финансии на месечно ниво, односно извршено е пријавување и евидентирање на обврските кое се врши преку Електронскиот систем за пријавување и евидеција на обврски, (ЕСПЕО), кој го воспоставува, управува, и одржува Министерството за финансии, согласно со Законот за пријавување и евиденција на обврски кој е во примена од мај 2018 година;
- Доставени се податоци до Министерството за финансии за Реализација на приходи и расходи и инвестиции по месеци и збирно по квартали ( за прв, втор и трет квартал ), како и остварените приходи и расходи по поодделни ставки и позиции;
- Изработени се извештаи за меѓународната асоцијација на електроенергетски систем оператори ЕНТСО- Е Белгија и останати податоци според нивни барања; Биланс на состојба , Биланс на успех, финансиски резултат, регулиран период, регулирани тарифи , амортизација, трошоци, лични примања и сл;
- Се учествуваше во изготвување на материјалот за можноста на ослободување на АД МЕПСО од обврската за плаќања према ТЕЦ Неготино, како ладна резерва, која е во согласност со Договорот за обезбедување на електрична енергија во случај на загрозување на сигурноста во снабдувањето, хаварии или поголеми отстапувања во потрошувачката на електрична енергија од предвидените количини во електроенергетскиот систем;
- Изготвен е Финансиски план на АД МЕПСО Скопје за 2021 година. Истиот е доставен на разгледување и усвојување до Управниот одбор и Надзорниот одбор на друштвото;
- Соработувано е со Секторот за правни и општи работи во делот на планираните и исплатените бруто плати; просечна плата и сл;
- Направена е анализа на податоци за расположиви сопствени извори на финансиски средства за инвестициони активности за 2021 година, (ГИП 2021 година) и Планот за останати потреби на набавки за 2021 година;
- Изработен е Финансискиот план на АД МЕПСО Скопје за период од 2022- до 2025 година;
- Изработени и доставени се податоци за остварените приходи и расходи по години и квартали за годините 2018, 2019, 2020 година и податоци од Финансискиот план на АД МЕПСО за 2021 година, (приходи и расходи по квартали), согласно на Барањето од Генералниот секретаријат на Владата на РСМ;
- Се зеде учество во работата на Комисијата за оценување на стручната способност на приправник, со проверка и оценување на стручната способност преку полагање на

приправнички испит, а следствено на тоа е изготвен Записник за оценување на стручната способност за самостојно извршување на работите на работното место;

- Изработени се извештаи за работењето на организациониот дел – План и анализа по квартали и на годишно ниво;
- Извршување на останати работни задачи согласно работните обврски;

# ОДНОСИ СО ЈАВНОТ

Меѓу најзначајните активности во периодот јануари- март се:

- Потпишување договори со "Енергоинвест" од Република Босна и Херцеговина и со "Кончар" од Република Хрватска за изведба на двата најголеми капитални проекти за енергетско поврзување меѓу нашата земја и соседна Албанија ( изградба на 400 kV далекувод ТС Битола 2 – ТС Елбасан и 400/ 110 kV трафостаница "Охрид" ) вредни 35 милиони евра, со поддршка на ЕБОР.
  - www.mepso.com.mk/Vesti.aspx?itemVID=658
  - www.slobodenpecat.mk/mepso-potpisha-dogovori-za-izgradba-na-dalekuvodot-bitola-elbasan-i-ts-ohrid/
- Активностите што без превземени околу штетата што врз фасадата на зградата на АД МЕПСО ја предизвика силниот ветер во Февруари. Откорнатиот стиропор уништи неколку службени возила, откорнати беа десетина клима уреди а поради нарушена безбедност на делови од зградата на Дирекцијата, вработените беа информирани дека се ограничува движењето околу објектот.
  - www.mepso.com.mk/Vesti.aspx?itemVID=668
  - a1on.mk/macedonia/video-shukleva-naletot-na-vetrot-pokazha-kolku-bezbeden-mozhe-da-bide-proektot-skopje-2014/
- Со појава на коронавирусот во нашата земја, информиравме за подготвеноста на компанијата да ги следи и применува сите препораки, мерки и упатства за превенција од вирусот што ги издава Владата, и мерките кои МЕПСО ги презема за оптимизација на човечките и материјалните ресурси за одржување доверлива и стабилна работа на електроенергетксиот систем. Креиравме портал KOVID 19 на Интранет на кој секојдневно се ажурираат сите одлуки што ги носи Владата а кои се однесуваат на заштита од болеста на сите граѓани и на начинот на организирање на работатат во компаниите. Отпечативме флаери со препораки за одржување лична хигиена и ги поставивме на сите огласни табли во Дирекцијата а исти такви се дистрибуирани во ТС низ државата.Во насока на спроведување на мерките за превенција формирана е работна група.
  Кои мерки се преземаат и дали состојбата со коронавирусот ќе влијае на начинот на работа на МЕПСО, беше предмет на интерес и на порталот "energetika.net".
  Во обид МЕПСО да се вклучи во глобалната акција која големите компании и светски брендови ја прават со цел да се зголеми јавната свест за потребата од социјално дистанцирање во услови на пандемија, беше направен предлог за симболична промена на корпоративното лого на компанијата, со раздвојување на трите линии што ја симболизираат мрежата на електрична енергија и беше поставен хаштаг #drzidistanca и уште еден со хаштаг #sedidoma
  - www.mepso.com.mk/Vesti.aspx?itemVID=674
- Го започнавме и проектот "Idea management" во насока на градење работна атмосфера со работници кои се мотовирани и сакаат гласно да ги кажат пречките со кои се соочуваат секојдневно извршувајки ги работните задачи. На интранет платформата на АД МЕПСО, поставивме апликација на која вработените можат да се логираат и преку одговори на прашања да дадат идеи и сугестии како да се решат т.н. слаби точки во работењето во насока на подобрување и поедноставување на постапките, зголемување на продуктивноста, укинување на процедури итн.Поради тоа што добар дел од вработените не се регистрирани во мепсо групата, прашалници доставивме до вработените во ТС низ

земјава и лично им ја објаснивме целта на проектот. Поради состојбата со корона вирусот, времетраењето на проектот е продолжено.

Со цел директно информирање на колективот особено на колеги кои немаат службени мејл адреси во неколку дена организиравме патувања и ги посетивме сите 14 трансформаторски станици и во регионалниот центар „Охрид" каде на членовите на посадите и вработени им го презентиравме „Идеа менаџмент" и поделивме анкетни листови во хартиена форма со прашањата кои се достапни и на интранет платформата.

Во тек е подготовка на уште еден проект т.н Фидбек и ориентација но динамиката за негова реализација ќе зависи од состојбата со крона вирусот.

- Во овој квартал ја информиравме јавноста за работната средба на раководствата на АД МЕПСО и на грчкиот електропреносен систем оператор IPTO на која тимовите разменија искуства и информации од оперативното работење и регионалната соработка.
  - www.mepso.com.mk/Vesti.aspx?itemVID=647
- Во ова тромесечие информиравме за почетокот на модернизацијата на високонапонска опрема во ТС "Скопје 4", стара над 40 години. За значењето на проектот, тежок 4,9 милиони евра, покрај ГД Шуклева, говореше и министерот за транспорт Сугаревски
  - www.mepso.com.mk/Vesti.aspx?itemVID=646
  - www.slobodenpecat.mk/mepso-ke-se-modernizira-najznachajnata-trafostanicza-za-snabduvane-na-skopje/
- На крајот на јануари, информиравме за одржување на јавна расправа организирана од страна на РКЕ, на која беше презентиран нацрт предлогот на мрежните правила за пренос на електрична енергија, со кои се утврдуваат одговорностите што ги имаат МЕПСО, големите потрошувачи, и операторите на електродистрибутивните системи.
  - https://www.mepso.com.mk/Vesti.aspx?itemVID=651
  - opserver.mk/biznis/novi-mrezhni-pravila-za-prenos-na-elektrichna-energija-usoglaseni-so-evropskata-regulativa/
- Како општествено одговорна компанија, ја информиравме јавноста за поддршката што АД МЕПСО ја даде за одржување на 57-от Мавровски меморијал- меѓународен куп по нордиско скијање.
  - www.mepso.com.mk/Vesti.aspx?itemVID=666

- Детската градинката "Кочо Рацин" објект Панорама- Водно, почна да користи нов еколошки систем за греење и ладење, преку користење на 33 инвертер клима уреди, за чија набавка и инсталација, АД МЕПСО донираше 30.000 евра.

www.mepso.com.mk/Vesti.aspx?itemVID=655
24info.mk/градинката-панорама-водно-почна-да-го/

- АД МЕПСО донираше 1 милион денари за ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство "Мајка Тереза" во Чаир.Со донираните средства се набавени нови апарати и опрема потребни за грижа и нега на новороденчињата
  - www.mepso.com.mk/Vesti.aspx?itemVID=656
- МЕПСО беше домаќин на педестина ученици од ОУ "Браќа Миладиновци" од Скопје.Тие го посетија Националниот диспечерски центар каде им беа одржани презентации за значењето и надлежностите на АД МЕПСО во националниот електроенергетски систем.
  - www.mepso.com.mk/Vesti.aspx?itemVID=669
- Во овој квартал целосно е завршен проектот за јакнење на корпоративниот имиџ на компанијата преку печатење и поставување на фотографии од работата на МЕПСО во канцелариите, ходниците и во ТС низ земјава како и печатење на визит карти.
- Навремено е одговорено на прашања поставени од страна на новинарите а кои меѓу другото се однесуваа на одлуки на ДКСК за непотизам при вработување, за причини за прекин на струја во регионот на Пробиштип, потоа за сите инвестиции спроведени во последните 6 месеци, за проценетата штета на фасадата на Дирекцијата од силниот ветер , како ќе се поправи фасадата и прашања поврзани со безбедност од пожар.
- Невладината Центар за управување со промени бараше и доби податоци за структурата и организацијата на вработените во МЕПСО.Канцеларијата на Народниот правобранител

бараше и доби податоци за правичната застапеност на вработените, а ДКСК ги ажурираше податоците за службените возила.

- Согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер добивме Барање со кое се бараше анализа за подготвеноста на мрежата по доделување на 10 милиони евра од Владата за набавка на инвертер клими, по што анализата беше доставена до барателот.
- Федерацијата на планинари бараше да се продолжи договорот за закуп на простор во Планинарскиот дом на врвот на Водно за монтирана опрема за радио пренос. По анализи направена од страна на ИТ секторот, заклучено е дека таа опрема долго време не е во употреба и затоа ќе се демонтира а договорот нема да се продолжи.
- За првпат во компанијата беше организиран т.н "Family day". Дел од вработените ја поддржаа идејата нивните деца да поминат дел од работниот ден со својот родител, да видат каде и што тој работи во МЕПСО. Децата го посетија НДЦ, се запознаа со ГД Ева Шуклева, а потоа се дружеа со родителите преку цртање на своите впечатоци од престојот во МЕПСО.
- Во овој период на каналите за комуникација на Facebook , Linkedin и на веб страницата на МЕПСО , во рамки на нашите активности за транспарентно работење, беа пласирани вкупно повеќе од 120 текстуални информации, фотографии од активности, формати со податоци и документи од доменот на севкупното работење на МЕПСО.
- Меѓу најзначајните активности во периодот април-јуни се работните посети на трафостаниците низ земјава каде привршуваат или се во тек проектите за реконструкција и модернизација.
- Во ова тримесечје беше направена работна посета на завршни активности пред пробно пуштање на 110 кV делница Штип- Неокази, од страна на генералната директорка на СД МЕПСО Ева Шуклева, претседателот на Владата Оливер Спасовски и Министерот за транспорт Горан Сугаревски.
  - https://www.mepso.com.mk/Vesti.aspx?itemVID=677
  - https://mtm.mk/makedonija/60257-sugareski-i-spasovski-na-uvid-za-dalnovodot-shtip-probishtip
  - https://iportal.mk/makedonija/video-spasovski-ja-obnovivme-moderniziravme-infrastrukturnata-elektroenergetska-distributivna-mrezha-za-pogolem-ekonomski-potencijal-podobra-biznis-klima/
- Работна посета беше направена и на 110 кV трафостаница Валандово каде по 38 години се поставува нова високо напонска опрема. Заедно со директорката Шуклева, во посета и увид во завршните инвестициски активности за модернизација на преносната мрежа, беа заменичката на Претседателот на Владата Мила Царовска и градоначалникот на Валандово Перо Костадинов;
  - https://www.mepso.com.mk/Vesti.aspx?itemVID=683
  - https://plusinfo.mk/mepso-a-zavrshuva-rekonstrukci-ata-na-trafostanicata-vo-valandovo/
  - https://a1on.mk/economy/carovska-shukleva-i-kostadinov-investirame-vo-obnova-i-modernizacija-na-prenosnata-energetska-mrezha/
- Кварталот го завршивме со работната посета на 110 кV ТС " Битола 2". Генералната директорка Шуклева заедно со вицепремиерката Радмила Шекеринска и градоначалничката на Битола Наташа Петровска направија увид во градежните работи за реконструкција на оваа постројка каде по 38 години се заменува старата со нова високонапонска опрема.
  - https://www.mepso.com.mk/Vesti.aspx?itemVID=688
  - https://tera.mk/shekerinska-napravi-uvid-vo-rekonstrukczijata-na-trafostaniczata-bitola-2/
  - https://opserver.mk/biznis/shekerinska-na-uvid-vo-gradezhnite-raboti-za-rekonstrukcija-na-ts-bitola-2/
- Од посетите на трафостаниците беше или во тек е подготовка на промотивен видео материјал кој со соодветен текст се емитува на екраните поставени на приземјето во Дирекцијата.

- Во овој период беа направени посети од тимот на АД МЕПСО одговорен за односи со јавност и општествена одговорност ( Никола Стојанов, Виолета З. Стојановска и Горан Симоноски) за ТС осломеј, ХЕЦ врутoк и ХЕЦ Тиквеш.
- Во состојба во која начинот на живот и работа го диктира корона вирусот, продолживме да ги информираме вработените за подготвеноста на компанијата да ги следи и применува сите препораки, мерки и упатства за превенција од вирусот што ги издава Владата, и мерките кои МЕПСО ги презема за оптимизација на човечките и материјалните ресурси за одржување доверлива и стабилна работа на електроенергетксиот систем. На порталот KOVID 19 што го креиравме на Интранет, секојдневно ги ажурираме одлуките што ги носи Владата а кои се однесуваат на заштита од болеста на сите граѓани и на начинот на организирање на работатат во компаниите. Преку мепсо групата ги информираме вработените за сите донесени Протоколи за работа со препораки за одржување лична хигиена.Согласно Протоколот за превентивни мерки за сите работни места, на влез во Дирекцијата се мери телесната температура на секој вработен а во време на полициският час кој важеше во вонредна состојба, колегите кои работат на санирање на дефекти или рабпотат во смени, добија дозволи за движење до и од работното место.
- По неколку неделното пролонгирање на рокот за проектот ИДЕА Менаџмент ( заврши на 31 мај) поради состојбата со корона вирусот и не можноста вработените да ги даваат своите идеи на интранет платформата, направивме анализа на сите пристигнати предлози.По кусата презентација пред чефот на кабинет, договорена е динамиката на реализација на дел од предлозитео извршувајки ги работните задачи.
- Во овој квартал ги објавивме и податоците за Отчетност за трошења на УО за второто полугодие од 2019 год.
- Согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер добивме две барања за СПИЈК на кои е одговорено позитивно и во целост во законски дадениот рок.
- Во овој период на профилите на АД МЕПСО на социјалните мрежи за комуникација Facebook , Linkedin се објавени 30 промотивни содржини со фотографии од тековни проекти за реконструкција на преносната мрежа. На веб страницата на МЕПСО , во рамки на нашите активности за транспарентно работење, беа пласирани вкупно повеќе од 180 објави на текстуални информации, фотографии од активности, формати со податоци и документи од доменот на севкупното работење на МЕПСО.
- Меѓу најзначајните активности во периодот јули-септември се работните посети на трафостаниците низ земјава каде се завршени или привршуваат проектите за реконструкција и модернизација.
- Во ова тримесечје беше направена работна посета на  на трансформаторската станица "Скопје 4" каде се извршуваат активности за реконструкција на трафостаницата, од страна на генералната директорка Ева Шуклева, замееничката на претседателот на Владата задолжена за економски прашања Мила Царовска и директорот на ЕБРД Анди Аранитаси.
    - https://www.mepso.com.mk/Vesti.aspx?itemVID=691
- Работна посета пред пуштање во употреба беше направена и на трафостаницата "Дуброво". На средба со вработените во трафостаницата и изведувачот на проектот, заедно со директорката Шуклева, во посета и увид во завршните работи беа дел од директорите од Управниот одбор на АД МЕПСО
    - https://www.mepso.com.mk/Vesti.aspx?itemVID=695
- Во овој период беа направени посети од тимот на АД МЕПСО одговорен за односи со јавност и општествена одговорност ( Никола Стојанов, Виолета З. Стојановска и Горан Симоноски) на неколку трафостаници во преносната мрежа  со цел запознавање со фактичката состојба и превземање мерки за подобрување на условите за работа.
- Во јули и август традиоционално шеста година по ред беше емитуван едукативниот видео спот за подигање на јавната свест со особен акцент на земјоделската популација во земјоделските региони: Пелагонија, Полог, Тиквеш и Овче Поле. При тоа, едукативниот спот во период од еден месец бесплатно, на наша молба, го емитуваа Тв Тера од Битола, Тв Свет од Свети Николе, Тв Менада од Тетово, ТВК од Кавадарци, ТВ Протел од Пробиштип и националниот радиодифузен сервис МТВ 1 (во траење од 60 дена од почеток

на јули до крај на август). Оваа акција беше спроведена по барање на Одделот за далекуводи откако беа утврдени прекини во снабдувањето со електрична енергија во прилепскиот регион каде беше ставен особен акцент на подигање на јавната свест со гостувања на две радио станици и со текстови на портали за локално информирање.

- Во овој квартал редовно и навремено информиравме за реализацијата на тековни проекти за реконструкција на трафостаници преку фан страницата на АД МЕПСО на социјалните мрежи „Фејсбук" и „Линкдин". При тоа во овој период продуциравме повеќе од 30 објави на „Фејсбук" и на „Линкдин".
- Во состојба во која начинот на живот и работа го диктира корона вирусот, продолживме да ги информираме вработените за подготвеноста на компанијата да ги следи и применува сите препораки, мерки и упатства за превенција од вирусот што ги издава Владата, и мерките што МЕПСО ги презема за оптимизација на човечките и материјалните ресурси за одржување доверлива и стабилна работа на електроенергетксиот систем. На порталот KOVID 19 што е креиран на Интранет, ги ажурираме одлуките што ги носи Владата, а кои се однесуваат на заштита од болеста на сите граѓани и на начинот на организирање на работатат во компаниите. Корона кризата налага постојани контакти со надлежните институции како на пр. со Агенцијата за храна и ветеринарство, Државниот инспекторат,.. а се во врска со начинот на спроведување на предвидените мерки за заштита од КОВИД.
- Во овој квартал го објавивме Конкурсот за стипендирање на студенти од електроенергетските студиски програми на ФИНКИ ( заедно со ЕВН и ЕСМ) и огласите за доделување стипендии за студентите од Техничкиот факултет во Битола при универзитетот Св "Климент Охридски" и за студенти на универзитетот "Мајка Тереза"- Факултет за технички науки, Скопје.
- Во ова тримесечје информиравме за подготвителните активности што се вршат за изградба на трансформаторската станица кај Охрид. На телеконференциска видео врска ( поради состојбата со КОВИД 19), се одржа првичен состанок –kick-off meeting, меѓу работниот тим на АД МЕПСО и претставници на изведувачот Кончар КЕТ, консултантот на проектот и претставници на НИПАК и WBIF .
- По одлуката на РКЕ да изврши нагорна корекција на цената на електричната енергија и реакциите во јавноста, со цел објективно и целосно информирање на јавноста, АД МЕПСО даде информација во врска со преносната тарифа на компанијата.
- Во овој период ја почнавме и подготовката за учество на АД МЕПСО на конференцијата ЗЕМАК која се одржа на 01.10.2020 година
- Во овој период во рамки на редовното работење на веб страницата на АД МЕПСО се генерирани и објавени повеќе од 120 информации во различни формати.
- Постапено е во целост по две барања за информации од јавен карактер и одговорено е позитивно во законски рок.
- Меѓу најзначајните активности во периодот јули-септември се работните посети на трафостаниците низ земјава каде се завршени или привршуваат проектите за реконструкција и модернизација.
- Во ова тримесечје беше направена работна посета на на трансформаторската станица "Скопје 4" каде се извршуваат активности за реконструкција на трафостаницата, од страна на генералната директорка Ева Шуклева, замeничката на претседателот на Владата задолжена за економски прашања Мила Царовска и директорот на ЕБРД Анди Аранитаси.
    - https://www.mepso.com.mk/Vesti.aspx?itemVID=691
- Работна посета пред пуштање во употреба беше направена и на трафостаницата "Дуброво". На средба со вработените во трафостаницата и изведувачот на проектот, заедно со директорката Шуклева, во посета и увид во завршните работи беа дел од директорите од Управниот одбор на АД МЕПСО
    - https://www.mepso.com.mk/Vesti.aspx?itemVID=695
- Во овој период беа направени посети од тимот на АД МЕПСО одговорен за односи со јавност и општествена одговорност ( Никола Стојанов, Виолета З. Стојановска и Горан

Симоноски) на неколку трафостаници во преносната мрежа со цел запознавање со фактичката состојба и превземање мерки за подобрување на условите за работа.

- Во јули и август традиоционално шеста година по ред беше емитуван едукативниот видео спот за подигање на јавната свест со особен акцент на земјоделската популација во земјоделските региони: Пелагонија, Полог, Тиквеш и Овче Поле. При тоа, едукативниот спот во период од еден месец бесплатно, на наша молба, го емитуваа Тв Тера од Битола, Тв Свет од Свети Николе, Тв Менада од Тетово, ТВК од Кавадарци, ТВ Протел од Пробиштип и националниот радиодифузен сервис МТВ 1 (во траење од 60 дена од почеток на јули до крај на август). Оваа акција беше спроведена по барање на Одделот за далекуводи откако беа утврдени прекини во снабдувањето со електрична енергија во прилепскиот регион каде беше ставен особен акцент на подигање на јавната свест со гостувања на две радио станици и со текстови на портали за локално информирање.
- Во овој квартал редовно и навремено информиравме за реализацијата на тековни проекти за реконструкција на трафостаници преку фан страницата на АД МЕПСО на социјалните мрежи „Фејсбук" и „Линкдин". При тоа во овој период продуцираме повеќе од 30 објави на „Фејсбук" и на „Линкдин".
